К III 404

Владо Картов

# КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

- докторска дисертација -

Скопје 1973

# С О Д Р Ж И Н А

КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

страна

ПРЕДГОВОР ........................... 1

КРАТОК ОСВРТ НА КОРИСТЕНИТЕ ИЗВОРНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЛИТЕРАТУРА ........................... 5

Г Л А В А I

ВООПШТО ЗА ЦЕЛИТЕ, УЛОГАТА И СРЕДСТВАТА НА ПОЛИТИКАТА НА КРАЛСТВОТО СХС, ОДНОСНО ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ПЕРИОДОТ 1919-1941 ГОДИНА ........................... 9

1. Санкционирање на поделбата на Македонија помеѓу соседните држави и економските последици од тоа .......... 9

2. За целите и улогата на економската политика на кралството Југославија спрема македонскиот народ ............... 13

3. Политиката на национално-политичко обесправување и потчинување на македонскиот народ ........................ 17

Фусноти за глава I ........................ 22

Г Л А В А II

СПЕЦИФИЧНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА КРАЛСТВОТО СХС ОДНОСНО ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ... 24

1. Структурата на училишниот систем во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни ............... 24

2. Идејно-политичката улога на училиштата во Македонија ............................................ 31

3. Некои показатели во врска со положбата на училишните згради и бројната состојба на учениците ......................38

4. Политиката на поставување и разместување на наставниот кадар во "Јужна Србија" .................................. 50

5.Идејно-политичката улога на наставникот во наставниот процес со посебен осврт во изведувњето на наставата по таканаречените национална група предмети ................................ 67

6. Задачите на наставниот кадар во вонучилишната ~~дејност~~ дејност ................................................ 76

~~Фусноти~~ за глава II ..............................85

ГЛАВА III

МЕСТОТО И УЛОГАТА НА НАУЧНОКУЛТУРНИТЕ УСТАНОВИ И ЈАВНИОТ ПЕЧАТ ..................................................... 94

1. Оснивањето на Филозофскиот факултет и неговата идејно-политичка улога ................................... 94

2. Улогата и задачите на Скопското научно друштво во "научното" истражување и проучување на историјата, етнографијата и географијата на "Јужна Србија" ..................108

3. За улогата и задачите на другите научно-културни установи во "Јужна Србија" ..................................118

4. Оснивање и дејноста на народните универзитети .... 120

5. Улогата на јавниот печат и ~~другиот вид~~ легално-публицистичка дејност ...................................124

~~Фусноти~~ за глава III ...........................140

XXII

Г Л А ВА IV

СПЕЦИФИЧНОСТИТЕ НА КУЛТУРНОПРОСВЕТНИТЕ, "НАЦИОНАЛНО-ПАТРИОТСКИТЕ" И "НАЦИОНАЛНОВИТЕШКИТЕ" ДРУШТВА ,ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ 150

1. Задачите на друштвото Свети Сава на планот на општата денационализаторска политика спрема македонскиот народ .... 150

2.Улогата и задачите на женските културно-просветни друштва ....................................................159

3. За дејноста на другите културно-просветни друштва и установи ................................................168

4. Културно-просветната пропагандна дејност на "националновитешките"и "национално-патриотските" организации и друштва во "Јужна Србија" ......................................178

Белешки за глава IV ..............................193

Г Л А В А V

"НАЦИОНАЛНО-ПРОСВЕТНАТА" ПОЛИТИКА НА СРПСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ..........................200

1. Воспоставување на"канонската" јурисдикција на Српската православна црква над епархиите во Вардараска Македонија ...200

2. "Национално-патриотската " улога на Српската православна црква во Македонија ......................................206

3. "Културно-просветната " улога на Српската православна црква спрема македонскиот народ ..............................224

Белешки за глава V ..............................233

З А К Л У Ч О Ц И ..............................239

Регистер на користените архивски материјали и литература . . . . . . . . . 262

# ПРЕДГОВОР

Македонската историографија се уште нема посветено некое поголемо внимание за покомплексно проучување на историјата на македонскиот народ во периодот мегу двете светски војни. За овој период досега не само што нех е публикуван некој потполн синтетичен труд, туку се уште нема ни некои позначајни парцијални проучувања. Вистина во нх последните десетина години се публикувани и некои парцијални статии и трудови, вклучувајки ја тука и третата книга на историјата на македонскиот народ што излезе во печат во 1969 година, но сето тоа се уште не преставува некоја потполна солидна основа за сеопфатно и целосно обработување на овој период од поблиското историско минато на македонскиот народ.

Општо познато е дека периодот мегу двете светски војни е вонредно значаен во историјата на македонскиот народ. Имено, и покрај поделеноста на македонскиот народ и на неговата земја помегу трите соседни држави, и покрај спроведувањет на нивната ситематска денационализаторска политика гарнирана со разновидни форми на полициски терор спрема сите појави и манифестации на македонската национална свест и воопшто македонската самобитност, сепак неможело да се уништи развојниот процес на македонската нација. Напротив, таа доживувала се позасилена афирмација како на национално-политички така и на национално културен план. Тоа особено дошло до израз во годините непосредно пред Втората светска војна кога како хегемон на борбата на македонскиот народ за неговото национално и со-

цијално ослободување се издигнува работничката класа.

Спрема тоа, моето определување за обработување на темата "КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ПЕРИОДОТ МЕГУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ" како докторска дисертација е мотивирано пред се поради фактот што овој период од поблиската историја на македонскиот народ се уште не е доволно обработена. Вистина во овој труд ке станува збор пред се за оние фактори и сили на предвоена Југославија кои всушност настојувале со својата прокламирана и спроведувана политика да го уништат развојниот процес на македонскиот нација, но сепак сметаме дека истиот ке преставува еден вид прилог и основа за едно сеопфатно и сестранно обработување на историјата на македонскиот народ во периодот мегу двете светски војни. Исто така сметаме дека трудот ке преставува и извесна методолошка основа за посеопфатно и потемелно проучување на пооделни проблеми и прашања од областа на просветно-културната проблематика и културно-просветните прилики воопшто кај македонскиот народ во споменатиот период.

Предмет на споменатава докторска дисертација е само еден сегмент од општата политика на кралството Југославија спрема македонскиот народ т.е. само нејзината културно-просветна политика спрема македонскиот народ во периодот мегу двете светски војни. Притоа треба да го истакнеме фактот, дека културно-просветната политика на кралството СХС односно Југославија спрема македонскиот народ нема да ја обработуваме во севкупност туку посебно ке се задржуваме на нејзините специфични особености т.е. посебно ке се задржуваме на она

со што таа политика се специфично одликува . Ваквото мое определување е последица на сознанието до кој дојдов за време на истражувањето и обработувањето на материјалот. Имено, специфичните особености со кои се одликува оваа политика не само што се присутни континуирано за време на целиот период мегу двете светски војни, како за времето до прогласувањето на диктатурата на кралот Александар, така и за време на диктатурата и режимот на намесништвото туку се манифестираат како доста многубројни и разновидни. Поради тоа ако би се обработувала спомената тема во нејзината сеопфатност би требало трудот да биде доста долг и гломазен. Но тоа , пак, не значи дека специфичностите на таа политика спрема македонскиот народ при обработувањето ке ги издвојуваме од контекстот на нејзините општи цели и улога. Напротив, ние ке настојуваме истите поопширно да ги обработуваме но откако претходно накратко ке ги констатираме општите карактеристични белези на таа политика воопшто за целото подрачје на Југославија.

Материјалот што го обработуваме во докторската дисертација е поделен во пет глави.

Во првата глава се задржуваме накратко за целите , методите и средствата на општата политика на Југославија спрема македонскиот народ во периодот мегу двете светски војни. Таа всушност преставува еден вид увод во материјалот. Во неа се обработуваат следните прашања: 1. Санкционирање на поделбата на Македонија помегу соседните држави; 2. За целите и средствата на економската политика на кралството Југославија спрема Македонија и 3. Политиката на национално-политичко обеспр авување и потчинување на македонскиот народ.

Втората глава носи наслов: "Целите и улогата на просветната политика на кралството Југославија спрема македонскиот народ" е поделена на 6 помали целини. Во првата, накратко се задржуваме на прашањето за воспоставување и развој на училишниот систем во Вардарскиот дел на Македонија, а во втората ја анализираме општата цел и улогата на основните и средните училишта спрема македонскиот народ. Во следната, третата целина, го обработуваме проблемот на поставување и разместувањето на наставниот кадар, а во четвртата се задржуваме на идејно-политичката улога на наставникот во наставниот процес. Петтата целина е посветена на задачите на наставниот кадар во вонучилишната дејност, а во последната, шестата, се задржуваме на некои показатели во врска со изградбата на училиштата и на бројот на учениците во основните и средните училишта.

Предмет на третата глава се научно-културните установи и јавниот печат. Најпрво се задржуваме на улогата и задачите на Филозовскиот факултет а потоа и на другите научно-културни установи - Скопското научно друштво, Историскиот музеј и Етнолошкото друштво. На крајот од оваа глава зборуваме за улогата на јавниот печат и другиот вид публицистичка дејност

Во четвртата глава се зборува за улогата и задачите на културно-просветните, "национално-патриотските" и национално-витешките" друштва и организации.

Петтата глава е последна и носи наслов "Културно-просветната политика на српската православна црква спрема македонскиот народ".

На крајот од трудот даваме заклучоци за најкарактеристичните општи белези на културно-просветната политика на Југославија спрема македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни.

5.

## КРАТОК ОСВРТ НА КОРИСТЕНАТА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРНИ МАТЕРИЈАЛИ

За проблематиката што е предмет на третирање на нашиов труд постојат доста архивски изворни материјали. Иако далеку поголемиот дел од нив воопшто не се публикувани, ние успеавме да ги користеме скоро во потполност. Нивното непубликување е и последица на фактот што оваа материја не е досега воопшто обработувана.

Најбогат архивски изворен материјал се наога во Архивот на Југославија во Белград и Архивот на Македонија во Скопје.

Во Архивот на Југославија користев многубројни и разновидни документи - одлуки и циркуларни писма на оние органи на државната власт во стара Југославија кои директно или индиректно учествувале во креирањето и спроведувањето на културно-просветната политика спрема македонскиот народ. Како органи кои зеле директно учество биле: Министерскиот совет, Министерството на просветата, Главниот просветен совет и Министерството на верата, а како органи кои имале индиректно влијание на тој план биле: Министерството на внатрешните работи и Министерството на војската и морнарицата.

Во оваа архивска установа односно во фондот на Министерството на просветата на кралството Југославија, особено во неговата поверлива архива, се наогат и многубројни писма и извештаи на пониските органи на просветната власт на стара Југославија во Македонија - просветните инспекторати на Скопската, Битолската и Штипската /Брегалничката/ област, околиските училишни надзорници и на началниците

на отсеците при просветните одделенија на банската управа при Вардарската бановина. Истотака во Архивот на Југославија консултиравме и доста извештаи на околиските началства и на обласните жупани, а покасно на банската управа.

Доста значаен архивски материјал се наога и во фондот на Министерството на верата при истата архивска институција. Нам повеке ни користеа извештаите на епископите до споменатото министерство, како и актите на министрите на верата и на Архиерискиот синод на Српската православна црква.

Многу архивски материјали користевме и во Архивот на Македонија. Тие се главно сконцентрирни во фондовите на Филозофскиот факултет во Скопје и Скопското научно друштво, како и во разни збирки на пооделни училишта, културно-просветни друштва, "национално-патриотски" и национално-витешки" организации што биле оснивани и работеле во периодот мегу двете светски војни во Македонија во составот на кралството СХС односно Југославија. Дел од овие збирки се наогат и во архивските установи на пооделни градови во внатрешноста на Социјалистичка Република Македонија - Т. Велес, Штип, Битола, Прилеп, Гевгелија и други места. Но притоа терба да го спомнеме и фактот дека тие збирки на документација не се целосни бидејки голем дел од архивските материјали се уништени или во текот на Втората светска војна, како последица на бомбардирањата или пак од страна на бугарската окупаторска власт. Нема сомнение дека уништувањето на такви материјали продолжило и по ослободувањето од страна на лица кои немале смисла за нивното историско значење.

Извесни архивски материјали од споменатава проблематика се наоѓат и во Архивот на Србија. Тука ги користев фондовите на друштвата:"Свети Сава", "Књегиња Зорка", "Коло на српските сестри", "Кнегиња Љубица" и други.

За изработувањето на овој труд користеме изворни материјали што немаат архивски каректер. Тие главно се наогаат во Националната библиотека на Македонија во Скопје и во Народната и Универзитетската библиотека во Белград. Поголемиот дел од нив преставуваат публикации на редовни годишни и јубилејни извештаи. Тоа се пред се годишни извештаи на гимназиите и другите видови училишта кои особено редовно се публикувани по учебната 1929/30 година , потоа разни јубилејни извештаи и друг вид публикации по повод годишнините од основањето на разните културно-просветни и"национално-патриотски" и "национално-витешки" друштва и организации. Во Националната библиотека на Македонија во Скопје користев и повеке основачки и основни акти /Правилата/ за работа на споменатите друштва и организации.

Значајно место при изработувањето на оваа докторска дисертација имаше и периодиката. Тоа се главно неколку јавни гласила - весници и списанија кои излегувале сам повремено.

Историграфската и другиот вид публицистичка литература за оваа проблематика е доста оскудна. Таа пред се е публикувана во периодот меѓу двете светски војни. Авторите на оваа литература стоеле главно на антимакедонски позиции односно ги поддржувале целите на официјалната политика која спрема македонскиот народ имала главно денационализаторски карактер.

Во повоениот период се уште не е публикувана литература за оваа проблематика освен што се наогаат некои кратки прилози во монографските трудови за пооделните градови и краеви на Социјалистичка Република Македонија кои во последните години се повеќе се публикуваат.

На крајот на трудот го поместуваме целосниот регистер на користените архивски фондови и консултирана периодика и литература.

# Г Л А В А   I

## ВООПШТО ЗА ЦЕЛИТЕ, УЛОГАТА И СРЕДСТВАТА НА ПОЛИТИКАТА НА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ОДНОСНО ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ПЕРИОДОТ 1919-1941 ГОДИНА

/како увод/

### 1. Санкционирање на поделбата на Македонија помеѓу соседните држави и економските последици од тоа

Со заклучувањето на Париските мировни договори во 1919 година била санкционирана поделбата на Македонија помеѓу соседните држави од 1913 година. Имено, според одредбите на Букурешкиот мировен договор /1913/ јужниот дел на Македонија го добила Грција. Тој зафакал пространство од 34.153 км$^2$ и подоцна е познат како Егејска Македонија. Кралството Југославија го добила средниот и северозападниот дел на Македонија со пространство од 25.774 км$^2$. Овој дел на Македонија познат е како Вардарска Македонија. На царството Бугарија и припаднал најмалиот, североисточниот крај на Македонија со пространство од 6.798 км$^2$, познат како Пиринска Македонија. Оваа поделба, како рековме порано , била санкционирана со Париските мировни договори со еден мал исклучок што градот Струмица со својата околина и била придодадена на кралството ~~Југославија~~ СХС

Споменатава поделба на Македонија била извршена без знање и согласност на македонскиот народ. Со тоа српската , бугарската и грчката монархија и буржоазија, потпомогнати на разни начини од големите сили, успеале да ги остварат делимично своите давнешни освојувачки претензии кои започнале да ги манифестираат уште во средината на XIX век а ги засилиле

особено во крајот на XIX и почетокот на XX век. Македонија , која во периодот од крајот на XIV век до 1912 година била во составот на Османската империја и преставувала единствена економско-географска, етнографска и во извесна смисла политичка целина, со поделбата во 1913 односно 1919 година била вештачки разбиена. Природните патишта и врски по долините на реките Вардар, Струма и Места како и на подрачјето на Битолско-Леринско-Воденскиот крај со воспоставувањето на вештачката гранична линија биле пресечени. Со тоа се создале услови да се појават доста тешки економски последици за населението во Македонија.

Вардарската долина, која заедно со Солун преставувала во извесна смисла еден посебен економски и географски регион во рамките на Македонија, била поделена помегу Грција и Југославија. Градовите Гевгелија, Неготино, Кавадарци, Велес, па дури и Скопје со своите подрачја биле принудени да ги прекинат сите трговски врски со најголемиот економски центар, хинтерландот на Македонија - Солун. Слична била положбата и со градовите во Западна Македонија. Охрид, Ресен, Прилеп и Крушево со својот економски и културен центар - Битола истотака биле принудени да ги прекинат трговските и другите врски со Солун. Градовите Лерин и Костур со своите околини подпаднале под грчка власт, а во периодот на турското владеење се развивале во тесни економски врски со Битола. Со воспоставувањето на границата тие врски биле прекинати. Територијата , пак, на Македонија, која подпаднала под бугарска власт и за време на турско-османското ропство била тесно поврзана со југоисточниот дел на Македонија /Беломориeто/ кој подпаднал под грчка власт, со воспоставувањето на границата помегу Бугарија и Грција била еден вид автархично затворена.

Воспоставувањето на државните граници на тлото на Македонија придонело да опаднат поедини стопански дејности. Најмногу секако настрадало сточарството. Имено, многуте стадо овци, што од планинските предели на Вардарска и Пиринска Македонија пред Балканските војни оделе на пасење во реоните на Егејска Македонија, со извршувањето на поделбата престанале да одат. Постојната фуражна храна не била доволна за одржување на постојниот сточарски фонд. Слична била положбата и со одгледувањето на тутунската култура.

Поедините градови на Македонија , како Битола, Гевгелија, Дојран и Петрич, со поделбата се најделе на самата граничната линија со што биле посебно оштетени на економски план. Овие градови го изгубиле поголемиот дел од својот атар, како и многубројни клиенти и консуматори.

Економскиот живот во сите делови на Македонија требало да се прекројува на нови начела. Градовите и нивните краеви од Пиринска Македонија требало да си створат економски односи и врски со Софија бидејки тие биле природно затворени спрема јужните краеви на Бугарија поради високите расклоненија на Пирин планина . Населението на Вардарска Македонија требало својата економска дејност да ја ориентира на север - спрема Србија, Хрватска и Словенија. Поради тоа, градовите на Јужна Македонија, а особено двата големи центри, Солун и Кавала, изгубиле голем дел од своите економски клиенти и консуматори.

Овој релативно доста долг процес на прилагодување кон новите економски центри не бил ниту едноставен ниту лек. Затоа не е ни чудно што стопанската дејност во сите градови на Македонија во периодот мегу двете светски војни, со мал исклучок на Солун и Скопје, се карактеризира со стопанско мртвило. Економскиот развиток бил одвај видлива појава. Индустријата воопшто не се развивала, додека занатите се наога-

ле на работ на пропаста поради конкуренцијата на индустриската стока.

Сето тоа силно се одразило на влошувањето на економската положба на населението во Македонија која и инаку била тешка поради воените разорувања на Македонија во периодот 1912-1918 година. Имено, балканските и Првата светска војна оставиле висрински пустош во Македонија. Пустошењето имало карактер на тешко надоместиви губитоци на народната економика. За време од 6 години низ Македонија настапувале, боравиле, се вракале и повторно настапувале разни освојувачки војски, кои позади себе ги оставувале сите зла карактеристични за секоја војна. Некои краеви /Гевгелиско-Дојранското подрачје, Битолскиот крај/ за целото тоа време биле воени средишта на непријателските војски. Градот Дојран бил потполно уништен а тешко настрадале Гевгелија, Струмица, Битола и други. Скоро сета постојна и онаа мала индустрија била упропастена. Поради мобилизација на работната сила и евакуацијата на населението земјата недоволно се обработувала. Сточниот фонд бил скоро потполно упропастен поради реквизицијата на стоката. Така например, во Вардарска Македонија, што се наогала во составот на кралството Србија од започнувањето на Првата светска војна на 28.VII. 1914 до 15.VII.1915 година во српската војска биле мобилизирани 58.798 луѓе а реквирирани 22.245 грла товарен и запрежен добиток и 2782 коли.[1/] Поголемиот дел од добитокот и колите не биле вратени на сопствениците.

## 2. За целите на економската политика на кралството Југославија спрема македонскиот народ

Тешката економска положба на македонскиот народ во која се наогал во периодот мегу двете светски војни, не било само последица на на извршената поделба на Македонија и разорното влијание на војните , туку и економската политика која ја применувале буржоаските власти на Југославија, Бугарија и Грција ~~ја применувале~~ спрема усвоениот дел од Македонија. Иако секоја од овие држави превзимала и применувала различни мерки и средства, сепак, нивната економска политика се карактеризира со исти битни елементи - економско ограбување и економско запоставување.

Политиката на економското ограбување се манифестирала низ различни форми, како при применувањето на мерките од општата економска политика, така и низ специфични мерки кои посебно се применувале во врска со политиката на цените и даночната политика.

Во Вардарска Македонија политиката на економското ограбување добило и доста драстични облици. Тоа најдобро се манифестирало низ континуираното пагање на цените на основните земјоделски култури во Македонија во текот на целиот период мегу двете светски војни. Тоа било последица како на општата законитост на капиталистичкиот механизам на цените, истотака и поради директното интервенција на државната власт. Имено, културата на тутунот била монополизиран производ од страна на државата уште во првите години после војната, а нешто покасно и афионот. Управата на државниот монопол при определување на цените не се раководила од вистинските расходи на производството

туку од потребите на државниот фиск. Пагањето на цените на тутунот се движело вака:

1923 год. - 1кгр. чинел 38,6 дин.
1933 год. - -"- 8,15 дин.
1938 год. - -"- 7,42 дин.[2/]

Пагањето на цените на основните земјоделскипроизводи, а особено во периодот по големата економска криза доведувало до поголемо задолжение и пауперизација на земјоделското население. Но до пауперизација доагало и кај занатчиското население. Македонското занаетчиство чии процес на пропагање започнало уште во крајот на XIX век, продолжил и после Првата светска војна. Занатството било во суштина деградирано со влегувањето на индустриските производи од северните краеви на новата држава, а самите занаетчии не можеле да се претворат во индустриски пролетаријат поради неразвивањето на индустријата во Македонија.

Економското ограбување на населението од страна на на буржоаската власт на Југославија се вршело и преку разновидните и многубројните обврски и корупцијата на чиновништвото. Обрските на населението се намножиле толку многу, како што пишува еден весник, што народот плакал помалку порез за време на турското ропство отколку што плакал за време на стара Југославија на име на такси за објави,пријави, жалби и слично.[3/] Корупцијата на чиновништвото се гледала по тоа што чиновниците и "преставничките органи" на власта се богателе врз основа на голема плачка на населението.[4/] Одземањето и подмитувањето биле редовна појава. Горге Крстик, еден од познатите државни чиновници за спроведувањето на колонизацијата на Македонија пишувал от-

ворено дека "чиновничките органи од општините на нагоре се корумпирани, па затоа со неоправдани казни, мито , уцена, кулук и тн. уште повеке го терителе и онака сиромашното население." Тој понатаму наведува и примери на тешка корупција на големите жупани и околиските началници.[5/]

Македонското население , а особено оноа во Источна Македонија, било економски ограбувано за време скоро на целиот период мегу двете светски војни поради принудно наметнатата обврска да издржува читави контигенти на војска, жандармерија и државни четници. Имено, во периодот 1922-1934 година, државата често пати ги испракала во Македонија споменатите единици со цел да ја очистат од комитските чети на "автономистичката" ВМРО кои во оваа време почестопати навлегувале во неа. Така во споменатиот период, во Македонија, на овој план биле ангажирани околу 35.000 души , а од 17.000 жандарми колку вкупно имала тогаш Југославија 12.000 биле во Македонија со цел "даодржуваат ред и мир".[6/] Според едни податоци се смета дека во периодот 1919-1934 година државата утрошила издатоци во висина од 1.264.165.931 динари, а тогашниот вкупен буџет на државата изнесувал околу 4.000 000.000 динари.[7/]

Не биле ретки случаевите на присилното изнудување на населението спомнатите контигенти на војската, жандарите и државните четници. Така например четниците на Илија Бирчанин и Коста Пеќанец под изговор дека сакаат да ги истребат бугарските комити во Валандовско, влегувале во населбите на тој крај и го присилиле населението да ги издржава.[8/] Такви примери имало уште доста многу. Во врска , пак, со тоа потребно е да се спомне и фактот дека таквите појави се правдале фор-

мално со чл. 4 од Законот за заштита на државата каде стои: "Во општините и околиите каде ке се испрати војска поради безбедноста на населението, тоа е должно од своите средства да ги храни војниците."9/

Политиката на стопанско запоставување на Македонија од страна на владеачките кругови на стара Југославија доагала до израз како спрема пооделни стопански гранки кои имале објективни услови за развој, така и при доделувањето на кредити на населението и пооделни македонски стопанственици.

Македонија, на целото свое подрачје, била позната по производство на тутун. Мегутоа, за целиот период мегу двете светски војни, во ниеден нејзин дел со кои владееле Бугарија, Југославија и Грција не се развила индустријата на цигарите односно не се подигнала ни една фабрика за изработување на цигари. Вардарска Македонија произведувала вкупно 50% од вкупното производство на тутунот во стара Југославија 10/ и по принципот на економскиот рентабилитет би требало на нејзината територија во извесна смисла да се лоцирала и тутунската индустрија. Напротив, таа се лоцирала во други краеви на Југославија. Сличен бил примерот и со текстилната индустрија на свилениот конец. Имено, градот Гевгелија со своето пошироко Гевгелуско-Валандовско подрачје бил центар на производството на свилени кожурци, а првиот свиларски објект е изграден во Војводина по Првата светска војна. Фабриката за точење на свилени чаури што била изградена во Гевгелија уште во крајот на XIX век била уништена за време на Балканските и Првата светска војна, не била обновена односно не била подигната нова се до 1940 година.

Владеачките кругови на Југославија не биле заинтересирани за инвестирање на државен и приватен капитал во стопанството на Македонија, поради тоа што интимно сметале дека таа не е нивна и затоа требала да служи како суровинска база. Така наприм мер во вкупно 103 индустриски претпријатија и работилници , колку постоеле во 1938 година во Вардарска Македонија било инвестирано 198.000 динара што преставувало само 1,62% од вкупно инвестираниот капитал во земјата.[11/] Во врска со ова ке наведеме уште два примера. Народната бака на Југославија во 1928 година поделила на поединци стопанственици од другите краеви на Југославија кредити во висина од по милјарда и половина до две милјарди динари, додека Вардарска Македонија добила вкупно само околу 60.000.000 динари. Слична кредитна политика водила и Аграрната банка на Југославија. Таа дала на поедини капиталисти во Југославија надвор од Македонија кредити во висина и до по 500.000.000 динари, а цела Вардарска Македонија добила се на се околу 73.000.000 дин.[12/]

И широкото македонско население било дискриминирано со инструментите на кредитната политика. Така наприме колонистичките семејства добивале кредити за подигнување на куки и средства за обработка на земјата а македонското население не. Колонистичките семејства биле ослободени од плакање на данокот до 10 години,а од општинските давачки до 5 години.[13/]

## 3. Политика на национално-политичко обесправување и потчинување на македонскиот народ

Национално-политичкото обесправување и потчинување на македонскиот народ најповеке доагало до израз во неговата дискриминација да може автантично да учествува во јавниот

општествено-политички живот. Впрочем и во сите три дела на Македонија, врз основа на постојните тогашни правни прописи, Македонците како Македонци не можеле:

1. да формираат свои автентични политички асоцијации;

2. да бидат бирани во преставничките органи на власта и

3. да учествуваат во органите на управата, војската, судството и полицијата.

Македонскиот нараод за сето време на постоењето на стара Југославија не само што не бил признаван туку бил и осомничен, и како таков секогаш исклучуван од легалниот политички живот. Сите политички мерки и акции на големосрпските буржоаски кругови биле насочени кон уништување на сите појави низ кои доагале до израз македонсаката национална мисла и свест. Така например, само во Охридскиот крај, поради тоа што некои луге јавно декларирале дека сакаат автономија на Македонија се тепани и затворени 73 лица.[14]

Истотака над македонскиот народ се применувани најразноврсни терористички акции, вклучувајки и убиства, со мотивација на борба против истребување на бугарските комити, а со знаење и содејство на највисоките воени органи на III армиска област[15], која ја опфакала главно Македонија и со помош на жандармериските и административните органи. Секое движење на лугето. Да би се одело од едно село во друго, требало да се добие дозвола и истото лице било должно да се јави во најблиската жандармериска станица, кои по 1922 година биле подигнати доста многу и не се смалиле се 1941 година.

За време на 6-јануарската диктатура /1929-1934/ политиката на национално-политичкото обесправување на

македонскиот народ ги добила своите крајни граници. Таа всушност постоела и покасно се до 1941 година иако во тие години политичкиот живот во Југославија , па и во Македонија добил нешто либерален карактер. Во овие години големосрпските владеачки кругови и во Македонија ја пропагирале паролата за единствена југословенска нација, за "интегрално југословенство". Но во суштина со промената на идеолошката парола не се изменил порано поставениот цел - денационализација на македонскиот народ, бидејќи низ најразноврсни мерки и акции најсурово и натаму се задушувала секоја манифестација на националната индивидуалност на македонскиот народ, односно грубо се негирало постоењето на македоската национална индивидуалност.

Големосрпската буржоазија, за цело време на стара Југославија, спроведувала организирано и континуирано колонизација на Вардарска Македонија со немакедонско население, галвно српско. Со тоа всушност се потврдувале ставовите на нејзините идеолози кои Македонија ја третирале како колевка на српството, да во неа треба да се доведе здрав српски националистички елемент со чија помошт постојниот режеим би си обезбедил поличка подршка.

Колонизацијата на Вардарска Македонија започнала веднаш по заклучувањето на Букурешкиот договор кога овој дел на Македонија бил доделен на кралството Србија. Мегутоа, правата колонизаторска политика во класична смисла на зборот, како првостепена политичка мерка и средство на големосрпскиот буржоаски монархистички режим, почнала после Првата светска војна кога божем започнале и напорите за спроведување на аграрната реформа. Всушност , со спроведувањето на аграрната политика започнал и

колонизаторскиот процес спрема Македонија. Имено, уште во февруари 1919 година владата на СХС донела акт "ПРетходни одредби за припрема на аграрната реформа " а покасно и други нормативни акти.~~16/~~

Прокламиранара аграрна реформа немала за цел да ги решава актуелните економски проблеми на македонскиот народ и другите народности што живееле во Македонија/Албанци,Турци/ туку да овозможи продирање на тугиот национални елемент во Македонија.Македонскиот селанец кој со векови ја обработувал земјата како беговска сопственост, очекувал со протерувањето на турско-османската власт да ја добие и да ја обработува како своја сопствена земја. Мегутоа, државата , иако во Вардарска Македонија немало вишок на земја за колонизација бидејки огромна маса на селско население не поседувал воопшто или пак сосема малку, премерила доста земја за колонизирање. Како субјекти на колонизацијата постанале главно оние ~~xxxx~~ категории на лица, кои пред се биле погодни за србизирање на Македонија. Така до 1.I.1935 година на територијата на Македонија покрај доселените 4.775 колонистички семејства од Србија, Црна Гора и Хрватска, добиле земја во Македонија и 309 доброволци, 104 четници, 107 жандари, 26 официри или вкупно на 5.321 семејство им било доделено 44. 817 ха, просечно на секое семејство по 8,3 ха. Месното македонско население /10.000 семејства/ кои воопшто не поседувале или имале сосема малки земјишни парцели од 2-3 ха добило се на се 25.901 ха, просечно на едно семејство по околу 2,5 хаа. И не само тоа. Споменатите привелигирани категории на семејства добиле исто така и поплодни земјишта ~~xxxxx~~ од македонското население.17/

.

. .

Со физичкото заземање на Македонија од страна на трите соседни држави и со меѓународно-правното снкционирање на нејзината поделба, пред владеачките кругови на кралството Југославија, Грција и Бугарија се поставило проблемот на"националното освојување" на македонскиот народ. Овој проблем бил присутен во целиот период меѓу двете светски војни и во сите три дела на Македонија бидејќи тие сметале дека ако успеат да го духовно интегрираат македонскиот народ со српската, грчката и бугарската нација би можело да се зборува и за мирен сон на нивниот насилно воспоставен политички режим.

Прокламирањето и спроведувањето на политиката на "национално освојување" на македонскиот народ впрочем не било ништо ново. Таа започнала да се спроведува од страна на младите и полетни буржоазии на Србија, Бугарија и Грција уште во средината на XIX век, а се засилила особено во крајот на XIX и почетокот на XX век. Но со санкционирањето на поделбата на Македонија во 1919 година споменатите буржоазии добиле далеку повеќе возможности и услови оваа политика уште позасилено и понепосредно да ја спроведуваат. Всушност, сите мерки и акции на владеачките кругови на стара Југославија што ги применувале спрема македонскиот народ на чисто политички план, вклучувајќи ја тука и колонизационната политика, за кои говоревме досега имале за цел да го извршат "националното освојување" на македонскиот народ. Посебно значајна улога на тој план требало да одигра културно-просветната п политика. Но подетално и пошироко за оваа улога на културно-просвената политика на кралството Југославија спрема македонскиот народ како и воопшто за нејзините други цели, методи и средства ќе стане збор во следните четири глави.

# ФУСНОТИ ЗА ГЛАВА I

ЗА ЦЕЛИТЕ ? УЛОГАТА И СРЕДСТВАТА НА ПОЛИТИКАТА НА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ? ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ОДНОСНО ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДО; НСКИОТ НАРОД ВО ПРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

1. А. Апостолов - Специфичната положба на македонскиот народ во кралството Југославија, Гласник на Институтот за национална историја /Гл.ИНИ/, Скопје, бр.1/1972 год., стр.41.
2. К. Миљоски- Преглед на стопанскиот развиток на Македонија и некои проблеми на нејзиниот развиток, Годишник на Економскиот факултет, Сопје, 1966, стр.7.
3. В. "Привредни гласник", Год III, бр.6/1921, стр.3.
4. Коментар дебате у Скупштини, в. "Политика", 5.IV.1923.
5. Ђ. Крстић - Колонизације у Јужној Србији, Сарајево,1928 стр. 24-28.
6. А. Апостолов - цит. статија, стр. 55.
7. Исто, стр.60.
8. Архив радничког покрета Југославије, Фонд - Коминтерна, секција - КПЈ, Док. 461-46/2/2.IV.1926 год.
9. Полициски зборник, Бгд., 1924год.
10. К. Миљоски - цит, статија, стр. 8.
11. Исто.
12, В. "Политика", 4.III.1928 год.
13. Картотека објеката на територији Врховног повереенства аграрне реформе у Скопљу, 1940, стр. 592, Архив на Македонија.
14. Акт бр.120/10.V и 7.VI 1919, Ф. III армиска област, Архив на Институтот за национална историја, Скопје.
15. Акт бр. 105/29.IV.1919 година, Ф. III армиска област, V/1, АИНИ, Скопје.
16. Поопширно за ова видите во книгата на д-р Александар Апостолов - Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Култура, Скопје, 1966 година.

17. Архив Југославије - Министарство за пољопривреду и шумарство, Фасцикла 554, Аграрна реформа кралевине Југославије, 27,28.

Освен тоа сè што сте напишале за [illegible] заедниците веќе го има во книгата на Д. [illegible]. Според тоа белешката 16 треба да ја поместите на местото на бр. 17.
Статистичките податоци што ги давате на стр. 20 не се однесуваат само на „Вард. М-ја", туку на цела „Јужна Србија".

# Г Л А В А II

## СПЕЦИФИЧНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА КРАЛСТВОТО СХС ОДНОСНО ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

### 1. Структурата на училишниот систем во Вардарска Македонија во периодот мегу двете светски војни

Веднаш по пробивањето на Солунскиот фронт и навлегувањето на српските војски во есента 1918 година, во Вардарска Македонија започнале и првите отганизирани акции на кралството Србија на културно- просветниот план. Имено, непосредно по тие настани српската влада му поставила непосредни задачи на нејзиното Министерство на просветата и црковните работи во врска со обезбедување на услови за отварање на училиштата. Уште во ноември 1918 година споменатото министерство на кралството Србија испратило свој делегат во Солун со задача да ја организира работата околу поставувањето на учители во стар Србија и Македонија.[1] Врз основа на наредба на ова министерство дека сите просветни работници кои останале во живот требало да стапат на работа пак во своите места каде учителствувале и пред заземањето на Македонија и Јужна Србија од страна на бугарската војска, започнало да се поднесуваат пријави за поставување на учители и професори во Македонија.[2] Така во крајот на 1918 годин биле отворени повеке училишта во Македонија, а со тоа всушност започнало да се обновува буржоаскиот училишен систем на кралство то Србија што во Вардарска Македонија ~~бил воспоставуван~~ исправен во теко

на учебните 193/14 и 1914/15 година.

Со обновувањето на спомenатиот училишен систем раководел Министерството на просветата и црковните работи на кралството Србија кој во почетокот на 1919 година бил преименуван во Министерство на просветата и верата, кога всушност поcтанал највисок управен орган во областа на просветата во новата централистичко устроена држава - кралството на Србите, Хрватите и Словенците . За да би можело оваа дејност побрзо и понепосредно да се реализира, во Вардарска Македонија , како впрочем и на целата територија на бившото кралство Србија повторно биле воспоставени просветни инспекторати. Но сега, наместо претходно постојните три, во 1919 година биле образувани два инспекторати Вардарски и Битолски.[3/] Нешто малку покасно, во 1924 година, биле формирани на територијата на Македонија во рамките на кралството Југославија три просветни инспекторати - Скопски, Битолски и Брегалнички.

Инспекторатите биле трансмисионни органи на Министерството на просветата и верата. Инспекторите биле поставувани со кралски указ, а по предлог на спомenатото министерство и во согласност на Главниот просветен совет.[4/] Тие биле чиновници со специјални овластувања и се јавувале како највисоки управни органи кои го спроведувале воспоставувањето односно обновувањето на училишниот систем на кралството Србија во Македонија. Под нивно непосредно раководство работеле околиските училишни надзорници чии територии на училишниот надзор главно се поклопувале со административните околии. Инаку, постапката за нивното поставување била слична со онаа на инспекторите.

Под иницијатива на инспекторите, а во непосредно ангажирање на околиските училишни инспектори и околиските началства, уште во крајот на 1918 година започнале да се отвараат четворогодишни основни училишта таканаречени народни училишта во повеке места во Македонија. Според едни статистички податоци на територијата на "Јужна Србија"+/ во учебната 1918/1919 година работеле 697 основни училишта, во учебната 1923/24 година - 1002 училишта, во учебната 1929/30 - 1148 и во учебната 1936/37 година - 1260.5/

Паралелно со напорите за отварањето на основните училишта, горе споменатите органи превзеле и мерки за отварање односно обновување на непотполните тоест нижите гимназии кои всушност одговарале на денешните виши одделенија на нашите основни осумгодишни училишта. Такви училшта, во учебната 1918/1919 година, се отворени во следните места: Гевгелија, Велес, Тетово, Охрид и Куманово. Во следната, 1919/1920 година, непотполни гимназии се отворени и во Струмица и Кавадарци. Покасно, во текот на 20-тите години се отворени и во Ресен, Дебар и Кичево.6/

Во периодот од создавањето на кралството СХС до учебната 1928/1929 година се отворени и работеле повеке потполни, осмокласовни, гимназии. Најпрво, во учебната 1918/19 година биле отворени гимназиите во Скопје и Битола. Во учебната 1925/26 година гимназијата во Скопје била поделена во две посебни гимназии - машка и женска. Во учебните, 1920/21 односно 1921/22 година неполните гимназии во Штип односно Велес се подигнуваат на степен на потполни, осумгодишни гимназии. Во следната 1922/23 година истото станува и со нижите

+ Во рамките на „Јужна Србија" влегувале територијата на Вардарска Македонија, Рашката [illegible] област, Косово и деловите на Јужна Србија северно од Скопската и Кумановската [illegible].
Поширoко за овој термин „Јужна Србија" видите во III глава на овој труд.

гимназии во Куманово, Прилеп и Охрид.

Кон крајот на 1918 година започнала со работа и Учителската школа во Скопје. Во текот на 1919 и првата половина од 1920 година наставата се изведувала во вид на тромесечни и шестомесечни курсеви. Во учебната 1920/21 година постанала трогодишна, а од 1924/1925 четворогодишна. Во 1922/23 година е отворен први клас на Учителската школа во Прилеп, која од учебната 1925/26 година постанува потполна четиригодишна школа.[7]

Во периодот од 1918/1919 до 1929/30 година од стручни училишта работеле две ниже трговски училишта /во Скопје и Битола / и две нижи земјоделски училишта /едно во Скопје односно Тетово. Битова, а дргото во Битола/. Во учебната 1925/26 година трговското училиште во Скопје прераснало во потполно средно училиште, четворогодишна трговска академија, а од 1928/29 година истото станало исобитолското.[8]

Во текот на 20-тите години во Македонија се отворени и работеле повеке женски занатски училиште, како нижи стручни /домакински и работнички/ училишта. Најголемиот дел од нив биле формирани под иницијатива и патронатство на друштвото - Коло на српските сестри,[9] а еден мал дел од женските друштва на Скопје, Охрид и Белград.[10] Овие училишта како и трговските до формирање на областите во 1924 година биле во надлежност на Министерството на индустријата и трговијата а до 1929 година под обласните жупании.

Училишната структура во Македонија претрпува значителна промена во негативна смисла на зборот од учебната 1929/30 година. Тогаш се укинати четирите нижи гимназии во Кава-

дарци, Кичево, Ресен и Струмица. Истотака затворена била и Учителската школа во Прилеп , а потполните гимназии во Прилеп,, Велес, Куманово, Охрид и Штип биле претворени во нижи гимназии. Така во Македонија извесно време останале само двете потполни гимназии во Скопје и гимназиите во Тетово и Битола. За причините на нивното укинување ке стане во тертата целина од оваа глава: "Некои показатели во врска со бројнта состојба на учениците и изградбата на училишните згради."

Во средината на 30-тите години укинатите потполни гимназии во Прилеп, Велес, Куманово, Охрид и Штип започнале повторно да се обновуаат но сега добиле статус на смоуправни гимназии. Како такви не биле финансирани од државниот буџет.

Во првата половина на 30-тите години во неколку места во Македонија биле отворени за прв пат граѓански училишта. Тоа биле еден вид нижи стручни училишта од затворен тип. Во меѓувремено поголемиот дел од нив, поради недостиг на стручен кадар биле укинати.

Во продолжение од оваа целина накратко ке се осврнеме за општопросветните цели на скоф од споменатите видови училишта во Македонија.

Основните училишта , како погоре спомнавме биле четворогодишни. Вистина, со Уставот од 1931 година била прокламирана умгодишна задолжителна обврска, но таа во Македонија, како впрочем скоро и во цела тогашна Југославија, не била практички реализирана. Во Македонија не била практички реализирана ни четворогодишната училишна обврска, но за тоа ке се задржиме пошироко малку подоцна.

Иако преку основното училиште, владеачките кругови на стара Југославија настојувале пред се да остварат одредени буржоаски политички тенденции кои во Македонија добиле

дури и специфични особености, сепак непобитен е и фактот дека тоа училиште овозможувало покрај развивање на усното и писменото изразување и запознавање со основите на на општите и трајните вредности и искуства на човештвото постигнати во обласТа на науката, техниката уметноста и физичката култура. Тоа можело да се постигне преку здобивање с со елементарните познавања за природата и општеството и преку запознавање со општите достигања на културата и уметничкото творештво воопшто.

Гимназиите преставувале таков вид училишни институции преку кои главно учениците се подготвувале за продолжување на школувањето на факултетите и за чиновници и службеници во управните органи и администрацијата во општините и околиите. Инаку, за запишување во гимназиите односно во први клас на нижите и потполните гимназии се полагало приемен испит.

Мрежата на стручните училишта во Македонија, како видовме порано, воопшто не била развиена. Учениците во нижите земјоделски училишта се оспособувале за извесно поинтензивно одгледување на постојните земјоделски култури и порационално негување на сточарското производство. Во нижите трговски и занатчиски училишта учениците се оквалификувале за водење на трговски и разни занатчиски дукани, додека, пак, ученичките во женските занатски училишта се оспособувале за водење на некои практички дејности во домакинството и посебно во негување на домашната радиност - народниот вез, шиење и слично.

Единствени потполни средно-стручни училишта во Македонија во составот на стара Југославија биле трговските академии во Скопје и Битола. Завршените ученици на овие училишта постанувале главно водачи на разни трговски дејности.

За сите видови училишта во Македонија, се до 1929 година, се применувале нормативните акти на Кралството Србија што биле донесувани уште пред балканските војни, со извесни дополнувања и ~~зменувања~~ измени што следувале потоа. За народните училишта бил правно валиден Законот од 1904 година со измените и дополнувањата,[11] а во сите видови средни училишта Законот од 1912 година со неговите измени и дополнувања.[12]

Во 1929 година, во рамките на позасилените акции на носителите на диктатурата за унифицирање на нормативната дејност во Југославија, биле донесени првите законски акти со важност на целото југословенско државно подрачје. Најпрво, во септември спомената година, биле донесени Законот за средните училишта[13] и Законот за Учителските школи,[14] а во декември и Законот за народните училишта.[15]

Најзначајна улога во донесувањето и во примената на училишните нормативни акти играло Министерството на просветата и верата кое по донесувањето на Видовденскиот устав се поделило во две посебни министерства министерство на просветата и министерство на верата. Но освен министерството на просветата, важна улога на овој план играле во прво време просветните инспекторати, а потоа и просветните одделенија при областите под непосредна контрола на големите обласни жупани, односно во 1929 година просветното одделение при банската управа.

## 2. Идејно-политичката улога на училиштата во Македонија

Секое буржоаско општество чинило и чини доста организирани напори и давало и дава значителни материјални жртви со цел младите поколенија да ги идејно ориентира во одреден правец. Идеолошката ориентација на младите ја спроведувала и спроведува низ најразновидни форми на културно-просветните активности, при што училиштата преставувале најефикасна и најцелисходна општествена институција. На овој план такви напори правело и буржоаското општество на стара Југославија. И во него училиштата преставувале најсилно средство за идеологизацијата на младината, во склад со интересите на владеачките кругови и од нив наметнатиот политички режим.

Од ова досега речено произлегува дека целта на воспитанието и содржините на образовните области во сите видови училишта во стара Југославија ги одредувале владеачките кругови спрема своите класни интереси. Бидејки владеачките кругови ја сочинувале кралската династија и големосрпската буржоазија во повремено сојузирање со извесни опортунистички кругови на хрватската и словеначката буржоазија, тогаш и идејно-политичката улога на училиштата била ориентирана кон остварување на хегемонијта на големосрпската буржоазија, тоест кон ликвидирање на националните посебности на народите на Југославија како би можела истите полесно да ги стави под своја власт.

За остварувањето на интересите на големосрпската буржоазија во областа на школството се грижело Министерството на просветата на кралската односно намесничката влада. Споменатото министерство, како највисок управно-извршен орган во областа на

просветата во тогашната централистичко устроена Југославија, било во рацете на големосрпските владечки кругови на чело со кралот односно намесништвото како впрочем била положбата и со сите министерства и кралските влади скоро во текот на целиот период меѓу двете светски војни. Според тоа, нема сомнение дека Министерството на просветата, во согласност со Главниот просветен совет на Југославија[164] ја креирало и спроведувало просветната политика на Кралството Југославија во периодот меѓу двете светски војни. Тоа доаѓало пред се до израз со донесувањето на наставните планови и програми за основните и средните училишта со кои се настојувало да се остваруваат општите цели на буржоаското воспитување. Исто така, овој орган со подготвувањето и донесувањето на законските и подзаконските акти, како и со водењето на политиката на поставување и разместување на просветните инспектори, началниците на просветните одделенија при областите односно бановината и наставничкиот кадар, преку училиштата во Македонија се настојувало да се остваруваат и специфични задачи на планот на ширењето на буржоаската идеологија меѓу младото поколение на македонскиот народ.

Училиштата во Македонија, покрај општопросветните цели што требало да ги постигнат, како и задачите што требало да ги постигнат на планот на ширењето на општите принципи на буржоаската идеологија, требало да одиграат и една од најзначајните улоги во општата денационализаторска политика спрема македонскиот народ. Имено, тие требало да станат најважни средишта и основно средство во денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ, тоест во неговото национално-културно отуѓување односно посрбување.

Денационализаторската улога на училиштата во Македонија се гледала, иако не била изрично потенцирана, во

тогашните применувани општи училишни нормативни акти. Така например во членот 1 од Законот за народните училишта стој дословно:"Задачите на народните училишта е да ги воспитуваат децата во народниот дух и да ги припремаат за граганскиот живот, а особено да ја шираат просветата и српската писменост."17/ Што значи ширење на српската писменост во Македонија? Сигурно ништо друго туку национално-културно отугување на македонскиот народ односно негово посрбување бидејки со тоа всушност се јавно забранувало негувањето на македонскиот литературен јазик што преставувал еден од белезите на македоска национална индивидуалност. И не само тоа. Со наметнувањето на српскиот јазик во училиштата во Македонија се создавале и услови за ширење на српската национална свест и чувство кај младото македонско поколение.

Оваа улога што требало да ја одигрува изучувањето на српскиот јазик во училиштата во Македонија била впрочем и јавно манифестирана во повеке програмски и друг вид статии на јавните гласила за време на целиот период мегу двете светски војни. Така например во 1926 година, тогашниот секретар на Филозофскиот факултет во Скопје а подоцна и негов професор, д-р Првош Сланкаменац пишувал во списанието "Матица српска" дека првата задача на училиштата во "Јужна Србија" била да го "шири и затврднува книжевниот јазик /читај:српскиот книжевен јазик, м.б./ во најшироките народни маси ... бидејки тоа прашање има како национално така и државно значење."18/

Денационализаторската улога на српските училишта во Македонија ја истакнувале и многу други лица. Ке наведеме само два примера. Публицистот А. Донковик, во една своја статија во списанието "Нова Европа",во 1928 година, истакнал дека просветната

дејност во Македонија преставувало најефикасно позитивно средство во смисла на зацврстувањето на српската националност без која како дословно вели:"нема ни права политичка свест, ниту длабоко чувство спрема државната заедница"[19] Учителот Антоније Мусаник, истакнат член на Радикалската партиска организација во Скопје во периодот 1925-1928 година, а покасно близок човек нашестојануарскиот режим, во една своја уводна статија во весникот "Наша стара Србија", во 1927 година најдецидно пишувал за "националнокултурната мисија" на училиштата во "Јужна Србија". "Нашето население во овие краеви бара училишта и учители кои ке предничат во националната политика, нивните деца да се воспитуваат во љубов спрема Кралот, нацијата и државата, на кои државните и националните интереси ке им бидат изнад се." Во продолжение го пишувал и ова: "Општата благосостојба на еден народ доага преку просветувањето на неговите села, преку просветување со потполни национални чувства"[20]

Накратко речено, идејно-политичката улога на училиштата во Македонија во периодот до 1929 година се сведувало на тоа да младите поколенија се воспитуваат во духот на "народното" единство, верноста и оданоста на Кралот и татковината. Училиштата требало уште од најраните години на децата да им ја всадуваат идејта за "троимен" народ. Всушност со тоа се настојувало да се оствари идејата на големосрпската буржоазија за создавање на единствена југословенска нација како би можела полесно да си ја обезбеди својата хегемонистичка власт.

Видовденскиот устав со своите членови 58,72 и 128 во суштина го санкционирал принципот на југословенскиот национален унитаризам иаако формално не го означил со неговото право име.[21] Но затоа , пак, овој принцип формално го озаконил

шестјануарскиот режим. Тоа нашло израз и во нормативните акти во просветата. Имено, во првиот член на Законот за народните училишта од 5.XII.1929 година во врска со задачите на училиштата стои дословно ова:

"Нашите училишта се државни установи со задача наставата и воспитувањето да ги изведуваат во духот на државното и народното единство и верска трпеливост, да ги подготвува учениците за морални. оддани и активни членови на државната заедница, како и да ја шири просветата во народот..."[22/]

Денационализаторската улога на основните училишта и гимназиите во Македонија била видливо изразена во многубројните документи од поверлива природа на разни управни, просветни и воени органи што непосредно дејствувале во Македонија и ги испракале до министерствата на просветата и внатрешните работи на тогашна Југославија. Тие, имено, поради тоа што во работата на својот делокруг се сретнувале со големи тешкотии околу нормализирањето на политичките прилики во "новите јужни краеви," биле меѓу првите кои укажувале на своите претпоставени органи, дека отварањето на на училиштата во Македонија и нивното нормал- работење треба да се изврши пред се поради улогата што требало тие да ја играат на планот на денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ.[23/]

Споменатите укажувања најдобро се изразени во редовните тромесечни извештаи за 1921 година на началниците на Брегалничкиот и Тиквешкиот округ до Министерството на внатрешните работи, кое со свое специјално писмо, делот што се однесува на просветните прилики во споменатите окрузи, ги препратил до Министерството на просветата на кралството СХС . Еве што покрај другото стој во извештајот на началникот на Брегалничкиот округ:

" Основната настава во округот дава многу добри резултатиxx , но се уште бројот на отворените училишта и учители е доста мал, особено во селата во кои е неопходна основна настава бидејки и државните и националните интереси бараат во овие краеви и училиштата и учителите да бидат што повеке за да би можело селската младина што повеке да биде воспитувана во национален дух...

Во осмокласната гимназија во Штип има само 2-3 професора Србина, додека сите останати професори се повекето избеглици Руси, кои не го знаат доволно српскиот јазик, па затоа од нивните предавања ја нема онаа национална корист, која би била да се наставниците само Срби, од чија уста би се слушал xxx чист српски говор, со кое би се природно и македонското наречие кај учениците искоренило. Поради тоа, овдека е сосема обично, учениците од вишите класови да не знаат и не зборуваат чисто српски, а веке по улиците сите зборуваат на македонски"[24/]

На овој план уште подецидеи, иако многу пократок е извештајот на тиквешкото окружно началство за второто тромесечие од 1921 година каде стој :"На училиштата мора да се посветува поголемо внимание и да се даваат материјални жртви бидејки овој народ може потполно да се национализира само со помош на училиштата. Поради тоа државата мора да ги спреми училиштата и да подготви станови за учителите."[25/]

Денационализаторската улога заземала предимно место и при отварањето и ширењето на училишната мрежа на нижите стручни училишта а особено при формирањето и делувањето на женските занатски училишта.

Таквата улога на последно споменатите училишта најексплицитно ја изразил инспекторот на битолската просветна област НИкола Ракик во едно свое писмо до Министерството на просветата , а во врска со организирањето и работењето на

женските занатски училишта. Во него, откако најпрво констатира дека женското население во Македонија било попогодно за привлекување во училиштата отколку машкото, пишува дека "Женските занатски училишта ќе бидат оние институции кои единствено ќе го прифатат младото женско поколение, преку кои ќе се создаде вонредно срекна прилика да може и успешно да се влијае на националниот препород на новите поколенија, како во поглед на чистотата на јазикот, така и во поглед на чистотата на националната свест и чувства"[26]

На крајот од писмото, а во врска со потребата од формирање и развиток на овие училишта ги предложил следните мерки:

" 1. Државата да влијае врз општината да отвара такви училишта и да предвидува ставки во своите училишта;
2. Во колку општините неможат да обезбедат средства за нивното работење, тогаш истото да го чини држават
3. Државата да го плака хонорарот на наставниците по националните и научните предмети, а целосно да ги плака наставниците по женските стручни предмети;
4. Училиштата да се исклучат од патронатството на женските друштва;
5. Наставата да се даде на раководење од страна на училишните надзорници;
6. Во наставниот план и програма да се воведат национални и научни предмети;
7. Да се подигнуваат посебни училишни згради наменети за изведување на стручната настава и
8. Да се израдат и посебни училници."[27]

Повеќето од овие предлози покасно од страна на Министерството на просветата и индустријата и трговијата биле прифатени и реализирани. Така например во сите нив се воведени за изучување "националните" предмети: веронаука, српски јазик, српска историја и национална географија.

Ваквата "национална" идејно-политичка улога на сите видови училишта во Македонија за време на целиот период меѓу две

те светски војни не значело ништо друго туку продолжување на веке еднаш не само прокламирана туку и спроведувана таква просветна политика од страна на кралството Србија во Вардарска Македонија уште веднаш по Букурешкиот мировен договор до есента 1915 година. Дури имало случаеви кога во поедини места како например во селото Удово, Валандовско и во селото Смилево, Битолско, на предлог на Министерството на внатрешните работи, Министерството на просветата отворило основни училишта само заради "национални" причини.[28/]

"Националната" улога на просветната политика на стара Југославија спрема македонскиот народ се манифестирала преку разновидни форми, методи и средства. Таа пред се доагла до израз преку: 1. водењето на специфична политика во поставувањето и разместувањето на наставниот кадар во училиштата во Македонија; 2. изведувањето на целокупниот наставен процес а посебно низ наставата на таканаречените национална група предмети и 3. специфичните задачи на наставниот кадар во вонннаставната и вонучилишната дејност. Всушност, низ овие елементи на споменатата просветна политика доагале до израз и други идејно-политички тенденции на големосрпските владеачки кругови. Именоу преку спроведувањето на таа политика требало на одреден начин да се влијае на "средувањето" на тогашните политички прилики во Македонија па дури и да се постигнуваат извесни елементи на стратегиските цели. Но пред да поминеме на поширoко анализирање на трите елементи од денационализаторската улога на просветната политика и со низ тесно поврзаните споменатите други идејно-политички

тенденции, ќе се задржиме на некои показатели во врска со бројната состојба на учениците во основните и средните училишта и изградбата на училишните згради преку кои истотака се манифестирале извесни елементи на денационализаторската политика спрема македонскиот народ.

## 3. Некои показатели во врска со политиката на подигање на училишни згради и бројната состојба на учениците во периодот меѓу двете светски војни

Општта состојба со училишните згради и нивниот намештај во годините непосредно по Првата светска војна во Македонија била повеќе од тешка. Тоа е пред се последица на големото разорно и уништувачко дејство на доста честите и долгите што се воделе меѓу разни непријателски војски за време на балканските и Првата светска војна на тлото на Македонија. Во ова време голем број на училишни згради биле порушени или оштетени. Така например само во Ресенскиот крај во текот на 1916-1918 година биле порушени или оштетени 15 училишта.[29/] Не била ништо подобра положбата и со училиштата во Дојранскиот, Гевгелискиот, Охридскиот и Битолскиот крај. Положбата со училишните згради непосредно по војната била тешка и поради тоа што тогаш се уште во некои од тие згради биле настанети некои единици на англиската или француската војска, како например во Скопје, Куманово, Велес и други места.

Училишните инспектори и околиски надзорници, како резултат на ваквата положба со училишните згарди, во првите години по Војната испракале доста преставки до Министерството на просветата како би овој можел да се ангажира кај Кралската влада да издејствува доделување на парични средства за подигнување на нови училишни згради или за поправка на постојните. Тие нивни преставки биле условени од фактот што големо-

српските владеачки кругови во првите десетина години по Војната навистина биле заинтересирани, пред се од "национална" гледна точка, за позабрзано отварање на училиштата во Македонија и воопшто за нормализирањето на училишниот живот. Но факт е исто така, дека потребата за подигнување на училишта во периодот меѓу двете светски војни било условено како од тоа што постојните училишни објекти не одговарале на тогашните здравствено-хигиенски барања, така и од новите наставно-педагошки барања. Имено, во овој период се повеќе доаѓало до израз применувањето на принципот на световноста во наставата. Наместо Херберт-Цилеровата педагогија која се залагала главно за морално-религиозното воспитание, во наставата се повеќе се давало место на воспитание во духот на "народните" и џжавните интереси, а потоа и во духот на оапознавање со општите достигања и придобивки на човекот во општеството и природата. Накратко речено, тоа значи, дека потребата за изградба на нови училишта доаѓало и поради промените што настанувале во училишната настава кои биле, пак, предизвикувани од промените во материјалните услови на животот, тоест од потфебите за поголемо и поинакви образование од колку што било она од пред војните.

Како резултат на тоа во периодот меѓу двете светски војни се изградени повеќе училишни објекти. Во периодот од 1919-1931 година на територијата на"Јужна Србија" биле изградени околу 350 нови училишта[20], а до крајот на 1936 година тој број се покачил на 600.[30] Во Скопје биле подигнати 4 згради за основни училишта и еден ученички дом, во Битола објекти за основн

училишта, во Прилеп две згради за основни училишта и една за Учителската школа и по една зграда за основни училишта во Гевгелија, Свети Николе, Куманово, Велес и Валандово.[32] Истотака извесен број на нови училишни згради биле подигнати и во некои селски населби. Некои од нив , како например оние во Скопје , одговара на тогашните модерно-хигиенски и технички барања односно покрај училниците, училишните згради располагале со сали, трезори, кујни и купатила.

Во финансирањето на изградбата на училиштата зеле учество покрај државата и областите односно покасно бановинатa и општините. Според едни статистички податоци државата дала помош на име на сиромашни општини за изградба на училишни објекти во периодот од 1919/20 - 1930/31 година за целото подрачје на Југославија вкупно 96.227.955 динара.[33] покраински подрачја вака биле распоредени:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Србија и Војводина со Срем | 14.699.000 дин. |
| 2. | "Јужна Србија "и Црна Гора | 41.434.000 |
| 3. | Далмација | 6.520.555 |
| 4. | Хрватска со Славонија | 8.106. 000 |
| 5. | Босна и Херцеговина | 23. 908.000 |
| 6. | Словенија со Меѓумурје | 2.260.000 [34] |

Државата зела учество во финансирањето на изградбата на училишните згради и во периодот 1930/31-1939/40 година. Во овој период до 1937/38 година државата вкупно финансирала 19.700.000 динара кои по бановини вака биле поделени:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вардарска бановина | 5.170.000 динари |
| 2. | Дравска -"- | 800.000 |
| 3. | Врбаска -"- | 1.945. 000 |
| 4. | Приморска -"- | 1.000.000 |
| 5. | Дринска -"- | 2.155.000 |

6. Зетска бановина 2.665.000 дин.
7. Дунавска -"- 2.610.000
8. Моравска -"- 2.925.000 35/

Изнесените податоци покажуваат дека " Јужна Србија" односно Врадарска бановина на одреден начин била фаворизирана . Тоа навистина доста спомогнало да се поправува многу тешката положба со училишните објекти во Македонија, но сепак, тоа се уште далеку било да ги задоволи минималните потреби од училишните згради. Но факт е и тоа дека значаен удел во финансирањето на изградбата и поправките на училишните згради во Македонија имале буџетите на областите односно бановината како и буџетите на самите општини. Така например во периодот од 1919 до 1937 година државата учествувала во финансирањето ~~жахтаахди~~ за изградба на училишта и други просветни установи со вкупно 25.025.78о динара,а областите на "Јужна Србија односно Вардарска бановина и општините со 271.829.951 динари.36/

Исто така , големо учество на планот на спомената дејност, а посебно на село , дало месното население преку разни обврски што му ги наметнувала државата. Така например околу 10 нови училишта во Гевгелиско-Валандовското подрачје се изградени врз основа на "доброволно" учество на месното население преку бесплатно донесување на камен и друг вид материјал или работа при изградбата и слично.37/

Нема сомнение дека ваквата политика во подигањето на новите училишни згради, независно ~~ахаа~~ од тоа дали финансирањето го вршело државата односно областите апокасно бановината и општините, или пак самото месно население, била моти-

како спомнавме и малку порано
вирана пред се поради "национални" причини . Тоа најдобро се гледа во една статија со програмски карактер од 1926 година што била отпечатена во весникот "Наша стара Србија", а кое било јавно гласило на радикалите од "Јужна Србија" кои тогаш имале превласт во Македонија. Имено, како реакција на барањето на министерот на просветата на кралството СХС Стјепан Радиќ да издејствува од кралската влада државни пари за изградба на училишта во Хрватска , излегла уводна-програмска статија во спонатов весник во кое покрај другото се велиах дека "подигнувањето на училишта во Јужна Србија се врши и ке се врши пред се поради национални причини, државен интерес и забрзување на развитокот на национаната свест во овие краеви".[38/]

Истите причини ги истакнале и началниците околиските на Тиквешкиот округ кога се состанале на еден заеднички состанок во Кавадарци во 1920 година. На тој состанок тие донеле заклучок дека државата и општините во Тиквешкиот округ требало да изградуваат што повеке училишта, сметајки дека преку нив ке може многу побрзо да се отстранува штетното влијание на старите генерации над младите.[39/]

Спомената политика во отварањето и подигањето на нови училишта дало извесни позитивни резултати особено на планот на зголемувањето на бројната состојба на учениците во основните училишта. Тоа сосема јасно се гледа од следниве статистички податоци за периодот од учебната 1918/1919 до 1936/1937 година:

| Училишни години | 1918/19 | 1919/20 | 1924/25 | 1928/29 | 33/34 | 36/3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ученици од "Јужна Србија | 23275 | 44669 | 71522 | 1о7546 | 135812 | 145784 [40] |

Од изнесените статистичку податоцу се гледека бројот на учениците во основните училишта постојанно се зголемувал скоро секоја учебна година. Тоа навистина имало извесно потитивно значење. Мегутоа , ако се направи една поопстојна анализа ке се види дека ни оддалеку општите резултати не биле задоволителни. Тоа најдобро се гледа од висинта на процентот на неписменото население во Македонија во периодот мегу двете светски војни. Според едни публикувани статистички податоци, во 1921/22 година процентот на неписменото население на целото територијално подрачје на официјалната Јужна Србија изнесувал 81,05%. Овој не се многу променил ниту покасно, односно десетина години потоа. Имено, во текот на 1934-1936 година во Вардарска Македонија бројот на писмените над 12 години изнесувал 367.440 , а бројот на неписменото население 629.336 лица.[41] Во проценти тоа било околу 75%.

Положбата со бројот на неписменото население во Македонија било особено тешка кај селското население каде поголем број на ученици не оделе на училиште бидејки во многу села такви непостоеле. Тоа особено дошло до израз во источните предели на Македонија каде во текот на 20-тите години повеке училишта не работеле поради лошите политички прилики и по неколучебни години. Поради тоа голем дел од населението останувало неписмено со што се овозможувало истото да живее скоро во исти-

те општествено-материјални услови како што живеело во втората половина на XIX век. Ова истовремено и покажува дека државата не била доволно доследна во спроведувањето на прокламираната политика за задолжително четворогодишно школување. Имено, мерките што владеачките кругови ги превземале на овој план биле апсолутно недоволни во однос на стварните потреби на македонското население за општопросветно и културно издигнување.

И бројот на учениците во прогимназиите и гимназиите бил во постојанен пораст, но само до учебната 1928/29 година. Тоа впрочем најдобро се гледа во следните наведени статистички податоци:

| Учебни години | 1919/20 | 21/22 | 23/24 | 25/26 | 27/28 | 28/29 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ученици | 5643 | 8963 | 7930 | 9799 | 9899 | 9489[42] |

Истотака извесно зголемување на бројот на учениците до учебната 1928/29 било присутно и во стручните училишта и тоа како во нижите така и во средните. Тоа посебно било видливо за последните. Така например во учебната 1926/27 год бројот на учениците во Учителските школи во Скопје и Прилеп и во педагошкото одделение во Берани изнесувал 606[43], а бројот на учениците во двете трговски академии во Скопје и Битола во учебната 1928/29 година изнесувал 2686 ученика[44].

Споменатото зголемување на бројот на учениците во прогимназиите и гимназиите веке од учебната 1929/30 година битно се изменило во негативна смисла на зборот. Имено, со кралскиот указ од 24.VIII.1929 година, а на предлог на тогашниот министер на просветата Б. Максимовик и во соглас-

ност со Кралската влада, биле затворени во Македонија 4 нижи гимназии во Кавадарци, Кичево, Ресен и Струга, потоа Учителската школа во Прилеп, а 5 потполни гимназии во Прилеп, Куманово, Велес , Охрид и Штип биле претворени во нижи.[45] Со овој кралски акт цела источна Македонија останала без ниедна гимназија, а градот Прилеп од постојните две средни училишта останал без ниедно.

Иако споменатиот Кралски указ не се однесува исклучиво ~~за Македонија односно~~ Вардарска Македонија,[46] сепак тој имал пред се единствено најдалекусежни негативни последици за потенцијалниот општествено-економски и културен развиток на македонскиот народ. Имено, во крајот на 20-тите години владеачките големосрпски кругови се повеќето се уверувале дека прогимназиите и гимназиите во Македонија не ја постигнувале основната поставена цел - денационализација и асимилација на македонските млади поколенија. Младата македонска интелигенција што ги завршувала споменатите училишта во периодот 1919-1929 година се повеќе манифестирала позасилени појави на македонска национална свест и чувство. Поради тоа тие ја промениле во основа својата прокламирана просветна политика спрема македонскиот народ на тој начин , како што видовме, што затвориле повеќе прогимназии, неколку потполни гимназии ги претвориле во нижи како би можело да се оневозможи развивањето на македонската интелигенција. Со тоа пак се овозможувало да се забавува и општествено-економскиот развој на македонскиот народ бидејќи на место укинатите нижи и потполни гимназии не се отвориле друг вид средни училишта односно средно-стручни училишта.

Со цел да се прикријат целите на таа нова просветна политика спрема македонскиот народ владеачките кругови

на големосрпската буржоазија започнале наместо затворените нижи гимназии да отвараат граѓански училишта преку кои главно се настојувало на завршените четвртоодделенци да им се даде извесно образование од карактерот на стопанството во дотичниот крај. Но истите, само неколку учебни години потоа,започнале да се затвараат.[47] Истотака,за да може да се прикрие народниот отпор што се развивал против ваквата просветна политика спрема македонскиот народ, владеачките кругови биле принудени по укинувањето на гимназиите во Македонија, да прифатат извесен број на македонски деца да ги школуваат на државен трошок т.е. да бидат"државни стипендисти" и тоа само во средните училишта во Србија. Нивното школување во гимназиите и учителските школи во Белград, Крушевац, Крагуевац и Неготин/Краина/го презела државата заради определена однапред политичка тенденција - да ги подготви за идни пропагатори на денационализаторската политика спрема македонскиот народ.[48]

За смалувањето на бројот на учениците во прогимназиите и гимназиите, по учебната 1928/29 година, влијаеле и некои мерки со кои се зголемиле училишните такси и заострувањето на критериумите за приемни испити за запишување во првиот клас на нижата гимназија. Според едни статистички податоци публикувани во весникот "Вардар" од страна на началникот на просветното одделени при банската управа, во 1932 година од пријавените 8.345 ученици што завршиле четврто одделение, приемниот испит го положиле3.438 ученика.[49] На овој начин маса деца на бедни македонски селани и работници не можеле да го продолжат своето образование ни до 8-годишната школска обврска иако била прокламирана како задолжителна обврска.

Како резултат на горе споменатите мерки во областа на просветната политика на владеачките кругови на стара Југославија спрема македонскиот народ, бројот на запишаните и завршените ученици во средните училишта во вардарскиот дел на Македонија во периодот мегу двете светски војни се смалил во однос на скоро истиот временски период од крајот на XIX и почетокот на XX век. Тоа најдобро се гледа ако направиме споредување на бројот на завршените ученици во поделни градови од Вардарска Македонија мегу споменатите два временски периода. Така например во велешката гимназија дипломирале во периодот од учебната 1921/22 до 1939/40 годи на вкупно 220 ученика, од кои само 97 биле од Велес и Велешко, 38 од од други места во Македонија, 79 од други краеви на Југославија и 6 од други држави.[50] Во периодот, пак, од учебната 1885/86 до 1911/12 година од Велес и Велешко дипломирале само во егзархиските училишта во Солун / машката и женската гимназија/ вкупно 95 ученика.[51] Оваа бројка уште повеке би се зголемила кога би се додале и бројот на оние ученици што заврижиле други егзархиски и не само егзархиски училишта во Солун, Цариград, Битола и други места, но чиј број не можеме точно да го утврдиме бидејки не располагаме со потполни статистички податоци. Кога ке се земе предвид и тоа, дека во периодот мегу двете светски војни гимназијата постоела во Велес како и постојната временска разлика тогаш положбата со бројот на завршените ученици во периодот мегу двете светски војни е уште полоша.

Уште покарактеристичен во негативна смисла на зборот е соодносот на ова прашање во градот Гевгелија и

Гевгелиско. Имено, во периодот од 1885/86 до 1911/12 година само во егзархиските училишта вкупно завршиле средношколско образование 46 ученика. Кога на ова бројка ке се додаде и околу 30 ученика што завршиле српски и грчки средни училишта како и францускиот унијатски колеџ во Солун, тогаш вкупниот број на дипломираните ученици изнесувал околу 80.[52] За целиот, пак, период мегу двете светски војни од Гевгелија и Гевгелиско вкупно завршиле средни училишта само 31 ученик.[53]

Од предходно изнесеното произлегува, дека слична би била положбата и ако направиме споредба на вкупниот број на завршените ученици од гимназиите мегу двата споменати периода од подрачјето на целата територија на Вардарска Македонија. Од овој дел на Македонија, во периодот од 1885/86 до 1911/12 година, само во солунските егзархиски гимназии дипломирале 600 ученика.[54] Овој број сигурно би се зголемил за околу ~~25%~~ 25% кога би се додал и бројот на дипломираните во другите гимназии, главно српски и грчки.

Во периодот , пак, мегу двете светски војни вкупно завршиле гимназиско образование ? ученика.[55] Оваа бројка би се зголемила доста повеке кога би се ставиле и оние ученици од Македонија што дипломирале во гимназиите во Србија, но би се истотака далеку повеке намалила кога би се одзел бројот на оние ученици што завршиле гимназија во Македонија ~~но нивните~~ чии родители биле дојдени во Македонија главно како чиновници, или [illegible].

## 4. Политиката на поставување и разместување на наставниот кадар во " Јужна Србија"

За време на целиот период мегу двете светски војни, големосрпските владеачки кругови преку Министерството на просветата, а во согласност со Главниот просветен совет прокламирале и спроведувале специфична политика на поставување и разместување на наставниот кадар во училиштата во "Јужна Србија". Иемно, покрај општите критериуми што биле потребни при поставувањето и разместувањето на наставниот кадар за целото подрачје на Југославија - поседување на соодветни школски квалификации, неприпагање на комунистичка организација и слично, се барало да поседува и други посебни, специфични , одлики.

Ваквото барање произлегувало пред се од поставената специфична идејно-политичка цел на училиштата во "новоослободените краеви" тоест ~~да вршат~~ од тие реки што требало да имаат главна улога во општатата политика за денационализација и асимилација на македонскиот народ. Тоа впрочем сосема јасно може да се согледува низ многуобемната документација што се чува во Архивот на Југославија во Белград. Во фондот на Министерството на просветата на стара Југославија, што се наога во спомената архивска институција, покрај тоа што се чуваат неговите одлуки и друг вид негови документи и разните писма и извештаи на пониските органи на споменатото министерство /обласните инспектори, околиските надзорници, началниците на просветните одделенија исл/ , се наогат и разни документи на министерствата на внатрешните работи и војската и морнарицата на кралството СХС /Југославија/ и на нивните подредени органи /обласните жупани,окружните односно околиските началства, коман-

дара на III армиска област, месните воени команди исл./.[56/]

Специфичните критериуми што се барале за просветниотих персонал во Македонија дошле до израз уште при поставувањето на носителите и организаторите на на големосрпската просветна дејност - инспекторите и околиските надзорници. За нивното поставување, за време на целиот период мегу двете светски војни, се барало онакви посебни квалитети какви се барало и за периодот 1913-1915 година, кога Вардарскиот дел на Македонија бил под српска власт. Имено, покрај поседувањето на организаторската способност и високошколската спрема, се барало да бидат познати и проверени борци на "национален план ". Пред сé тие требало да имаат подолг стаж на просветно-мисионерска работа во нововоослободените краишта" . Обласните, односно бановинските инспектори ги поставувал кралот со специјален кралски указ, на предлог на Министерството на просветата и со мислење на Главниот просветен совет. Околиските, пак, училишни надзорници ги поставувал Министерството на просветата на на предлог на инспекторите, односно, по 1929 година, на предлог на околискиот началник.

Првите инспектори на Вардарската и Битолската просветна област, Драгомир Обрадовиќ односно Никола Рачиќ, ги поседувале гореспоменатите квалитети, а особено првиот, кој како резултат на неговата подолгугодишна и засилена активност на планот на ширењето на големосрпската просветна политика во Македонија во 1926 година бил инаугуиран за помошник на министерот на просветата на Кралството СХС, а во 1927 година и за министер на верата.[57/] Слични квалитети се барале и при поставувањето

на директорите на основните училишта, а особено за нижите и потполните гимнанзии. Директорите на последните двавида училишта требало да бидат главни проверени личности кои подолгу години работеле во интерес на ширењето на српската"национална" кауза во"Јужна Србија" уште во времето на турското ропство во Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век.[58]

Најверен израз за тоа кави луге требало за организирање и ширењето на културно-просветната политика на кралството СХС односно Југославија спрема "Јужна Србија" дал доцентот на Филозофскиот факултет во Скопје во статијата "Личности и културен рад" печатена во весникот "Вардар" во 1933 година. На едно место, а во врска со ова прашање тој пишува:

"... Не е доволно да се има само работници кои се спремни во својата струка: во Јужна Србија мора да има такви културно-просветни рабоници кои се заправо за работа на овој терен најпогодни. Освен големите организаторски способности, потребно е да имаат и чувство на тактот, потербно е како што е претходно во статијата нагласено - да имаат чувство на мисионерство, но истота е потребно да имаат и и внатрешно чувство за значењето на работата на Југот, за дејноста која само посебе се наметнува. Одбирањето на тие личности треба во прв ред да го вршат оние кои има да ја реализираат културно-просветната политика."

Во продолжение на статијата Павловик пишува:

" Во нашата културна работа најважниот фронт е фронтот Јужна Србија, и тоа не смее ни во еден момент да се заборави. Поради тоа треба да се фрли на тој фронт не само она штое најспособно по сопствената /личната / вредност туку и се она што е најпогодно /читај: најпогодно било оно што било најспособно да ја спроведува денационализацијата на македонскиот народ, н.б./ за победа на тој фронт.[59]

Од изнесеното во статијата можата сосема децидно да се согледат следните моменти:

1. најзачајна задача на културно-просветните работници во "Јужна Србија" била данационализаторската мисија;

2. за поставувањето на културно-просветните работници во "Јужна Србија" треба да зимаат активно учество и

оние кои се непосредно одговорни за спроведувањето на културно-просветната политика - а тоа се :околиските началницихх и обласните жупани, односно банот и началниците на просветните одделенија при банската управах и

3. за денационализаторската мисија во "Јужна Србија" треба да се испракаат најспособни лица за таква дејност.

Извесни специфични критериуми одлики се барало и при поставувањето на целокупниот наставен персонал, како за основните така и за средните училишта. И тоа не само за оние кои предавале таканаречената национална група на предмети туку и за оние од другите групи предмети - прироно-математичи предмети и вештините. Имено, за да можат училиштата да ја вршатхх поставената "национална" мисија од страна на владеачките кругови, ставот на Министерството на просветата бил за тоа во"новоослободените" краеви да се поставуваат за учители, наставници и професори оние лица кои се "национално" исправни односно оние кои би можеле да ја вршат најуспешно улогата на националистички пропагатор и асимилатор на младото македонско поколение. Такви биле најдени, пред се во лицето на оние кои во Македонија учителствувале за време на турско-османското ропство во српските училишта. Но, бидејки тие биле малку во однос на стварните потреби, се побарало и од "старите предели", како се наречувала Србија. Дури, догу време во периодот мегу двете светски војни за учители во Македонија можело да се поставуваат и лица кои имале завршено само гимназија, но акохх според мислењето на Главниот просветен совет, биле национално и политички чисти.[60/]

Ваквиот став на Министерството на просветата на кралството СХС односно Југославија во однос на поста-

вувањето на наставниот кадар во Македонија не се изменил за целиот период мегу двете светски војни. Тоа може да се потврди од зачуваната многубројна преписка помегу министерството на просветата и инспекторите на Битолската, Брагалничката и Скопската просветна обласат, а особено со последната. Пред се се настојувало во "Јужна Србија" да не биде поставен ниеден учител кој не би го знаел српскиот јазик, и кој не би бил здрав "национален радник".[61] Овој став е многу често пати децидно изнесуван скоро во секој извештај што Драгомир Обрадовиќ го праќал до своето министерство. Во периодот од 1919-1926 година овој висок претставник на просветните власти во Македонија често пати пишувал дека: "во Јужна Србија", каде треба да се многу работи на планот на развивање на националната свест во интерес на општиот ред во државата , да не се испракаат луѓе со комунистичко убедување, потоа лица кои не се национално подобни и кои не го знаат српскиот јазик".[62]

Како резултат на ваквите и сличните извештаи на просветните инспектори и околиските надзорници, Министерството на просветата во текот на целиот период мегу двете светски војни преместувало голем број учители, наставници и професори. Така например врз основа на еден извештај на Драгомир Обрадовиќ од март 1920 година, веднаш биле преместени од Македонија во "старите предели" 43 учитела и тоа по 23 од Скопската и 20 од Битолската просветна област само заради тоа што божем не го доволно владееле српскиот јазик.[63] Во 1930 , пак, година поради "политички и национални причини" односно поради тоа "што не се еманципирале од својата околина, што говореле на местен дијалект што се сродиле со селаните и слично,биле преместени од Македони-

ја во Србија од стрна на Министерството на просветата на Кралството Југослваија, а врз основа на предлог на началникот на просветното одделение на банската управа и потврден од страна на банот на Вардарската бановина Жика Лазик, 64 учители, професори и наставници кои по околиите вака биле распоредени - Битолска 7, Велешка 7, Галичка 3, Гевгелиска6, Кавадарска 2, Горнополошка 5, Долнополошка 7, Дебарска 9, Штипска 2 и Кочанска 5.[64/]

Со цел да може учителството во Мадеонија успешно да дејствува во остваувањето на целите на денационализаторската политика, највисоките просветни власти настојувале во тој правец да ја насочуваат дејноста не само на околиските надзорници туку и на учителската сталежка организација.[65/] Членовина раководството на оваа организација, било оние од редовите на радикалите или од редовите на демократите, стоеле на исти позиции во однос на остварувањето на општите цели на училиштата во Македонија - во создавање на Срби од младото македонско поколение, иако во примената на методите и средствата на таа просветна политика тие се разликувале. Демократите , обично се залагале за примена на извесни граганско-демократски методи, а радикалите со отворени и груби методи. Така например, веке еднаш споменатиот учител - радикал Антоние Мусаниќ, во статијата "Учитељске организације" објавена во весникот "Наша стара Србија" во 1926 година, критикувајки го погашното раководство на Учителската организација од страна на учителите - демократи пишува: "Првата и единствената цел на Учителската организација, како сталешко здружение е "српството изнад се. Оваа цел која е кадра да го вовлече и последниот Србин, во најтешката борба за нејзиното остварување нема да

дозволи никакво попуштање, ниту ке има некое милосрдие во спроведувањето на ваквата просветна политика."[65а] Во истиот весник, председателот на Учителската организациуа на градот Скопје и скопската околија-демократот Данило Милиновиќ дал одговор на спомената статија од Мусаник. Во неа и тој изричито стој на истата линија во однос на денационализаторската улога на училиштата и учителската организација но не се сложува само со методите на критиката против демократското раководство што ги изнесол Мусаник.[66]

За тоа какви особини требал да поседува учителот зборува и една резолуција на околиските училишни надзорници од"Јужна Србија" во 1926 година. Во неа,откако најпрво, е констатирано дека дотогашните напори на владеачките кругови на културно-просветниот план не дале доволни резултати во "Јужна Србија", се предложило во вид на заклучоци, во присуство на делегатот на Министерството на просветата Милан Рабреновиќ, покрај другото и следните задачи пред учителите во"Јужна Србија":

1. од учителските редови да се отстранат сите оние кои не се потчинувале на потребите;

2. при поставувањето на учителите одговорните да водат сметка за нивната непорочност и само најдобрите да ги предлагаат до Министерството на просветата;

3. да се обезбедат можности за задржување во "Јужна Србија" на такви учители најмалку барем до 3 години во едно место;

4. за училишни надзорници да се поставуаат најдобрите просветни снаги и слично.[67]

Нема сомнение , дека во споменатата резолуција биле истакнати и некои позитвни особини за просветниот кадар во Македонија, мегутоа сето тоа било условено односно потчинето

на основната и главната цел - денационализацијата на македонскиот народ.

Посебен третман, во негативна смисла на зборот, имале егзархиските учители. Ставот на министерството на просветата спрема нив не се променил во текот на целиот период мегу двете светски војни. Тој став, всушност бил изграден уште за време на периодот 1913-1915 година кога Вардарскиот дел на Македонија бил под власта на кралството Србија.

Оној дел од егзархиските учители, што останал во Првата светска војна во Вардарска Македонија, во колку бил прифатен од новата власт требало да биде поставен да учителствува во Србија. Но, бидејки, пак, во училиштата во Македонија имало потреба од повеќе учители отколку што можела новата власт да постави од оние елементи за кои говоревме порано, извесен дел од егзархиските учители бил распореден во Македонија врз основа на членовите 37 и 38 од Законот за народните училишта односно распоредени од просветните инспектори, а потврдени од Министерството на просветата на оние учителски места што останале непополнети по спроведениот конкурс. Како такви во Скопската област биле назначени 43 егзархиски учители, а во Битолската 92.[68/] Споменатите учители пред да бидат распоредени, биле приморани да поминат на неколку месечни курсеви во Белград на кои го изучувале српскиот јазик, српската историја, "националната" географија и историјата на српската црква. Тие курсеви се одржувале ~~се одржувале~~ неколку години едноподруго, се до 1924г.

Иако проблемот со егзархиските учители вака било регулирано во првите години по Првата светска војна, сепак,

ова прашање било континуирано актуелно и присутно за време на целиот период мегу двете светски војни. Под мотивација дека тие се школувале во бугарските егзархиски училишта, секогаш биле третирани како "национално неподобни" елементи, "бугараши" и слично. Поради тоа, просветните органи, започнувајки од околиските училишни надзорници и инспекторите, така и управните, судските и воените органи често барале од Министерството на просветата истите да бидат преместени од Македонија заради "националните интереси" на "српскиот народ" во неа. Во многу документи во периодот од 1919 до 1941 година, што денес се чуваат во повеке фасцикли на Фондот на Министерството на просветата на стара Југославија во Архивот на Југослваија во Белград, како главен мотив за преместување фигурира "поради потребите на службата", "поради подобро совладување на српскиот јазик", поради поднесени пријави дека божем сами сакале да бидат преместувани и слично.[69]

Во училиштата на Вардарска Македонија, се настојувало од страна на владеачките кругови да се поставуваат "национално-исправни" лица не само заради нивната денационализаторска мисионерска работа туку и заради одредени државни и стратегиски цели. Тие всушност едните со другите се испреплетувале и надополнувале. Имено, владеачките кругови Македонија ја сметале за една област која не само што "национално" се уште не била придобиена кон српската кауза туку не била сигурна и воопшто за големосрпската власт во неа а со тоа и опстанокот на буржоаска Југославија. Тоа впрочем се истакнувало во многубројните акти како на кралската влада и министерствата на просветата, на

внатрешните работи, на надворешните работи и на војската и морнарицата, така и на началствата на околиите и областите односно бановината.

Во сите нивни одлуки, расписи и извештаи од наставниот кадар се барало да биде и одан на новата држава и кралот, кој на определен начин според нив, многу би помогнало како на полето на "националното" воспитување така и на консолидирање на политичките прилики и воопшто на безбедноста во "Јужна Србија." Се сметало , имено, дека наставниот кадар ќе биде десна рака на управните, полициските и воените органи, чии припадници и покрај тоа што биле многубројни и применувале најразновидни мерки и средства, вклучувајќи ги тука и терористичките, сепак за целиот период помеѓу двете светски војни неможеле да заведат ред и мир во Македонија.69а/ 70/

Најзначајна улога на овој план играло Министерството на внатрешните работи. Тој врз основа на извештаите од големите жупани, а особено врз оние на Брегалничкиот односно на банот, а исто така и на околиските началства, испратил повеќе писма до Министерството на просветата во кои не само што препорачувало, туку честопати наредувало веднаш да се преместуваат од "Јужна Србија" како заради "национални причини" така и заради безбедноста на овие краеви. Имало дури и случаеви кога споменатото министерство ги суспендирало некои одлуки на Министерството на просветата. Така например Министерството на просветата на Кралството СХС донело одлука да се укинат околиските училишни надзорништва во Кочанско и Малешевско, но веднаш по интервенција на Министерството на внатрешните работи повторно биле вос-

поставени.[70а]

Во прилога на веденото зборуваат и овие три писма на Министерството на внатрешните работи до Министерството на просветата, испратени во 1922 и 1923 година.

Во првоте писмо од 1922 година покрај другото стој и ова:"Поради тоа / се мисли на тешката политичка положба во Брегалничката област којшто ја опишувал Великиот жупан во едно свое писмо до Министерството на внатрешните работи б.н./ би било многу покорисно за националното прашање и консолидирањето на приликите во Јужна Србија, да би се таму поставиле за учители испробани и нанас одани луѓе, а сите сумниви во национален поглед да се преместат во предвоена Србија."[71]

Во второто, пак, писмо од 1923 година, откако најпрво е констатирано значењето и улогата на учителот во"националното" воспитание во "нашите јужни краишта" а особено на левата страна од реката Вардар, се предлага во Македонија"да се испратат по возможност најенергичните, со цврст карактер луѓе и постари и повидни национални пропагатори и да се отворат што поголем број на училишта.[72]

Уште подецидеен став на овој план се срекава во третото писмо, истотака од 1923 година. Еве што покрај другото се вели во него:"Ве молам Вас господине министре, да на ова прашање на пополнувањето на учителските места во Јужна Србија, а особено на левата обала на реката Вардар, да обрнете поголемо внимание и што порано да овозможите работење на овие училишта, кои овдека покрај просветување, многу значат и за безбедноста и за националното воспитание."[73]

Во врска со прашањето за поставување и преместување на наставниот кадар бил непосредно ангажиран и кралската

влада. Врз основа на еден извештај од Великиот жупан на Брагалничката област до председателот на спомената влада Вељо Вукичевиќ, кој во 1927 година вршел и должност на министер на внатрешните работи испратил специјално писмо до министерот на финансиите д-р Б. Марковиќ, кој, пак, тогаш го застапувал министерството на просветата, во кој изричито се потенцира дека при рашавањето на ова прашање да се води сметка пред се заради националните и државните интереси. Еве што покрај другото се вели во него:

"При новиот распоред на учителите, по градовите и селата а по можност и при распоредувањето на гимназиските наставници од Јужна Србија кои се родени во тие краеви, особено ако биле порано бугарски воспитаници и просветни работници да се преместат во Северна Србија, а на нивни места да се доведат, поради што попотполн успех во премногувжната и деликатната просветна мисија во тие краеви, наши испробани учители, културни и национални работници во нашата држава, кои се однесуваат спрема нејзините задачи како совршено оддани луѓе, - првенствено оние што се родени во Северна Србија, најпосле и оние кои кои се родени вон неа, ако се веќе одбележени уште поодрано како српски национални радници." 74/

Врз основа на ова писмо, Министерството на просветата, преку својот началник на отсекот за основна настава наредил "да се преземат сите законски мерки тоа прашање да се реши и заврши онака како барале националните интереси". 75/ Во таа смисла биле испратени повеќе расписи до околиските надзорници и инспекторите да се придржуваат на таквите ставови.

Свое влијание во политиката на распоредување на наставниот кадар во училиштата во Македонија имале и воените орагани. Уште во 1919 година, врз основа на едно писмо од Командата на Струмичката воена област, Министерството на просветата, во согласност со председателот на Министерскиот совет Љ. М. Давидовиќ и министрите на надворешните работи, на внатрешните работи и на војската и морнарицата одлучило да бидат поставени

15 учитела од струмичкиот крај по претходната проверка на нивната спрема и подобност.[76]

Таквото влијание на воените органи во врсxxxx со поставувањето и разместувањето на наставниот кадар во Македонија доагало до израз и во наредните години. Така например во 192 година началникот на Битолската дивизиска област барал во неа да бидат назначувани за учители "најдобри луге",[77] а началникот на Главниот генералштаб, дивизискиот генерал Петар Марковик бара во 1925 година сите учители мештани од "Јужна Србија" да бидат преместени во Северна Србија.[78] Министерството на војската и морнарицата , во 1928 година , испратило писмо до Министерството на просветата ~~писмо~~, во кое барале да бидат преместени сите учители мештани од "Јужна Србија" поради "национални и државно-безбедни причини".[78a]

Дека навистина политиката на распоредување на наставниот кадар во Македонија била подредена на државно-стратешките цели на официјалната политика на владеачките кругови на стара Југославија се гледа и од тоа што во "Јужна Србија" се поставувале за учители по возможност оние лица кои биле резервни офицери. Еклатантен пример во таа смисла бил случајот со 120 учители кои биле поствени за учители во Македонија во 1928 година, скратувајки им го притоа редовниот кадровски рок што моментално го служеле во резервните училишта. Сето тоа се извршило во согласност со Министерскиот совет, Министерството на војската и морнарицата и Министерството на просветата.[79]

Со цел да би можеле наставниот кадар и другите службеници во Македонија да ги исполнуваат поставените

задачи , највисоките органи на власта , биле приморени почесто пати да испракаат свои циркуларни писма. Така во декември 1927 година председателот на Министерскиот совет кој истовремено вршел и функција на министер на внатрешните работи-Вељо Вукичевиќ испратил писмо до министерот на просветата Коста Кумануди, а овој,пак, врз таква негова основа свој распис до високите жупани на Скопската, Битолската , Брегалничката и Приштинската област, потоа до Учителската школа во Прилеп и Скопје, до обласните и околиските надзорници, директорите на нижите и потполните гимназии во "Јужна Србија" и до началниците на отсеците за основна и средна настава при одделенијата за просвета при обла-стите. Во него , најпрво е истакната штетноста од тоа што чиновниците и другите службеници се занимавале со партиска политика , а посебно во "Јужна Србија" која "се уште небила консолидира-на". Во писмото , покрај другото стој и ова:

" Не сакам да чујам, да некои од подручните чиновници се меша во партиските работи и партиски било во кој правец да се поставува. Секој нека си ја гледа својата работа и службата за добро на народот и државата, а слободното време вон канцеларијата да се употребува за работа во народот поради неговото задобивање во интерес на државниот и општиот напредок. Држејќи се вонпартиски во службата и вон неа чиновниците ќе го стекнат толку потребното доверение, како и сите чиновници и службеници на сите струки." 8/

На крајот во писмото е констатирано дека "ако некој својата положба ја искористи во партиска цел ќе биде административно казнет со губење на службата, бидејќи во овие краеви нема време за постепено казнување и поправување".

Во крајот на истиот месец и година, 27.XII. 1927 година, министерот на просветата Коста Кумануди испратил друг распис до споменатите институции во "Јужна Србија" во кое покрај другото се вели и ова:

"Во воспитувањето на нашиот народен подмладок во Јужна Србија не смее никогаш да се изгуби од предвид дека

нсатавниот персонал е должен да работи во училиштата на припремање и формирање на нови генерации и да ги оспособи во новата држава да имаат онаква улога каква Јужна Србија по своето минато и по поднесените жртви и по својта вредност во полна мерка го заслужила . Со објективана и правична а умерена примена на законите спрема секој во својата службена работа во училиштето,то треба да докаже дека е навистина спроведувач на државната политика и носител на државната мисла и како таков најважен пионер на една виша народна култура."81/

Владеачките кругови на стара Југославија настојувале преку специјална селекционна политика да подготвуваат з училиштата во Македонија таков учителски подмладок кој кога би стапил на учителската служба би имал веке развиена "српска" национална свест и чувство. Заради тоа, тие настојувале во двете учителски школи во Македонија да запишуваат ученици во прв ред од оние села во кои се чувала "српската народна традиција" уште од турско време. На овој план, Министерството за просветата на кралството СХС покажал посебна заинтересираност за"националниот состав" на учениците во Учителската школа во Прилеп. За таа цел, споменатото минисрество во 1925 година упатило специјално циркуларно писмо до Великиот жупан на Битолската област и Управата на Учителската школа во Прилеп во врска со уписот на учениците. Еве кои заклучоци им се даваат на споменатите органи:

"1. Од оние села кои биле српски и пред Балканската војна, и од виднитe и заслужните куки во тие села да се одберат до 15 машки деца кои завршиле IV одделение основно училиште, па понатаму да се школуваат во Гимназијата во Прилеп

2. Овие ученици ке се сместат на станување во интернатот на Учителската школа во Прилеп , во колку има за нив место и потребна опрема за станување;

3. Тие ученици ке се хранат во интернатот на Учителската школа, во колку биде уштедено од храната која се дава на учениците во Учителската школа во Прилеп, со тоа да разликата во трошковите ја поднесат родителите на децата или било која хумана установа;

4. За тие ученици , Управата на Учителската школа ке води посебна брига и ке настојува да тие што подобро успеваат во образованието и воспитанието и

5. Тие ученици ке бидат задолжени , кога ке ја завршат нижата гимназија, да го продолжат своето школување во Учителската школа и да се спремаат за учителски позив."82/

Во писмото многу децидно е истакната потребата од тоа каков учителски кадар и бил потребен на училиштата во "Јужна Србија" за да може да ја врши "национално-културно-просветната мисија". Но, кога, владеачките кругови малку покасно се увериле дека ни таквите мерки и средства не ги давале очекуваните резултати на планот на денационализацијата на младото македонско поколение, во 1929 година решиле да ја затворат оваа школа со уште неколку нижи и потполни гимназии за кои зборуваме порано.

Училиштата во Македонија, скоро во текот на целиот период мегу двете светски војни , немале редовен училишен живот. Тоа е пред се последица на фактот што имало голем број на празни учителски места. Дури имало случаеви кога по неколку години, во поединени места , а особено оние во Источна Македонија, не работеле повеќе основни четворогодишни училишта. Бројот на празните учителски места е особено голем во текот на 30-тите години. Така например во учебната 1932/33 година во Македонија имало празни околу 200 учителски места, а 57 училишта воопшто не работеле.[83/] Во септември 1939 година имало 289 празни учителски места[84/], а во следната 1940/41 година дури и до 500 места,[85/] од кои преку 250 училишта воопшто неработеле.

Ваквата состојба во училиштата во Македонија доаѓала од повеќе причини. Пред се , еден дел, и тоа далеку поголем од егзархиските учители, бидејќи ги сметале за непожелен национален елемент и истовремено неподобен за постојните политички прилики, бил преместуван, како рековме погоре, главно во Србија, со цел божем да го научат добро српскиот јазик, да се "сродат" со српството и слично. Исто така од Македонија, како впрочем и во другите краеви на Југославија , се гонеле и преместувале учителите комунисти.

И тие се третирале како неподобни за "јужните краеви" бидејќи требало во нив да се развива српската национална свест, аушто повеке како опасни елементи за државната безбедност. Уште во 1919/2о година во Македонија биле под стална контрола и малтретирање на 34 учители и наставници - комунисти, а само врз основа на одредбите од Обзнаната, во 1921 година од училиштата во Македонија биле отпуштени 52 учитела и тоа: 16 од Скопскиот округ, 4 од тетовскиот, 2 од кумановскиот, 8 од тиквешкиот , 18 од брегалничкиот и 4 од битолскиот.[86/]

Недостигот на учителите во Македонија доагало и поради краткотрајното задржување на поставените учители од другите краеви на Југославија. Нешто подолгу се задржувале ~~главно~~ учителите од Србија, и тоа главно оние кои биле наставници во нижите и потпоните гимназии или учители во основните училишта по градовите. Оваа појава била присутна дури и за време на шестојануарскиот режим, кога прописите на тој план биле построги. Од постојната документација се гледа дека учителите во македонските училишта се задржувале обично по 2-3 години а потоа веднаш барале премештај од Македонија . Тоа се должи од една страна на фактот што политичките прилики во Македонија , а особено во нејзините источни краеви, биле несредени, а од друга страна и на тоа што голем дел од нив не сакале верно да служат интересите на тогашните владеачки кругови.Во Брегалничката област скоро редовна појава било да секоја учебна година не работеле по десетина и повеке училишта.87/

## 5. Улогата на наставникот во наставниот процес со посебен осврт во изведувањето на наставата по таканаречените национална група на предмети

Концепцијата на секој училишен предмет, а особено оние од областа на општествените науки, зависат од идеологијата на владеачките општествени сили во конкретната историска ситуација на даденото општество. Во сите современи образовни системи, било во капиталистичките или социјалистичките земји, оваа група на предмети има одлучна улога во идејно-политичкото воспитување на младото поколение. Од таа гледна точка ним им припагало почесно место мегу училишните предмети.

Основата на денационализаторската улога на просветната политика спрема македонскиот народ се гледа пред се во фактот што целокупниот наставен процес и воопшто сета наставна активност во училиштата требало да се одвива на српскиот јазик. Учителите и професорите , како констатиравме и порано, морале добро да го владеат српскиот јазик. Овој факт му било потенцирано на секој просветен работник што ќе стапел на работа во училиштата во Македонија од страна на околиските надзорници и од управителите односно директорите на училиштата каде служеле. Тоа посебно се однесувало спрема егзархиските учители и воопшто сите просветни работници родени од Македонија.[88]

Големосрпските владеачки кругови го сметале основното училиште за најначајно средиште во ширење на српскиот јазик мегу младото македонско поколение односно мегу широките народни маси. Поради тоа, просветната бирократија била принуду-

вана да донесува побеке пати строги санкции за оние кои не се потчинувале на нивните наредби. Во таа смисла , министерот на просветата во 1927 година, Вело Вукичевик , испратил посебен распис до училишните надзорници во "Јужна Србија" со цел истите да обрнуваат поголемо внимание на ова прашање. Еве, впрочем што стој целосно во него:

" Иако е познато на сите надзорници дека наставата во народните училишта мора да се изведува на нашиот книжевен јазик, сепак Министерството има извештаи од разни страни дека таа во некои места не се изведува на книжевен јазик, туку на дијалектите и јазикот со истакнати локални обележја или што е уште полошо на јазикот, кој има доста примеси на јазикот кој учителот го научил за време на школувањето во страни и туги школи. Бидејќи е училиштето, ако не единствено, а сепак најсилен фактор за пропагирање на книжевниот јазик, со право мора да се бара тој јазик мораат да го знаат и на него да ја изведуваат наставата во училиштата и по тој пат да се шири литературниот јазик во широките народни маси. Утврдено е дека многу господа надзорници, на ова прашање не обрнувале доволно внимание и дека таквата работа на учителите не само што ја толерирале, туку за тоа не го известувале ни Министерството . Затоа најстрого се препорачува во врска и со лична одговорност за неизвршувањето, да г.г. околиски надзорници што порано да ја прегледат работата на учителите, за кои знаат дека не го владеат добро литературниот јазик и на лица места да утврдат, бележејки ги и сите погрешки кои они ги прават во предавањата и при прашувањата на децата на литературниот јазик.

Кога тоа , кај некои од учителите ке го констатират, ке земаат од нив збор зошто се уште неуспеале да го совладат јазикот на кој се должни да ги држат предавањата, па својот извештај и предлог за казна на таквите учители заедно со нивното сослушување да го достават до Министерството најхитно."[89]

Со цел да се засили процесот на денационализацијата на младото македонско поколение преку училиштата, Министерството на просветата обрнувало посебно внимание на улогата на наставникот во изведувањето на наставниот процес по таканаречените национална група предмети (-српски јазик,историја, земјопис и веронаука.) Дека навистина тие имале значајно место во остварувањето на таа цел се гледа од фактот што во наставниот план за народните училишта овие предмето учествувале со над 60% од вкупниот фонд на часови иако групата на природни предмети и вештините биле на број 7.[90] Во скоро сличен

се наогале скоро во нижите ~~гимназии~~ и вишите гимназии .91/

Предметот српски јазик, ако во основните така и во сите видови средни училишта преставувал еден вид средишен предмет преку кого покрај тоа што се стекнувало извесно општо образование, било главно насочен тоа да може да развива српска национална свест и сознание кај учениците. Тоа требало да се постигнува преку многубројни стихотворби четива и лектира кои биле обоени со тематика од "националниот" карактер на "Јужна Србија." Раскажувањето и рецитирањето и сите други форми на монолог и дијалог требало да го засилува побрзото и посолидното совладување на српскиот литературен јазик, иако во првите години по Војната, во основните училишта се толерирала употребата на месниот дијалект за поблаго и побезболно навлегување во сферата на изучувањето на српскиот јазик. За постигнување на споментата цел учениците биле честопати задолжувани да учат напамет разни стихотворби. Најголемиот број од нив се рецитирале на разните и многубројните свечаности на државните и верските празници, на кои покрај учениците присуствувале и нивните родители, а на одреден начин земале учество и видни преставници на власта. Колку големосрпските владеачки кругови им давале важност на овие манифестации низ кои се изразувал национализмот на српската буржоазија ни зборува и еден извештајот на еден висок чиновник во битолската жупаниска област во 1923 година кој присуствувал на свечаните манифестации што ги приредиле учениците од Женското занатско училиште во Прилеп за време на божикните празници. Тој, во него ~~посебно~~ ја фали учителката што успеала ученичките да ги научи така добро и течно да го владеат српскиот литературен јазик, а посебно го задоволил реци-

тацијата "Ој Србијо мила".[92] На крајот, препорачил сите манифестации така да се подготвувале , како би полесно се одвивала денационализаторската политика. Во тој правец , впрочем биле и сите препораки,писма и упатства до училишните надзорници и самите учители.

Истотака, со цел за посистематско совладување на српскиот литературен јазик, во повеке нижи и виши гимназии биле формирани ~~литературни~~ ученички дружини. Тие главно имал[illegible] две секции-литературни и драмски. Преку литературните секции се подготвувале повеке стихотворби за рецитирање а истотака се правеле и подготовки за за литературно творење. Преку драмските, пак, секции се подготвувале извесни едночинки или други драмски дела. И едните и другите секции приредувале разни свечаности кои обично ги манифестирале при посетите на околните места, вршејки на тој начин"национално-културна мисија"мегу широките народни маси.[93]

Првите српски литературни драмски ~~дружини~~ секции при ученичките дружини биле формирани уште во почетокот на XX век во српските училишта во Скопје.[94] По балканските, а особено по Првата светска војна нивниот број се зголемил.Во 1921 година била формирана средношколска жупа за ученичките дружини од цела "Јужна Србија".[95] Преку неа се организирале срдеби на ученичките дружини во кои доагало до израз големосрпската идеологија.

Литературните и драмските секции биле најпогодните форми преку кои се манифестирал српскиот национализам за време на државните и верските празници, кои како рековме не биле малку.[96] За време на сите тие денови, покрај тоа што учителит[illegible]

биле задолжувани да одржуваат разни беседи /предавања/ пред своте ученици, туку требало да зборуваат и пред родителите на јавни собори за "националното"значење на тие денови за "српскиот народ" во "Јужна Србија"x се рецитирале стихотворби за Свети Сава, Кралевик Марко, за српските кралеви и цареви, за "народното" обединување, за "ослободувањето" и слично.Особено големо значење се давало на светосавските прослави во поголемите места на кои обично присуствувале официјални преставници на банската управа, околиските началства, на воените единици, на архиериските намесништва и епархиските совети. Некои добивале карактер на јавна манифестација, како например оние во Скопје.[97]

Нема сомнение дека ваквата дејност преку ученичките дружини, училиштата добивале извесни елемементи на националистичко-пропагандни институции. Таквиот карактер уште повеќе требало да доаѓа до израз низ процесот на изведувањето на наставата по историја како во основните така и во сите други видови на средни училишта. Големосрпските владеачки кругови вешто ја искористувале наставата по историја, бидејќи под фирма на негување на патриотизмот тие всушност го воспитувале младото поколение во верноста спрема буржоаската држава. Тоа впрочем можело да се постигнува преку историската настава бидејќи историјата е единствена општествена наука која го проучува целокупното минато на човештвото и воопшто развитокот на човечкото друштво во сета негова разновресност и конкретност. Имено, од сите општествени науки историјата може најлесно популарно да се изнесува и да се прилагодува на различните степени на образованието. Историјта како наставен предмет е многу

погодна за одбирање нао оние содржини преку кои владеачките кругови сакаат да ги воспитуваат младите во одреден правец.

Преку прокламираната програма по историја најизричито доагала до израз национализмот како идеолошка основа на општата денационализаторска политика на големосрпската буржоазија спрема македонскиот народ. Тоа може добро да се види од неколкуте моменти што ќе ги изнесиме во продолжение.

Во основните училишта во Македонија , како и на подрачјето на Србија, се до учебната 1926/27 година биле во важност оние наставни планови и програми што важеле за кралството Србија уште пред балканските војни, со мали дополненија и измени од 1919/1920 година.[99] Историјата како предмет се изучувала во III и IV одделение со 2 односно 3 часа неделно. Во III одделение се изучувале позначајните историски настани од историјта на"српскиот" народ во околината каде работи училиштето и тоа главно преку слики и приказни а во IV одделение веќе се јавувале извесни констроирани историско-методски единици започнувајќи од старата постојбина на Словените па се до доагањето на кралот Александар н кралскиот престол во СХС. И во двете одделенија тежиштето било дадено на политичката и нешто малу културната историја на српскиот народ. Посебно внимание се обрнувало на оние моменти преку кои се"сведочило"за величината и славата - територијалното ширење и политичкото јакнење на средновековната немањичка држава. Значајно место заземале и прашањата поврзани со српските ослободителни востанија од почетокот на XIX век и особено улогата на кралството Србија во создавањето на новата држава - СХС на чело со династијата на Карагорѓевиќите.

Националистичкиот приод во историјата требало да доага особено при запознавањето на учениците со настаните на"српскиот народ" во дотичната околина каде било училиштето.Наставниците по историја имале посебни задачи во врска со обработувањето на извесни настани што се одвивале за време на српската власт во Македонија во средните векови како и за време на балканските и Првата светска војна. На тој начин , од една страна се величел "херизмот и подвизите" на српскиот војник во Македонија, прикажувајќи го истовремено како ослободител на "своите браќа" во Македонија,а истовремено се изразувала и политчката тенденција дека Македонците се Срби.

Нема сомнение дека ваквиот приод во историската настава не преставувало ништо друго туку оправдување на претензиите на српската буржоазија во минатото и оправдување на наметнатата нејзина хегемонистичка политика . Наместо тежиштето да биде дадено на запознавањето на учениците со позитивните традиции и вредности на народите, вклучувајќи го и тука српскиот народ, учениците биле принудувани да им се всадуваат туги национални чувства и свест. Истотака преку тоа доагало до израз ставот дека "Јужна Србија" е класична српска земја, најстара постојбина на српскиот народ, најдраг камен на новата држава и сл.

Ваквата насоченост во историската настава била формално-правно оправдувана со уставните и законските норми. Имено, иако со четвртата одредба од членот 16 на Видовданскиот устав се предвидувало наставата во целата земја да се заснова на иста основа, таа требало да се прилагодува и спрема

средината во која училиштето се наогало.[100] Истото било предвидено и во членот 20 од Законот за народните училишта од 1904 година[101] и член 44 , одредба втора од Законот за народните училишта од 1929 година,[102] како и член 13 од Законот за средните училишта од 1912 година со неговите измени и дополненија.[103]

Оваа тенденција доаѓала до израз и преку разните упатства и препораки на Министерството за просвета. Така например во 1928 година во едно специјално упатство за просветните работници во Југославија, а кое посебно се однесувало за просветните работници во оние краеви што долгу биле под туѓинска власт /се мисли пред се на Македонија, м.б./, во кое се таксативно наброени нивните задачи како прва е забележена дека "наставниците во секоја погодна прилика во предавањата да ги истакнуваат нашите историски споменици во краевите во кое е училиштето, како од нашата стара историја , така за време на владеењето на нашите кралеви и цареви така и од поновата."[104]

Од учебната 1926/27 година започнало да се употребува нов и единствен наставен план и програма за основните училишта за цела Југославија, а со тоа и по предметот историја. Но и во нив немало никакви измени освен што во четврто одделение се придодадени 2-3 методски единици од поновата историја на кралството СХС.[105] Некои битни измени немало и со наставните планови и програми што биле донесени врз основа на Законот за народните училишта од 1929 година.[106] Вистина , во него се изричито изразува новата политичка тенденција за изградување на единствена југословенска нација, но сето тоа со цел да се маскираат големосрпските интереси. Во историската настава тоа доаѓало до израз преку фактот што во училиштата во Македонија се употребувале учебници од српски автори во кои доминатно место имала срп-

ската историјата во чии рамки влегувала и историјата на "српскиот народ" во Македонија. Тоа важело за основните и сите видови средни училишта - гимназиите, економските техникуми, граганските и занатските .107/

Елементи со националистичко-пропаганден карактер имала и наставата по веронаука и земјопис, особено тогаш кога како предмет на изучување биле српската православна црква односно "националниот земјопис". Тие, како во основните, та ка и во средните училишта, се изучувале по една цела учебна година.

Дека навистина сите предмети од така наречената национална група предмети имале специфичен третман зборува и расписот што министерот на просветата Светозар Прибичевиќ во 1922 година го упатил до сите директори на нижите и полните гимназии во Македонија и Стара Србија /12 во Македонија и 5 во КОсово/. Во него, откако најпрво е констатирано дека наставниот кадар во овие краеви треба да посвети големо внимание во сите видови училишта при изведувањето на наставата од овие предмети , а посебно на секој факт кој е од значење за народната свест, се предлага следното:

"1. наставниците по српски јазик, покрај одбраните четива што треба да ги обработуваат во училиштата, треба на учениците да им препорачува таква лектира, списанија и делови од книги кои се однесуваат на националниот карактер на овој наш народ ;

2. наставниците по историја и географија посебно да се задржуваат на настаните од историјата кои се однесуваат на местата и областите на овој дел на нашиот народ..."108/

На карајот, иако не ни е тоа предмет на разгледување, ќе ги истакнеме и некои позитивни резултати на планот на усовршувањето на наставниот процес во училиштата во Македонија. Тоа доаѓа до извесен израз пред се и само во областа предметите од на природните науки и вештините. Имено, во периодот меѓу двете светски војни, за разлика од предходниот период од крајот на XIX и почетокот на XX век, во повеќе нижи гимназии и потполните гимназии се набавени разни природно-математички збирки и друг вид нагледни средства. Истотака по предметите од странските јазици и вештините, а особено по музичко воспитување биле назначени повеќе стручни наставници, во прв ред од редовите на руските емигранти.

## 6. Задачите на наставниот кадар во вонучилишната дејност

Денационализаторската мисија на наставниот кадар требало да доаѓа до израз и во вонучилишната дејност. Тоа главно се манифестирало низ примената на политиката на општо-народно просветување. За неа се залагало не само Министерството на просветата туку и Министерството на внатрешните работи, па дури и самата Влада. Тие честопати упатувале разни упатства за тоа како да работат просветните работници на тој план со посебен акцент спрема просветните работници во "Јужна Србија". Имено, во нив изричито е потенцирана вонредно-значајната дејност на "национално-културната" улога на наставникот во вонучилишната работа, бидејќи "едно од најзначајните прашања на внатрешен план во Југославија, од кое зависило силата на таа држава, било прашањето на Јужна Србија или поблиску речено националното прашање на таа област." Ова е еден мал уводен цитат од

писмото на Министерството на внатрешните работи од 28.XII.1923 година до тогашниот министер на просветата М. Трифуновик, во кое сосема дефинитивно се истакнува дека македонскиот народ не е српски и дека ако сака Македонија да се задржи во границите на Југославија треба тој народ да се однароди т.е. посрби. Притоа во продолжение на писмото дава одговор, односно му препорачува на Министерството на просветата како може Македонија да се посрби истакнувајќи го на едно место и следното:

" На досегашната осамена акција на полицијата и војската - како заштитници на јавниот ред и мир, треба да и се придружи и културно-просветната акција. Таму треба да се појават наши културни чети и просветни четници. Потребно е за Ју на Србија да се организира и систематски спроведува една широка културно-национална дејност, во големи размери со една утврдена програма треба да се упатат долж Вардар и да се работи на негово то извршување истрајно. Треба да се ангажира целото тамошно чиновништво од сите струки кое би соработувало на тој општ програм. Свештеници, учители, лекари, судии, професори, полициски и финансиски чиновници, економисти, офицери и други треба да постанат наши национални мисионери. Треба да се организира едно движење кај нашите интелектуалци доле за создавање на хумани, спортски и витешки друштва:соколски, пеачки, театарски, стрелачки, за народно просветување , народни читалишта и воопшто да се презема се она што би ја будело националната свест, нашата култура и воопшто нашето влијание." [109]

И навистина по ова писмо, Министерството на просветата презело повеќе мерки кои имале за цел да ги подобрат"националните прилики" во"Јужна Србија". Иако и пред ова имало такви и слични иницијативи[110], сепак по 1924 година започнало поорганизирано да се применуваат разни форми на народно просветување на широките народни маси преку кои покрај општопросветните цели и други, политички, цели - да се работи на денационализација на Македонците и на"средување" на политичките прилики во Македонија. За таа цел во крајот на 1925 година во Скопје било формирано Централно друштво за народно просветување во чија управа

влевне главно лица познати како истакнати борци за србизирање на македонскиот народ - преставници на највисоките просветни органи и институции, потоа на српската православна црква и на управните и воените органи.[111/]

Управата на споменатото друштво изработило свои правила што ги усвоило Министерството на просветата, а чија главна задача била божем дека ке работи на општо просветување на народот во "Јужна Србија", а всушност преку отварање на библиотеките и читалните, формирањето на курсеви и семинари за описменување, како и организирањето на јавни предавања се настојувало преку се да се развива и подигнува "српскара" национална свест и чувство кај македонскиот народ.[112/] Во оваа смисла биле издадени повеке упатства и наредби до просветните работници. Така например во 1927 година , тогашниот министер на просветата Коста Кумануди, по разгледувањето на тешката политичка состојба во "Јужна Србија" од страна на Министерскиот совет, испратил циркуларно писмо до трите просветни одделенија на областите во Македонија, во кое се даваат упатства за вонучилишната "културно-национална" дејност на просветните работници. Еве што , покрај другото стој во ова писмо:

"Но ништо не е помалку важна и нивната работа /се мисли на учителите н.б./ вон училиштето, во народот. Народните учители во прв ред, но и сите просветни работници, упатени со природата на својата во народот и со народот, должни се да предначат со примерот во лубовта спрема заостанатиот и запуштениот народ на Јужна Србија, во личната исправност во службата и вон неа, во будењето и развивањето на државната и националната свест, во предсретливоста на секое место и спрема секого.Помогнувајки со секое културно движење, се што иде на морално, умно и физичко усовршување не само на подмладокот туку и на возрасните, давајки дури и иницијатива каде за тоа има можности, професорите и учителите ке се оддолжат спрема Татковината, ке ја задолжат Јужна Србија и ке срекнат признание во историјата.

Угледувајки се на своите стари другари од старите краеви, професори и учители, кои во долгата и предаката работа за релативно кратко време го спремиле оноа големо поколение кое ја пренело славата на Србите по целиот свет, - просветните работници во Јужна Србија треба да и помогнат, да и дадат рака за да што порано и што полесно ги стигне другите српски краеви на нашата Кралевина, краеви кои повеке се развиле во сите гранки на културниот живот.

Особено скренувам внимание да посебна грижа се посвети на созбивање на покраинските, племенските и верските исклучивости, подржувајки и помагајки ги толеранцијата и слогата како помегу самото чиновништво, така и мегу народот, и чиновништвото и народот. Просветните работници први се повикани да внесуваат хармонија во тие односи."113/

Во сличен дух било испратено писмо до сите просветни работници во кралството СХС во 1928 година, но во кое имало и посебни задачи за просветните работници во оние краеви што биле подолгу време под турско ропство. Така, например, за да можат тие повеке да се ангажираат на планот на развивање на "национално-пропагадната дејност мегу широките народни слоеви, Министерството на просветата им дозволило да се договорат со околиските надзорници, извесни содржини што се предвидени во наставниот програм да ги пократко обработат. Таквите наставници дури и посебно биле одликувани.[114/]

Најпогодна и најмасовна форма на планот на општо "националното" воспитување биле јавните предавања. Тие ги организирале околиските надзорници, управителите на училиштата и наставниците по националната група предмети. Скоро на секој државен или верски празник тие биле задолжувани од страна на просветните и другите органи да држат јавни предавања. Некои од предавањата со одобрение на Министерството на просветата, биле посебно препечатувани и држани потоа во разни места.[115/] Таквите предавања имало главно националистичко-пропаганден карактер.

Наставниот кадар во Македонија , во вон училишната дејност бил задолжуван и со други задачи. Посебно значење им се давало на задачите околу ширењето на обичајот на српската слава во Македонија. Уште во првите години по Војната, владеачките кругови на Кралството СХС испраќале разни писма до инспекторите и надзорниците и управителите на училиштата, во ко покрај другите задачи ги задолжувале и со тоа да ја шират слават меѓу широките народни маси во Македонија, како преку личен пример така и преку присуство на живните слави. Овие напори особено стануваат актуелни во крајот на 20-тите години кога се увидело дека несредените политички прилики во "Јужна Србија" ве и последица на непостоење на српска национална свест и сознание кај широките народни маси. Значајна улога на тој план играл Министерството на внатрешните работи. На негов предлог, в април 1928 година, Министерството на просветата испратило специјално циркуларно писмо до обласните инспектори, околиските училишни надзорници и управителите на училиштата. Во него , откако се констатира дека славата е српски народен обичај со кој Србите се одликуваат од сите други словенски народи , и дека божем како резултат на страната пропаганда овој обичај во Јужна Србија бил заборавен, завршува со следните зборови:

"Нашиот национален интерес ни налага да ја обновиме славата со која се потикнува и јакне националното освестување ... па затоа се препорачува на наставниците на сите училишта да на згоден начин дејствуваат во тој правец и при секоја погодна прилика што ќе им се укаже да одат во посета на семејствата што слават, за да би го со тоа подигнале значењето на славата и постепено други да ја обноват."/116/

Слични упатства биле дадени и во расписот на Министерството на просветата што во 1929 година било упатено до сите просветни одделенија на областите во "Јужна Србија". Во него покрај другото изричито се препорачувало на училишните надзорници да внимаваат на тоа особено како се празнувала школскта слава на денот Свети Сава и притоа дури се истакнувало дека работата на овој план на просветните работници ќе се зела во предвид при оценувањето.[117/]

Дека навистина учителите биле административно задолжувани да работат на "обновата" на славата ни покажуваат и повеќето извештаи што и денес се чуваат во фондот на министерството за просвета во Архивот на Југославија во Белград. Посебни такви напори биле правени во пограничните краеви - Струмичко, Дојранско и Ѓевгелиско. Од првиот крај се чуваат неколку списоци од кои се гледа кои учители во кои села но колку семејства успеале да ги натераат да ја "обноват" српската слава.[118/]

Владеачките кругови на стара Југославија, преку својта просветна бирократија, применувале и други форми на "национално" воспитување во вонаставната дејност. Една од нив била и воспитувањето на тој план преку интернатскиот начин на живеење на учениците од второстепеното школство. Вистина е дека Македонија немала услови за издржување на интернатите, нити,пак, државата имала обврска од таков карактер. Но, сепак, врз основа на чл. 13 од Законот за средните училишта , Министерството на просветата можело да нареди во некои средни училиште да се заведе интернатски начин на живеење на учениците.[119/] Притоа, значајна морална и материјална поткрепа давале разни националистички култур-

но-просветни друштва - Друштвото Свети Сава, Колото на српските сестри, Друштвото Кнегиња Зорка и други. Така уште во 1919 година Министерството на просветата отпуштило кредити за ученичката трпеза во Скопје,[120/] а во учебната 1919/1920 година во Велес работел ученички дом со трпеза со помош на споменатите друштва.[121/] Подоцна се отвориле такви институции и во другите места во Македонија но истите редко се задржувале освен во Скопје и Битола.

Преку интернатскиот начин на живеење, се настојувало, покрај создавањето на подобри услови за совладување на наставното градиво,, учениците за време на своето школување подобро да го совладуваат српскиот јазик. Тоа впрочем често го истакнувале постојните училишни извештаи од тоа време до Министерството на просветата, во кои се зборува дека учениците од Македонија и по завршувањето на средните училишта зборувале на својот мајчин јазик, односно не го владееле добро српскиот јазик.

Исто така преку интернатите се создавало можности и за примена на разни методи во "националното" воспитание на учениците. Тоа посебно доагало до израз во домовите-интернати на територијата на Србија, а што ги организирала државата или биле под патронатство на некои од споменатите друштва. За ова посебно се залагало и Министерството на внатрешните работи, кое во 1924 година преку Министерството на просветата изричито барало да се заложи, во Белград, во домот-интернат на Колото на српските сестри да се примаат пред се ученици од Македонија, а особено од Брегалничката област. Дури и самото Министерство на внатрешните работи успеало во споменатиот дом да прими неколку ученици и ученички од Штип и Струмица како негови питомци.[122/] Од приме-

ните ученици се настојувало за време на школувањето да се создадат"здрави национални радници" за "Јужна Србија" без разлика на видот на средното училиште.

Таквата политичка мерка уште повеке се употребувала по 1929 година. Имено, со цел од една страна да се вешто прикрие новата просветна политика во Македонија со укинувањето на гимназиите, а од друга страна да можат да создадат и постојанни носители на големосрбизмот од редовите на Македонците, во периодот од 1929-1940 година, држават школувала повеке ученици, главно на сиромашни родители од Македонија, во гимназиите и учителските училишта во Неготин ,Белград, Крушевац, Горни Милановац и Крагујевац. Владеачките кругови сметале дека кај овие ученици ке може полесно да им се всадуваат српка национална свест и чувство наогајки се мегу компактно српско население.

Друга вонаставна форма преку која се сметало исто така дека ке влијае позитивно на планот на "националното воспитување" на учениците била воспоставувањето на врски помегу учениците од Македонија со учениците од Србија. Тоа можело да се остварува преку бројните екскурзии и заемните посети помегу училиштата. При посетите обично се организирале разни предавања, особено во местата каде имало историски споменици, разни литературно-музички приредби и забави и слично , чија содржина имала пред се национлистичко-пропаганден карактер.

Овие, како и многубројните други форми ~~не дале~~ на планот на големосрпското национално воспитание не дале никакви резултати. Скоро целата македонска интелигенција останала верна на идеалите на својот народ и не се ставила во служба на големосрпс-

ките владеачки кругови. Голем дел од нив, под иницијатива на КПЈ зеле и активно учество во разните форми на отпор не само против денационализаторската улога на културно-просветната политика, ами и воопшто против политиката на национално-политичко и економско угнетување на македонскиот народ.[123/]

На крајот ке истакнеме и некои позитивни резултати од вонучилишната дејност на наставниот кадар во училиштата во Македонија на планот на општонародното просветување. Учителите, особено оние во селските средини, за тоа време преставувале најобразовните лица . Преку нив се организирале и извесни предавања во кои не доагало до израз национализмот на српската буржоазија. Впрочем и сите учители што биле поставени на служба во Македонија од Србија и другите краеви на Југославија не дејствувале на таа основа. Напротив, доста од нив зеле многу активно учество во прогресивното движење не само на учителите туку и во општото прогресивно и антифашистичко движење. Посебно значење на општопросветен план имале предавањата од обласата на земјоделството, хигиената и здравјето, потоа организирањето на мали читални и библиотеки, одржувањето на курсеви за описменување и слично. Во таа смисла , до просветните работници во целата земја биле уптувани разни напатствија . Но карактеристично е тоа што во "Јужна Србија" , владеачките кругови,преку околиските надзорници и другите просветни и несамо просветни органи, настојувале да ги искористат за свиоте националистички цели.

## Фусноти за глава II

## СПЕЦИФИЧНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА СТАРА ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

1. Архив Југославије, /А.Ј/, Фонд - Министарство просвете /МН/, Општи регистар за 1918/19 година, Бгд.

2. Исто. Исправите за поставување на учители и професори ги добивал застапникот на делегатот на Министерството на просветата и црковните работи - Бошко Бинковик.

3. Драгослав Обрадовић -Просветне прилики у Јужној Србији, Гласник професорског друштва, Год. V, Св.V,Бгд.,1926,стр.295

4. Главниот просветен совет преставувал еден вид стручен орган при Министерството на просветата. Тој постоел и во Кралството Србија до 1918 година. Него главно го сочинувале истакнати високошколски професори и научници, потоа началници на одделенијата при Министерството на просветата и областите, односно бановините и понекој учител или професор главно од Белград. Советот играл главна улога од советодавен карактер во врска со прашања од областа на училишниот систем и реализацијата на целите и задачите на просветната политика воопшто во Југославија , а особено спрема македонскиот народ.

5. С. Марковић и И. Ивановић - Школство у Јужној Србији од 1912-1937 година, Споменица 25-годишњице ослобођење Јужне Србије, Скопје, 1937, стр.910.

6. Исто.

7. Исто, стр.637-639.

8. Податоците за нижите и потполните гимназии се сумирани според Општиот регистар за 1919,1920 , 1921 и 1922 година што се чува во Архивот на Југославија и училишните извештаи што се публикувани во периодот 1929-1940 година. Исто така консултирани се и податоците што се дадени во книгите: Споменица 25-годишњице ослобођење Јужне Србије... стр.929-939 и Алманах бановина, Вардарска бановина, Скопље, 1931 година,стр.39-43.

9. Архив Југославије, Фонд- Министарство трговине и индустрије/65/, Фасцикли 1679,1680,1681,1684,1686,1688,1689,169о и 1691. Под патронатсво на Колото на српските сестри работеле следните женско-занатски училишта во: Царево село, Дебар, Кичево КОчани, Велес, Прилеп, Скопје , Тетово, Свети Николе, Струга и Струмица.

10. Женското друштво од Белград ги држел под патронат училиштата во Скопје,Кавадарци и Штип; Женското друштво "Јован Бигорски" училиштето во Дебар и Женското друштво Свети Климент- училиштето во Охрид.

11. Зборник закона и важнијих расписа,одлука и наредаба, I, Бгд., 1921.

12. Средношколски зборник, I, Бгд., 1920.

13. В. "Службене новине",бр.217/14.IX.1929

14. Исто, бр.231/30.IX.1929.

15.Исто, бр.289/9.X...1929.

16. J. Живановић - Главни просветни савет, Гласник професорског друштва, Год.VII/1927, кн.VII, св.1, стр.27-30.

17. Зборник закона ...I, Бгд.

18."Школе у Јужној Србији ", в. "Матица Српска",Књ. 307, св. III, Нови Сад, стр.272.

19. А. Донковић - Просветне прилики на Југу, сп. "Нова Европа", бр.4-5/26.VIII.1928, стр. 107.

20. А. Мусанић - Просвета у Јужној Србији, в."Наша стара Србија",27.I.1927.

21. Устав кралевине Срба, Хрвата и Словенаца, Бгд., 1921.

22. В. "Службене новине", 9.XII.1929.

23. Таквите извештаи главно се чуваат во Фондот на Министерството на просветата при Архивот на ЈУгославија во фасциклите: 8,10,13, 15,16,19,20,21, 53, 61, 63.

24. Акт Пов. бр. 877/11.V,1921,АЈ, Фонд - МП,фсац.53, единица114.

25. Акт ПОв.бр.3823/13.V..1921, АЈ,Ф.-МП, фасц. 2о,ед.48.

26. Акт Пов. бр.1/3.I.1920, ед.48,фасц. 21,Фонд-МП,AJ,Бгд.

27. Исто.

28. Акт Пов.бр.70/12.II.1927 (фасц.62,ед.161) и Акт Пов.бр.704/22.IV1921, фасц.2, ед.48, АЈ,Б.

29. Акт Бр.8/1921, фасц. 21,ед.50, Фонд- МП, Архив Југославиеј, Бгд.

30. К. Дошен - Културно-просветно стање Вардарске бановине, Алманах бановина Југославије, Скопље,1931, стр. 40.

31. Арх. Јосиф Михајловић - Развитак градова и варошица од ослобођења до данас, Споменица 25-годишнице ослобођења Јужне Србије, Скопље, 1937, стр.808-816.

32. С. Марковић и И. Ивановић - цит. статија, стр.924.

33. Подаци за просветне сврхе, ед. 274, фасц. 97, Фонд - МИ AJ.

34. Исто.

35. Исто.

36. Акт Пов. бр. 264/24.VII.1937, фасц.97, ед.274,Ф.-МП,AJ.

37. Според искажувањето на следните анкетирани лица:Гоне Проданов, Никола Поп-Јованов и Димитар Камчев од Валандово, Симеон Проданов и Петруш Митков од с. Марвинци, Вландовско, Томе Тодоров и Томе Бајлозов од с. Пирава, Валандовско, Ангел Јанев и Никола Дебников од с. Смоквица, Гевгелиско и Глигор Божинов и Ристо Динев од село Миравци, Гевгелиско.

38. В. "Наша стара Србија", 2.V..1926;4.VI.1926.

39. Акт Бр.484/21.XII.1920, АИНИ, к.5, Фонд-III армиска област, Скопје.

40. Споменица 25-годишнице ослобођења Јужне Србије...стр.919

41. В. "Наша реч", бр.9-10/5.I.1940.

42. Споменица ослобођење Јуж. Србије..., стр. 934-937.

43. Исто, стр. 945.

44. Гласник професорског друштва, Год. X, св.6-8/1920, стр. 472-488.

45. В. "Службене новине",27.VIII.1928, Бгд.

46. Исто.

47. Акт Пов. бр. 2990/1931, ед.43, фац.20, Фонд- МП, AJ, Бгд.

48.-Пошироко за ова видите во статијата на МИтко Илиевски- Патот до III учителска група, Гласник на ИНИ, Год. XVI,бр.2/1972,стр.243-273

49. В. "Вардар", 25.V.1932 година.

50. Т. Шоптрајанов - Сто години гимназијално образование во Велес, 1960, стр. 135.

51. Г. Кандиларовъ - Българските гимназии и основни училишта въ Солун, 1930, стр. 88-115 и 157-176.

52. Исто.

53. В. Картов - Гевгелија и гевгелискиот крај од балканските војни до ослободувањето, Скопје, 1969, стр.107-109.

54. Г. Кандиларовъ - цит. книга.

55. Годишни извештаи на гимназиите во Македонија во периодот меѓу двете светски војни, Национална библиотека/Н.Б./, Скопје.

56. Најмногу такви документи во вид на извештаи и писма до Министерството на просветата се наоѓаат во фасциклите 13,20,21,61, 62 и 53 при фондот на Минатото министерство во Архивот на Југославија,Бгд

57. Драгослав С. Обрадовиќ бил роден во 1879 година, во село Забрдица, Валевско. По завршувањето на Великата школа во Белград, во 1897 година бил поставен за професор во српската солунска гимназија. Во 1903 година станал директор на истата гимназија и на таа функција останал се до 1910 година кога била укината. Во периодот 1910-1913 година бил директор на српските гимназии во Скопје и Ниш, а во учебната 1913/1914 и 1914/1915 година вршел должност на просветен инспектор на Скопската област. Во 1919 година бил пензиониран, а во 1931 година умира во Белград. / Податоците се земени од меморијалната статија за него во списанието "Братство", XXVI, Бгд., 1932 година.

58. Директорите на средните училишта ги поставувало Министерството на просветата на предлог на обласните инспектори односно банските училишни надзорници, а на основните училишта на предлог на околиските училишни надзорници. Но, и за едните и другите обавезно се консултирало мислењето на Главниот просветен совет.

59. В. "Вардар",21.IX1933 година.

59а. Акти во врска со антидржавна дејност, фсцикли:13, 20,53, 60 и 61, Фонд - МП, АЈ, Бгд.

60. Фасц.20, Фонд - МП, АЈ, Бгд.

61. Акт Пов. бр. 25/6.XI1919, фасц. 8, Фонд-МП,AJ,Бгд.

62. Акти без бр. 13.V. и 18.XI.1920 и Акт Пов. бр.3/13.II. 1921 год., Фасц,8, ед.26, фонд - МП, AJ, Бгд.

63. Акт Пов.ОНбр.41/192о година, фасц.2о,ед.48,фонд - МП, AJ, Бгд.

64. Акт Пов. бр. 509/31.VII.1930, фасц. 20, фонд - МП, AJ, Бгд.

65. В. "Наша стара Србија",12.XII.1926.

65а. Учителската организација , како и професорската, преставувала стежка организација, Во рамките на целото подрачје на Југославија била организационно организирана на централистички принцип. По областите постоеле обласни секции, а покасно бановински, а по околиите околиски. Раководствата на сите нејзини организационни единици, според интенциите на владеачките кругови, требало да бидат во рацетек на нивните привврзеници претставниците на просветната бирократија. Но не било редок случај кога тие минувале и во редовите на напредните учители. Иако тоа не е предмет на нашата тема, сепак во заклучоците накратко ке стане збор и за тоа прашање кога ке зборуваме за некои манифестации на отпор против целите на големосрпската просветна политика.

66. В. "Наша стара Србија" , 18,19 и 20.XII.1926.

67. Исто, 1.XII.1927.

68. Акти Пов. бр.28 и 4/1924 год., фасц. 13, фонд - МП AJ, Бгд.

69. Фасцикли:20,21, 60 и 61, фонд - МП, AJ, Бгд.

70. Политичките прилики во Македонија започнале особено да се влошуваат по 1922 година кога започнале да навлегуваат во Вардарска Македонија четите на "автономистичката" Тодор Александрова и Протугерова ВМРО. Тогаш всушност започнал и двојниот терор врз македонскиот народ што траел скоро непрекидно се до 1934 година. Посебно тешка била положбата во Брегалничката област, за која впрочем зборуваат многубројните документи од тој крај.

70а. Акт Пов. бр.1205/9.IV.1927,ед.169,фасц.62,фонд -МП,АЈ,Б
71. Акт Пов. бр.5388/12.XII.1922,ед.160,фасц.61,ф.-МП,АЈ,Бгд
72. Акт Пов.Ј.бр.998/4.IV1923,ед.48,фасц.20,фонд-МП,АЈ,Бгд.
73. Акт Пов.Ј.бр.4485/17.X1923,ед.161,фасц.62,фонд-МП,АЈ,Бгд
74. Акт Пов, з. бр.6908/3о.IV.1927,ед.160,фас.61 ф.-МП,АЈ,Б
75.Акт Пов. бр.323/2.V1927,ед.160,фасц.61,фонд-МП,АЈ,Бгд.
76. Акт Пов.О.Н.бр.83/17.XII.1919,ед.48,фасц.20,ф.МП,АЈ,Бгд.
77. Пропусти и тешкоћа у раду на националном просвећивању, фасц.20,ед.48/1921, фонд-МП,АЈ,Бгд.
78. Акт Пов.бр.10439/26.XI.1925,ед.161,фасц.62,фонд-МП,АЈ,Бг
78а. Акт Пов.бр.1066/10.IV.1928,ед.161,фасц.62,ф.-МП,АЈ,Бгд.
79.Акт Пов.бр.102/15.II.1928,ед,161,фасц.62,фонд-МП,АЈ,Бгд.
80.Акт Пов.бр.5281/22.XII.1927, фасц.62,ед.161,ф.-МП,АЈ,Бгд.
81. Исто.
82. Акт Пов.бр. -/1925,фасц.61,ед.160,фонд-МП,АЈ,Бгд.
83. Акт Пов.бр.1433/21.X.1932,ед.49,фасц.21,фонд-МП,АЈ,Бгд.
84. Акт Пов.бр.-/IX.1939,ед.48,фасц.20,фонд-МП,АЈ,Бгд.

Еве како изгледал бројот на празните учителски места во Македонија во 1939 годинапо околии: Мариовска-12, Горнодебарска-6,Гевгелиска -10, Дојранска-6,Жеглиговска-14, Кичевска 13, Штипска-2,Велешка-10,Горнополошка-7,Охридска-9,Струшко-6, Неготинска6, Кичевска-13,Поречко-12,Кривопаланчка-12, Крушевска -12, Преспанска-8,Прилепска 12,Струмичка 11,Радовишка 19, Овчеполска15,Долнополошка 17, Галичка-1о,Скопска 7,Пчинска 7, Кавадарска-13, Кратовска -12 и Малешевска-12.

85.Акт Пов. бр.745/6.VIII.1940,ед.49,фасц.21,фонд-МП,АЈ,Б.
86. Акт Пов,бр.-/1921,ед.109,фасц.52,фонд-МП,АЈ,Бгд.
87. В. "Народна просвета", бр.19/2.XI.1932.
88. Вакви и слични констатации се среќават во скоро сите редовни и вонредни извештаи на просветните органо од Македонија директорите на сите видови училишта, потоа на околиските надзорници, обласните односно банските инспектори,одделенијата за просвета при областитеодносно банската управа, околиските началства и органите на безбедноста и војската./Фасцикли:8,9,20, 21,60,61,62, 1919-19140,фонд-МП,АЈ,Бгд.

89. Акт Пов.бр.99/17.II.1927,ед.161,фасц.62,фонд-МП,АЈ,Бгд.

90. Според насравните планови од Законот за народните училишта Зборник закона и ...,I,1921 и од 1904 со измените и дополнувањара /Најнови учитељски зборник,Бгд. 1928,стр.27/ и Законот за истите училишта од 5.XII.1929 година /В. "Службене новине", 9.XII.1929/.

91. Закон за средните училишта од 1912 со измените и дополнувањара и од17.IX.1929; Закон за граѓанските училишта од 1931 и за нижите стручни и занатски училишта од 1932.

92. Женска занатска школа -Прилеп, ед.П,фасц. 686, фонд-Министерството на трговијата и индустријата,АЈ, Бгд.

93. Напомене и упутстава Министерство просвете просветним радницима нарочито у оним крајевима који су доскоро били под туђинским влашћу, Акт Пов.бр.1130/24.I.1928, Најнови учитељски зборник,стр.224.

94.Ученичката дружина "Српско коло" била една од најстарите ученички дружини на српските училишта во Македонија. Била формирана уште во 1903 година, а обновена уште во 1919 година.

Литературната дружина "Дојчин" била формирана во почетокот на XX век при српската скопска гимназија, а дружината Кирил и Методија" во битолската српска гимназија во 1914 година.

Во периодот меѓу двете светски војни биле основани и работеле ученички дружини и во следните места каде имало средни училишта Велес, Штип, Прилеп, Гевгелија, Струмица и Кочани./Споменца 25-годишнице ослобођења Јужне Србије...,стр.950-951./

Преку споменатите ученички дружини се примале и растурале меѓу учениците и населението разни јавни гласила што имале спрема македонскиот народ националистичко-пропаганден карактер.

95. Алманах средношколских жупа Јужне Србије,1932,Ск., стр.4-6.

96. Акт О.Н.Бр.642/12.IV.1934,фасц.22,фонд-МП,АЈ,Бгд.

97. В. "Вардар",26,27 и 28.I.1934.

98. Зборник закона и важнијих прописа...,I,Бгд., стр.128; Најнови учитељски зборник,Бгд.,1928, стр.27.

100. Устав кралевине Срба , Хрвата и Словенаца, Београд,1921, стр.12.

xxxx 101. Зборник закона и важнихрасписа ..., Бгд.,1921,I.

1o2. Закон о народним школама, в."Службене новине",9.XII 1929 година.

103. Закон о средним школама, Срденошколски зборник,I, Бгд.,1920,стр.8-9.

104. Најнови учитељски зборник..., стр. 224.

105.Исто, стр.31-33

1o6. В."Службене новине",9.XII.1929 година.

107. Во периодот мегу двете светски војни во училиштата во Македонија се употребувале оние учебници кои биле во важност во Србија. Покрај , другите се употребувале и овие учебници во Македонија:Лука Зрнић- Историја српског народа, за IV разред; Ст. Станојевић и М. Вукућевић - Историја српског народа за средне и стручне школе, Бгд. 1921. Истиот учебник се употребувал и за III и IV разред на нижите гимназии; J.Ђорђевић - В. Радојевић - Историја Срба, Хрвата и Словенаца ~~xxxxxxxxxxxxxxxxxx xxxxx~~ , Бгд., I и II део, 1922.; А. Гавриловић-Историска читан-, Бгд.,1925.; Историја СРба, Хрвата и Слобенаца за основне школе,Бгд.,1920.

1o8. Акт Пов. С.Н.бр.20/8.II.1922,ед.114, фасц.53,фонд-МП,AJ, Бгд.

109. Акт Пов.J.Бр.5546/28.XII.1923,ед.161,фасц.62,фонд-МП, AJ, Бгд.

110. Уште во 1919 година Министерството на просветата препорачало до обласните инпектори во Македонијаи стара Србија да се формираат во сите околии културни подобори кои би организирале одржување јавни предавања за широкото население. /Акт О.Н.бр.29118/1919,фасц.48,фонд-МП,AJ, Бгд./

Во текот на 192o-1922 година се организирале во неколку места за време на зимските месеци вечерни училишта за возрасното население. Паралелно со описменувањето се вршело и еден вид пропаганда кај истото население за да може да биде посрбено. /Документи во фасц.49,ед.95/1920-1922,фонд-МП,AJ,Бгд.

111. Во Главната управа, покрај другите влегле и овие лица: прота Божо Николик, председател на Духовниот суд, Драгомир Обрадовик, просветен инспектор, д-р Радослав Грујик, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Св.Р. Милосавлевик, учител, уредник на весникот Завичај, д-р Петар Јовановик, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Милан Илик, печатар, прота Стојан Атанацковик,свештеник, Станојло Димитријевик, уредник на весникот "Српско Косово", Боголуб Радетик, уредник на весникот "Наша стара Србија" и други главно офицери, чиновници,свештеници и учители./В."Наша стара Србија,1.II.1926

112. Исто.

113.Акт Пов.бр.807/27.XII.1927,фасц.53,ед.161,ф.-МП,AJ,Бгд.

114.Акт Пов.бр.1130/24.I.1928,Најнови учитељски зборник..., стр.224-225.

115. Исто. Акт Пов. бр.807/27.XII.1928, Најнови учит.зборник..

116.Рад на обнове и ширење слава у Јужној Србији,ед.161,фасц. 62, AJ, фонд-МП,Бгд.

117. Акт Пов.бр.261/21.II.29,ед.161,фасц.62,ф.-МП,AJ,Бгд.

118. Повеке акти во единицата 161,фасц.62,ф.-МП,AJ,Бгд.

119.Средношколски зборник...стр.8-9.

120. Акт бр.75/3.IV.1919, ед.114,фасц.53,фонд-МП,Aj,Бгд.

121. Годишни извештај Велешке гимназије за 1922/23,Ск.,1923, стр.53.

122. Акт Пов.J.бр.5546/18.XII.1923, фонд- МП,AJ,Бгд.

123. М. Илиевски- цит. статија...,стр. 245-273.

# Г Л А В А   III

## МЕСТОТО И УЛОГАТА НА НАУЧНО-КУЛТУРНИТЕ УСТАНОВИ И ЈАВНИОТ ПЕЧАТ ВО ПОЛИТИКАТА НА СТАРА ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

### 1. Основањето на Филозофскиот факултет во Скопје и неговата идејно-политичка улога во периодот мегу двете светски војни

Првата високошколска институција во Македонија, основана е во Скопје, во 1920 година. Тоа е Филозофскиот факултет, формиран како огранок на Филозофскиот факултет во Белград. Идејата за и вератана кралството СХС Неговото основање го инициралo министерот на просветата П. Маринковиќ во 1919 година, а веднаш потоа истата ја прифатило тогашниот Ректорат на Белградскиот универзитет на чело со Јован Цвијиќ.[1]

На Филозофскиот факултет во Скопје постоеле и работеле само неколку катедри од областа на хуманитарно-општесвено-јазична насока и групата географија од областа на природните науки. Со актот за основање на споменатиот факултет се предвидувало да постојат 11 групи /филозофија со педагогија, географија, етнографија и етнологија, српски со јужнословенските јазици, останатите словенски јазици со нивните литератури, историја на српската литература со југословенската литература, класична филологоја, историја на СХС со историја на Балканскиот полуостров, општа историја, историја на Византија и археологија со историја на старата уметност/, мегутоа поради немање на стручни кадри а и поради други причини, некои од споменативе групи воопшто не биле формирани или, пак, биле мегусебно спојувани.

Задачите на Филозофскиот факултет биле декларативно определени уште во во Уредбата за оснивање на споменатив факултет во Скопје и Правниот факултет во Суботица, во 1920 година, а подоцна потврдувани или малку модифицирани со дрги акти на Министерството на просветата на кралството СХС односно Југославија.[1a] Така например во член 1 од Уредбата за филозофските факултети во земјата од 1932 година стои изричито дека задачите на сите филозофски факултеи во земјата, а тоа значи и за скопскиот, биле:

а. да ја обработуваат науката и припремаат стручни кадри ;

б. да подготвуваат наставници за средните училишта ...[2]

Мегутоа, покрај овие чисто научни и општопросветни задачи, на Филозофскиот факултет во Скопје му биле поставени и посебни, специфични, задачи. Тие, всушност произлегувале врз основа на прокламираната и практично спроведуваната општа денационализаторска политика спрема македонскиот народ од страна на владеачкиот режим. И не само тоа. На специфичните задачи дури им се давало и првостепено значење. Имено, Филозофскиот факултет требало пред се да ја подигнува и шири "српската" национална просвета и да биде расадник на "српската" национална мисла во "Јужна Србија". Накратко речено, требало да игра значајна улога во денационализаторската и асимилаторската политика на големосрпските владеачки кругови спрема македонскиот народ.

Денационализаторската улога и специфичните задачи на Филозофскиот факултет на тој план биле истакнати уште во преговорите околу неговото основање помеѓу министерот на просветата Павле Маринковиќ и ректорот на Белградскиот универзитет Јован Цвијиќ. Во писмото што во 1919 година по тој повод го упатил споменатиот министер до Цвијиќ било истакнато, покрај општо-просветното и научното значење , и големата"национална" улога што требало да ја игра Филозофскиот факултет.[3] Не е тешко да се одговори на тоа какво големо "национално" значење требало да има споменатиот факултет! Пред сé тука се мисли на неговата националистичка мисија - да подготвува такви високообразовани ~~луѓе~~ кадри кои би биле пропагатори на српската национална мисла и свест како меѓу младото македонско поколение во средните училишта, така и меѓу широките народни маси. Исто така било истакнато и тоа дека самиот факултет би бил центар од каде би се ширила големосрпската националистичка идеологија преку разни видови и средства за кои ќе стане збор покасно. Ректоро не само што ја прифатил препораката за основање на факултет, туку и дал конкретен предлог во таа смисла. Имено, предложил Министерството на просветата веднаш да се заложи пред Кралската влада да формира филозофски факултет со национално-хуманис~~тичка~~тарна насока кој би имал за задача"да ја испитува земјата, народот и старите цивилизации."[4]

Денационализаторслата мисија што Филозофскиот факултет требало да ја игра била изричито потенцирана и во подоцнешните акти, како на неговите управни органи, така и на органите на владеачкиот режим. Така уште на 29.IV.1921 година

првиот декан на Факултетот д-р Стеван Остојиќ во еден Меморандум до Министерскиот совет и Министерствата на просветата, финасиите и внатрешните работи, потоа до Ректоратот на Универзитетот во Белград, Деканатот на Филозофскиот факултет, Белград и до началникот на Скопскиот округ и народниот пратеник Милутин Шушкаловиќ, апелирајќи до нив за обезбедување на поголема финансиска помош за опремување на факултетска библиотека и студентски дом како и околу привлекување на поафирмирани професори за овој факултет пишувал:

"Овде постоји елемент што нам ни е противен, којшто дури непријателски дише кон се она што е наше, кого што го поттикнуваат и подбуцнуваат да ја омаловажува нашата култура... Поголемиот дел од нашите студенти потекнува од овие јужни краишта; тој број, веројатно, ќе се зголемува. Ние веќе сега чувствуваме дека не е добро поголем број студенти да ги сочинуваат младежите национално не сосема свесни, често и одродени. Почнал да се формира студентски живот далечен и туѓ на нашите национални идеали. А националните и другите против националните елементи треба да се мајоризираат. Кога овде би дошле околу 100 студенти од национално свесните краишта /се мисли на лица со големосрпски идеали, м.з./ со тоа прашањето на национализмот овде уште нема да биде решено, но ќе се затапи острилото и целата работа ќе тргне по правиот пат."5/

Врз основа на цитираниот документ може да се констатира дека Филозофскиот факултет бил основан пред се и заради определени "државно-национални" интереси, односно да даде допринос како во зацврстувањето на новата државна заедница-кралството СХС ~~така и заради~~, создадена и заснована врз интересите на карађорѓевичката династија и големосрпската буржоазија, така и заради разбудувањето и развивањето на националната свест и сознание кај "српскиот" народ во "Јужна Србија." За да се реализираат овие идејно-политички тенденции, ~~Стеван~~ Тихомир Остојиќ во

споменатото писмо барал за наставници да бидат поставувани оние лица "што би биле не само научно способни туку и одушевени за работа мегу народот и како такви да вршат и улога на културно мисионерство".[6]

"Национално-културната" улога на Филозофскиот факултет била истакнувана и во секој редовен извештај на неговиот декан до Министерството на просветата. Тоа посебно било истакнувано при барањето за отварање и на катедри од природно-математичките науки.[7] Исто така тоа било потенцирано во крајот на 20-тите и почеток на 30-тите години кога се пренесувале разни вести за негово укинување. Имено, откакако владеачките големосрпски кругови се увериле дека Филозофскиот факултет не се претворува целосно во институција која успешно ке ги шири големосрпските идеали и цели започнале да се носат со мисла истиот да го затворат, како што впрочем тоа направиле со повекето гимназии во Македонија. Како последица на таквите планови, во Филозофскиот факултет во Скопје биле одржани две јавни конференции на кои зеле учество ректорот на Белградскиот универзитет Марковик и деканот на Филозофскиот факултет во Белград Поповик. Во дискусијата на првиот ден зеле учество скоро сите наставници на Факултетот и секој посебно го потенцирал фактот дека Филозофскиот факултет во Скопје треба да остане бидејки играл пред се "значајна национална-културна улога" / читај:националистичка,м.з./ за "Јужна Србија," и следствено на тоа би можел да служи како многу значајно средство во парирање на дејноста на Филозофскиот факултет во Солун и Македонскиот научен институт во Софија, кои ја расп-

ространувале грчката односно бугарската кауза за Македонија.[8/] Наскоро по одржувањето на конференциите ректорот на Белградскиот универзитет испратил писмо до до тогашниот министер на просветата Б. Максимовиќ во кое како услов за опстанување на Филозофскиот факултет ја истакнал неговата "национално;културна" улога" за "Јужна Србија", а исто така и потребата од парирањето на дејноста на двете споменати институции во Солун и Софија.[9/]

Исто така, и во 1933 година, кога,ипак, пора ди ширењето на гласови во Министерството на просветата дека Филозофскиот факултет треба да се укине, деканот на Факултетот во координација со просветното одделение при Банската управа на Вардарската бановина како и самиот бан испратиле Меморандум до Министерскиот совет и Министерството на просветата во кое истакнале дека не само што не треба да се укине туку да стане "центар на нашата култура и носител на нашите традиции и проповедник на нашето државно и национално единство."[10/]

Филозофскиот факултет требало да ја изразува својата набележана денационализаторска мисија пред се низ реализацијата на наствно-научниот процес по таканаречените национална група катедри - историја, географија,етнографија и етнологија и српско-хрватски јазик. Наставниците по овие предмети, како во предавањата , така и во научната дејност, требало да обрнуваат посебно внимание на таки теми кои имале особено "национално-културно" значење за "Јужна Србија". За таа цел повремено на скопскиот Филозофски факултет држеле предавања и некои професри од Белградскиот универзитет. Така например во

време на летниот семинар во учебната 1924/25 година предавањата од областа на етнологијата и етнографијата ги држел д-р Тих. Ђорђевиќ, редовен професр на Филозофскиот факултет во Белград.[11] Тоа значи дека тежиштето на наставата во споменатата група предмети било ставено на глорифицирање на српското историско и културно минато, особено од периодот на средните векови. При тоа и се присвојувале вредностите на македонската култура /македонските народни песни,игри,културни споменици и сл./ како јужносрбијански односно српски. И не само тоа. Студентите по овие предмети биле посебно ориентирани и стимулирани кон изработување на такви семинарски работи кои биле директно поврзани со историјата, етнографијата,културата и географијата на "Јужна Србија". Така например во текот на учебните 1926/27 и 1927/28 година студентите изработиле 38 семинарски трудови по етнологија и етнографија од кои 30 се однесувале директно или индиректно од областа на народниот живот, населбите,обичајот, занатите, народната носија и силично за "српскиот народ" во "Јужна Сбија."[12]

За стимулирање на ваквите семинарски трудови биле доделувани најразновидни награди. За таа цел уште во 1922 година лично кралот Александар го формирал фондот "Свети Сава" од кој секоја година потоа се доделувале две награди - една од областа на "Српскиот јазик"и една од областа на српската "национална" историја во"Јужна Србија".[13]

Слични наградни фондови биле формирани и од некои органи на тогашната власт и управа и истакнати "национално-заслужни" борци за "Јужна Србија." Еве некои од нив.

Наградата на кралската банска управа се доделувала нанјдобрите трудови првенствено од областа на проучувањето на историјата, јазикот, животот, носијата и обичаите на народот и земјата на "Јужна Србија." Нградата на скопскиот митрополит Јосиф се доделувала само за теми од "националната" група предмети /национална историја", "национална" географија и српски јазик/. Наградата од фондот на Самуил и Голуб Јањик се однесувала само на теми од историјата и етнографијата на "Јужна Србија". Занатската и трговско-индустриската комора на Скопје оснивала фонд за наградни теми од областа на стопанството на "Јужна Србија", а Општата штедилниц и Заложниот завод на градот Скопје ги наградувале слободните теми. Повремено се распишувале и специјални конкурси за наградни теми од споменатите области, а врз основа на приложените средства од страна на извесни "заслужни национални борци" за правата на "српскиот" народ во Македонија и по повод некој значаен "историски ден" од развојот на српската културно-просветна и вооружена пропаганда.[14/]

Нема сомнение дека некои од наградените теми а во прв ред оние од областа на стопанството и географијата преставувале извесен прилог како во запознавањето на студентите со ~~методиката на истражувачката дејност~~ извесни методолошки елементи во научно-истражувачката дејност, така и во пронаоѓањето на богатиот фактографски материјал, сепак, нивната главна насоченост била кон тоа да се поткрепува српскиот нациоанлизам во Македонија. Во прилог на тоа зборува и фактот што сите споменати студентски награди, вклучувајки ја и наградата прстен на Свети Сава со кој се наградувал најдобро дипломираниот студент на Филозофскиот факултет се поделеувале на студентите секоја година на

денот на Свети Сава , 27.јануари , поради што биле наречувани како светосавски награди. Притоа, обично се приредувале видни културни манифестации со националистичкиј карактер, на кои присуствувале највисоките перставници на власта,војската и црквата. На тој начин се настојувало не само да им се всадува српска национална свест и чувство туку и да се ориентираат како пропагатори на"српството" во Македонија.

Државните органи и органите на управувањето и раководењето на Филозофскиот факултет допуштувале на студентите да основаат и легално да делуваат само онкви здруженија и друштва кои би делувале пред се на националистичка основа. Така уште во 1921 годинабиле формирано студентското здружение "Његош" со две секции - литературна и драмска. Нивната дејност се сведувало главно во организирање на разни приредби со претежно националистички карактер. Поради тоа , друштвото често пати било бојкотирано од страна на студентите-Македонци и набргу престанало да постој. Во почетокот , пак, на 1928 година, истотака на националистичка основа било формирано академското пеачко друштво "Обилик". Во неговите Правила,ккако цел на друштвото било истанато следното:"да ги негува народните и уметничките песни главно од Јужна Србија и низ песните да ја шири националната свест и да го утврдува националното единство на нашиот троимен народ преку приредување на излети по нашиот Југ и заостанатите земји".15/ Во текот на 30-тите години извесна националистичка дејност развиле и управите на Југословенското студентско друштво "Народна одбрана",16/ Петрографско-етнографското сту-

дентско друштво "Јован Цвијиќ"[17/] и Југословенскиот академски аероклуб.[18/]

Сите овие студентски друштва имале благослов на факултетските органи. Наспротив на тоа, Советот и Деканатот на Филозофскиот факултет не дозволувале да се основаат такстудентски друштва и организации кои би поставиле свои задачи што не одговарале на интересите на големосрпските владеачки кругови. Во колку, пак, им било дозволено да бидат формирани, веднаш потоа ги прогонувале и им се забранувало да постојат. Та ка например Југословенско културно-просветно друштво "Покрет", било често пати ставувано на тапет од страна на факултетските управни органи и по трогодишното постоење било укинато.[19/] Просветно-научното, пак, друштво "Вардар" што напредните студенти настојувале да го формираат со цел и тие да земаат активно учество во општите национално-културни манифестации на македонскиот народ што во годините пред Втората светска војна добиле позасилено темпо, Советот на Факултетот не допуштил да се истото основа.[20/]

Филозофскиот факултет, својата денационализаторска улога, ја манифестирал и преку научно-издавачката дејност и јавните предавања што неговите наставници ги држеле перд широките народни маси.

Годишникот на Филозофскиот факултет бил негов званичен научно-публицистички орган. Првата книга излегла во 1930 година. Од 18 прилога во неа 8 се однесувале директно или индиректно на прашања од областа на историјата, ет-

нографијата и географијата на "Јужна Србија" во кои на одреден начин, и покрај извесно научно и особено фактогарфско значење, јавно се манифестирал националистички приод и тенденција.[21] Во сличен били и статиите и прилозите во II и IV книга.[21а]

Предавачката акртивност главно се одвивала преку народните универзитети, и за нив ќе се задржиме малку подоцна. Но тука ќе го истакнеме фактот дека преку Министерството на просветата и Главниот просвети совет се организирале повремено, покрај предавања со општо-просветно и културно значење-за природните богатства и убавини на Македонија, за здравјето и хигиената, за проблемите во земјоделството и слично и посебни предавања со националистичка тематика. Такви предавања држеле и некои професори од Белградскиот универзитет. Така например, вонредниот професор на Медицинскиот факултет во Белград Ксенофон Шаховиќ, по препорака на министерот на просветата М. Грол, во 1928 година во Охрид одржал предавање од "интерес за зацврстувањето на државната и националната свест и на просветно-културното подигнување на народот од Јужна Србија".[22] И не само тоа. Споменатиот министер дури го поттикнувал Шаховиќ да влија е врз своите колеги на Белградскиот универзитет да со своите студенти почесто заминуваат во Охрид и Македонија, како би можеле да вршат "национално-културна мисија."[23]

Врз основа на сето ова досега изложено за функцијата и улогата на Филозофскиот факултет можеме да констатираме дека оваа високошколска институција преставувала едно многу значајно средство во општата денационализаторска политика на

буржоаско-владеачкиот режим спрема македонскиот народ. Имено, преку него, владеачките кругови настојувале да ги постигнат следните резултати:

1. да се подготват за наставата по општествено-хуманитарните предмети во гимназиите и другите средни училишта такви профили на наставници кои на најмалдото македонско поколение би биле способни да му всадуваат туѓа национална свест и чувство, односно да бидат способни преку наставата и други форми да ја спроведуваат политиката на одродување на македонскиот народ и

2, да подготвуваат таков ~~мизх~~ научен и стручен подмладок од таканаречената национална група предмети кој ќе биде способен преку една позасилена националистичко-публицистичка дејност да се шири големосрпската кауза како меѓу населението во Македонија така и меѓу општествената јавност во светот.

Денационализаторските потфати спрема македонскиот народ (во областа на високото школство) доаѓала до израз и преку инструментите на државната политика (и со стипендирањето на) ~~спрема~~ студентите од Македонија. Имено, стипендирањето на извесен број ученици и студенти од Македонија го вршело Министерството на просветата по предлог на Министерството на внатрешните работи, а во согласност со Министерскиот совет со цел "Јужна Србија да се зачува од туѓата пропаганда и да се овозможи воспитување во национален дух."25/ Така за трите месеци од буџетската 1930 година по налог на Министерскиот совет и Министерството на внатрешните работи , Министерството на просветата подигнало кредит во сума од 300.000 динари за стипендија на студентите од "Јужна Србија."26/ Покасно, односно во текот на следните 4-5 години

таа сума осетно се зголемила , а се зголемил и бројот на стипендираните ученици и студенти.[27] Но кога големосрпските владеачки кругови се увериле дека и таквите мерки не го дале оној оној резултат што го очекувале, започнале и да ги укинуваат стипендиите. Така за време на владата на Милан Стојадиновиќ биле укинати стипендиите на 70 студенти од Вардарска Македонија, бидејќи тие учествувале во дејноста на културно-просветното друштво"Вардар" на македонските студенти на Загребскиот и Белградскиот универзитет.[28]

На крајот да ги истакниме и некои од позитивните резултати од постоењето и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје. Велиме само некои позитивни резултати бидејќи како досега истакнавме неговата идејно-политичка ориентација била свтена пред се кон задоволување на класно-националните интереси на владеачките кругови на стара Југославија спрема македонскиот народ.

На Филозофскиот факултет во Скопје дипломирале повеќе генерации студенти. Некои од нив дипломирале на историско-етнографските и географските науки, други на филозофско-педагошките, а трети на јазичната група предмети. Во периодот од учебната 1922/23 година до 1929/1930 дипломирале само 90 студенти.[29] Тој број започнал да се зголемува во следните години. Во периодот од 1931/1932 година до 1937/1938 дипломирале вкупно 284 студенти.[30] Тоа значи дека за целиот период од неговото постоење, од 1920/1921 до 1940/1941 година, дипломирал вкупно нешто над 300 студенти. Тоа биле првите факултетски нас-

тавни кадри што ги дала една високошколска институција во Вардарска Македонија. Нема сомнение дека , иако Филозофскиот факултет имал, како рековме определена идејно-политичка тенденција во интерес на владеачкиот режим , сепак, тие преставувале извесен значаен фактор во подигањето на општото ниво на просветата и културата во Македонија.

Основањето и работењето на Филозофскиот факултет овозможило мегу студентите да се шират идеите на општосветското прогресивно и посебно југословенското работничко и комунистичко движење. Под влијание на КПЈ, во текот на 30-тите години, на Филозофскиот факултет се засилиле акциите на прогресивното работничко движење. Но ова прашање не спага во доменот на нашиот труд, бидејки тоа влегува во рамките на посебна тема во врска со појава и развојот на отпорот на македонскиот народ против културно-просветната политика на стара Југославија спрема него што бара и посебна методолошка постапка. За него нешнакратко ке спомнеме во заклучните констатации на овој труд.

## 2. Улогата и задачите на Скопското научно друштво во "научното" истражување и проучување на историјата, етнографијата и културното наследство на "Јужна Србија"

Само неколку месеци по формирањето на Филозофскиот факултет, во Скопје, во почетокот на 1921 година, дошло и до формирање на научно друштво, познато како Скопско научно друштво.

Споменатото друштво е формирано по непосредна иницијатива на д-р Тих. Горгевиќ, редовен професор на Белградскиот универзитет. Негов прв председател бил првиот декан на Филозофскиот факултет - д-р Тихомир Остојиќ.[31] Тој председателствал само неколку месеци. По неговата смрт , на председателското место го заменил д-р Радослав Грујиќ, исто така декан на Филозофскиот факултет. Тој останал на оваа функција до неговиот престанок со пропаста на стара Југославија.

Скопското научно друштво се до 1925 година немал редовна организационна поставеност. На 21.III. споменатата година Друштвото е реорганизирано и се до 1941 година живеел редовен организационнен живот. Тогаш се усвоени неговите Правила, кои покасно само се помалку модифицирани, но без да му се квалитативно изменат целите и задачите. Во прво време негови членови биле главно професори на Филозофскиот факултет во Скопје, а покасно и други лица - професори од Белградскиот и Загребскиот универзитет и од внатрешноста на "Јужна Србија." Друштвото имало редовни, дописни и почесни членови а потоа и членови сора

ботници, помагачи, добротвори и големи добротвори.[32]

Формирањето и работењето на Друштвото било условено пред се првенствено од тогашните политички интереси на владеачкиот големосрпски режим - да учествува и даде свој допринос во отварањето и развивањето на политиката на одродување на македонскиот народ. Таквата негова цел многу експлицитно е изразена во повеке писма што неговиот председател Радослав Грујик ги испракал до министерствата на просветата, на внатрешните и надворешните работи , па и до самиот Министерски совет на кралството СХС во периодот до 1925 година, кога се уште ова Друштво немало донесено свои Правила, како основен и најважен акт за регулирање на својата дејност. Така например, во едно негово писмо до Министерството на просветата во 1922 година , а по повод барањето за обезбедување на финансиски средства за подготвување на монографија за Скопје и цела " Јужна Србија " од страна на Друштвото пишувал дека истата би имала за цел покрај "подобро и порелефно да се прикаже самото минато и сегашност и за идните генерации да се остави дело од кого ке сознаваат и на слика ке видат какво било Скопје и цела Јужна Србија од времето пред и по ослободувањето."[33]

Целта на Друштвото уште подецидно може да се види во едно, пак, друго негово писмо што било испратено до Министерството на внатрешните работи во почетокот на 1925 година. Во него покрај другото стој и ова:

" Чест ни е да го замолиме Министерството на внатрешните работи да повели да ја прими нашата голема благодарност и уверување дека сите свои скромни сили ке ги вложиме за чесно извршување на задачата што сме си ја поставиле, а кој со право го очекуваат од нас татковината и народот. Сакаме

да работиме со средствата на непристрасна научна вистина. Сакаме да ја покажиме нашата голема љубов спрема оваа класична земја на нашата татковина со тоа што ќе ги објавуваме вистините и со непоматена научна вистина ќе докажуваме и ќе докажеме на сите и на секој кој ја сака и љуби вистината, дека е ова земја наша /читај:српска,м.б./ одсекогаш била, и дека е тоа најдобар доказ на културната сила и способност на нашиот /читај:српскиот, м.б./ народ."34/

Од вака поставената цел на Друштвото произлегувале и неговите задачи. Тие се таксативно наброени уште во првиот дел на Правилата на Друштвото и тоа:

1. Скопското научно друштво има во задаток да работи и организира работа на сестранно проучување на Јужна Србија и соседните области.

2. Поради тоа Друштвото во прв ред ќе настојува: да се учини се што е потребно и возможно да на сите научни работници, домашни и странски, кои сакаат да работат на тоа поле, не само да им овозможи туку и што повеќе им ја олесни работата на теренот по сите краеви на Јужна Србија.

3. Друштвото ќе настојува, спрема своите потреби и можности, и само на свој трошок ќе ги испраќа поединци поединци стручњаци и експедиции со разни задачи во сите краеви на Јужна Србија и соседните области.

4. Ќе одржува редовни стручни состанци, на кои своите членови ќе ги читаат своите кратки прилози - реферати и ќе ги објавуваат резултатите на своите научни истражувања.

5. Ќе организираат јавни предавања, во согласност со Советот на Филозофскиот факултет...

6. Ќе издава друштвен орган под име "Гласник на Скопското друштво" а по возможност и други свои публикации.

7. Ќе го помага организирањето и развивањето на музеј во Јужна Србија."35/

Во врска со донесувањето на овој основен и најзначаен акт на Друштвото, треба да го истакнеме и следниот факт. Постапката за неговото освојување траела релативно доста долго. Во првиот нацрт-Правила, што биле дадени на дискусија меѓу неговите први членови стоело дека Друштвото ќе врши истражување и проучување на историјата, етногра-

фијата и културното наследство во "Јужна Србија и Македонија."
Мегутоа, на предлог на Глиша Елезовик, тогашен професор во Учителската школа во Скопје и еден од неговите први членови бил прифатен само терминот Јужна Србија, а кој се однесувал на територијата на Јужна Србија, Косово и Македонија. Овој термин не само што се внесел во Правилата на Друштвото уште во 1921 година , туку потоа и во сите јавни гласила и научните статии и прилози името Македонија наполно исчезнувало од јавната употреба. Навистина, имало случаеви и пред тоа за Македонија да се употребува и терминот Јужна Србија, но тоа било главно во поретки случаеви. Нема сомнение дека со наметнувањето на терминот Јужна Србија и за Македонија , Скопското научно друштво направило значаен денационализаторски потфат бидејки со тоа се овозможувало , како во југословенската така и во светската јавност да се распространува името Јужна Србија за Македонија.[36] Тоа всушност било во интерес на големосрпските владеачки кругови бидејки на тој начин и се давало идеолошко-теоретско оправдување на нивната практична денационализаторска политика.

Иако во горенаведените задачи не се децидно гледа денационализаторската мисија на Скопското научно друштво, сепак таа е многу експлицитно изразена и во сите документи кои имале извесен програмски карактер и во периодот 1925-1940 година. Таа е особено јасно изразена во писмата на неговиот председател , потоа во искажувањата на членовите на Друштвото на неговите седници и преку неговата издавачка дејност.

Во писмото на д-р Радослав Грујиќ до државниот подсекретар во Министерството на внатрешните работи, Бора Миловановиќ, покрај другото стој и ова:

"Научното истражување не е само културна потреба. Тоа е истовремено и значајна културно-политичка работа. Нашите соседи , Бугарите, основале во Софија Македонски научен институт, кој си ставил во задача не точно научно истражување на Јужна Србија , туку употребата на науката во политички цели... На нас ни е должност таа нивна работа да ја парализираме, пружејќи на секого несомнена и објективна научна вистина."37/

Оваа улога на Скопското научно друштво уште порелефно е истакната во писмото на Р. Грујиќ до Министерскиот совет на кралството СХС во 1925 година каде се вели:

"Проучувајќи ја нашата класична Јужна Србија во сите правци, Скопското научно друштво има покрај научната и посебна национално-политичка задача - по пат на чиста наука да ја созбива силно развиената бугарска пропаганда, која со фалсификувањето на научната истина многу интензивно настојува во страниот научен свет да создава и одржува уверение како областите на нашата Јужна Србија историски и етнички биле бугарски земји."38/

Писма со слична содржина биле испратени и до Министерството на сообраќајот , како би можело Друштвото несметано да ја реализира својата улога, потоа до Архиерискиот синод на Српската православна црква, Великиот жупан на Скопската област и до сите директори на гимназиите во "Јужна Србија".39

И навистина помеѓу овие две "научни" институции - Скопското научно друштво и Македонскиот научен институт во Софија, по 1925 година, настанува права трка во тоа кој повеќе ќе издаде "научни" публикации на бугарски односно српски јазик со резиме на еден од јазиците на развиените земји. Тоа всушност била трка кој повеќе ќе ја фалсификува историјата на ма-

кедонскиот народ и Македонија. Затоа , иако овие две институции носеле номинално македонско име односно име на градот Скопје сепак и двете биле антимакедонски бидејки служеле во интерес на политичките потреби на тогашните владеачки буржоаски режими - да се изврши денационализацијаих и асимилација на македонскиот народ.

На планот на издавачката фалсификаторска дејност поголем успех имал Македонскиот научен институт. Мегутоа, ни Скопското научно друштво не заостанувало многу. Во периодот од 1925-1940 година ова друштво подготвило и публикувало четири вида серинни публикации. Првиот вид серија преставувало неговиот јавен орган- Гласник на Скопското научно друштво, кој вкупно излегол во 21 книга односно36 свески. Од 1928 година, Гласникот започнал да излегува во 2 посебни публикации, едната била наменета за општествените науки а другата за природните науки.40/

И во двете овие публикации на Скопското научно друштво, како онаа што ја издавало неговото одделение за општествени науки така и онаа на одделението за природни науки, се наогаат извесен број на статии и друг вид прилози кои обилувале со богат фактографски материјал. Дури имало и такви кои имале и вистински научен карактер, особено кога се обработувале некои прашања од античкиот и византискиот период од историјта на Македонија /античките градови и византиските локалитети и споменици/ и од област на географската проблематика на Македонија. Мегутоа, и покрај тоа, сепак,Скопското друштво преку својот орган - Гласник спроведувал главно определена идеолошко-по-

литичка тенденција - да покаже и докаже на југословенската и светската општествена јавност и научниот свет дека"Јужна Србија"и народот во неа преставувале"класично јадро и колевка на српската државност и националност."[41] Ова најдобро е изразено во статиите на В. Ѓерик- Неколико питања о дијалектима Јужне Србије, Р.Грујик - Властелинство код Скопље од XI-XV века и П. Булат - Прилози за изучавање народне поезије у Јужној Србији. Во последната статија, покрај другото стој и ова: "И кога е така / се мисли на тоа божем дека српскиот народ во Македонија и покрај многуте долги страдања и пропаганди ја одржал своја та крв и јазик,м.б./, тогаш нема сомнение дека проучувањата за тој народ и на неговата територија во сите правци треба да заземе едно од првите места во програмата на подмладената наша национална наука."[41]

Дека навистина преку публикациите на Скопското научно друштво се настојувало да се реализира горе наведената идеолошко-политичка танденција ни покажува и фактот што публикацијата на одделението за општествени науки имало право на првенство пред публикацијата на одделението за природни науки. Поради ваквиот однос, потпредседателот на Скопското научно друштво д-р Перо Јовановик и уредник на публикациите на одделението за природни науки, кој истотака доста доппринел да се шири името Јужна Србија за Македонија, бил принуден да поднесе оставка и на двете должности.[42]

Скопското научно друштво успеало да публикува , со слична идеолошко-политичка тенденција, и два посебни

зборника. Првиот бил посветен на етнографијата и фолклорот на "Јужна Србија" и соседните области, а вториот, на нивната историја.

"Зборник етнографије и фолклор Јужне Србије и суседних области" излегол во 1931 година под уредништво на проф. на Филозофскиот факултет во Скопје д-р Војислав Радовановик. Содржал вкупно 5 статии од кои 3 се однесувале изричито на етнографијата и фолклорот на Македонија. Тоа се статиите: К. Ристић - Обичаји приликом рођења код православних Срба у Скопљу, Вој. Радовановић - Мариовци у песни, прићи и шали и неколико прегршти из ризници блага јужносрбијанаца и Ст. Караман - Рибарство на Катлановском језеру. Посебен простор зазема статијата на Вој. Радовановик. Од вкупно 200 страни колку зазема Зборникот, 150 биле резервирани за неа. Во неа песните за Крали Марко, потоа женските и бекарските песни како и приказните, лагите и шегите се прикажани како јужнсрбијански обичаи а мариовското население како дел на "јужносрбијанскиот народ".43/

"Зборник за историје Јужне Србије и суседних области", излегол истотека само во една книга во 1936 година под уредништво на д-р Радослав Грујик. Во него се поместени 18 статии и друг вид прилози од кои 8 се однесуваат на историјата на Македонија. Тоа се: Гл. Елезовић - Записи и натписи, М. Крако Записи и натписи, Вој. Радовановић - Записи и натписи, Ј.Х. Василевић - Записи и натписи, Г. Елезовић - Евлија Челеби у Скопљу и Ћ. Трухелка - О македонским Јуруцима. Нема сомнение, дека иако во сите нив има и богат фактографски материјал и изве

сен научен карактер, сепак во сите нив се афирмира името Јужна Србија за Македонија а исто така може да се констатира и фактот што "Јужна Србија" се третира како колевка на српскиот народ и српската култура.

Третата едиција публикации на Друштвото преставувало издавање на посебни книги. За период од десетина години Друштвото издало три посебни публикации и тоа: Српске народне мелодије /Јужна Србија/; В.Соловјев - Законодавна делатност Стевана Душана , цара Срба и Грка и д-р Н. Банашевић-Циклус Марка Кралевића. Првата е издадена во 1927, втората во 1928 а третата во1935 и тоа сите во Скопје. Тоа е навистина доста малку публикации ако се упореди со бројот на членовите на Друштвото што во 1940 година надминувало над 40. Мегутоа и тоа не е малку кога ке се земе во предвид и фактот што поголемиот број од неговите членови објавувале свои посебни книги или статии и друг вид прилози во јавните гласила - стручните и научните списанија и весници, што излегувале главно во Скопје и во другите градови на Југославија а посебно во Белград. Така например председателот на Друштвото во периодот од 1922-1930 година објавил 13 труда од кои 7 излегле или како самостојни книги или како статии и прилози во списанија и весници што нејги издавало Друштвото. Уште покарактеристичен е случајот со дописниот член на ова Друштво - Стеван Тановиќ. Тој , под иницијатива на белградскиот професр д-р Тихомир Горѓевиќ, во периодот од 1919-1928 година публикувал 3 посебни книги и околу 10 статии и прилози во списанијата: "Јужни преглед", "Јужна Србија" и "Гласник етнографског музеја у Београду.[441] Во сите нив главна прокупација му се народните обичаи и

фолклорот на "Јужна Србија" а посебно Гевгелискиот крај. Во сите нив дава огромен фактографски материјал што го собирал непосред- од народот долгу години, уште од периодот пред балканските војни Но, целиот тој материјал е прикажан како обичај и фолклор на "јужносрбијанецот" од "Јужна Србија". Нема сомнение дека преку тоа се гледа идеолошко-политичката тенденција на Скопскот научно друштво што му ја поставиле големосрпските владеачки кругови.

Друштвото до 1925 година како спомнавме порано живеел редовен организационнен живот. Најмалку еднаш во месецот одржувал редовни седници на кои се дискутирале покрај организационни прашања и такви преку кои се донесувале заеднички ставови за реализација на неговата обемна програма. До 1928 година додека се уште не бил основан Народниот универзитет во Скопје, на седниците на Друштвото се дискутирало и по проблеми што биле предмет на јавните предавања на неговите членови. Исто така на седниците се давало и смерници за работа не само на редовните и дописните туку и на соработниците во врска со собирање, обработување и публикување на разни материјали од етнографијата, историјата и фолклорот на "Јужна Србија". На таа основа работел и пред малку споменатиот Стефан Тановиќ. Заради реализацијата на оваа дејност на Друштвото, неговите членови добивале специјални овластувања и бенефиции /слободно и бесплатно патување во "Јужна Србија", давање на придружби и слично/ од страна на Министерскиот совет, Министерставата на просветата, на внатрешните работи и на сообракајот.45/

3. <u>За другите научно-културни установи во "Јужна Србија"</u>

Во периодот од 1921-1941 година, во "Јужна Србија", освен Филозофскиот факултет и Скопското научно друштво биле основани и работеле и други научно-културни усатанови и друштва. Тоа биле: Историскиот музеј односно Музејот на Јужна Србија, Етнолошкото друштво, Друштвото за српски јазик и книжевност и Географското друштво. Нивната дејност била тесно повзана со онаа на Филозофскиот факултет и Скопското наично друштво. ~~Ихихххххххххх~~ Тие биле формирани и работеле по иницијатива на поединни професори на Филозофскиот факултет и поединни членови на Друштвото. (И не само тоа.) Нивната улога била насочена главно кон истата политичка тенденција што ја имале предходните две институции - да дадат свој прилог во општата денационализаторска политика на владеачкиот режим, иако истите дале и извесен прилог во собирањето и публикувањето на фактографски материјали.

Историскиот музеј бил формиран по иницијатива на професорот на Филозофскиот факултет во Скопје д-р Радослав Грујиќ. Тој е основан во 1921 година како мала збирка од историско-археолошки елемнти. Во текот на 1924/25 година се оформил како Историско - археолошки музеј на Јужна Србија, а по 1927 година работил како Музеј на Јужна Србија со 4 одделенија : етнографско-антрополошко, историско-археолошко, зоолошко и геолошко - петрографско. Музејот работел до 1941 година, и за тоа време успеал да издаде еден број на својот Годишнак и неколку мали брошурни изданија. ~~451~~ 450а)

Основаната функција на Музејот, а особено онаа на историско-археолошкото и етнографско-антропогеографското одделение, била свртена кон истражување и изложување на спомениците на културата од средновековниот период, кога Македонија била под српска власт. На тој начин всушност преку Музејот се настојувало пред се младите училишни поколенија , а потоа и на широката јавност да им се презентира Маледонија како "колевка и јадро на средновековната српска држава и култура" односно да се што"поверн и попотполно шири српскта теза за Македонија"

Етнолошкото друштво било основано дури во 1939 година. Неговата основна цел била"да работи на унапредување , ширење и популаризирање на етнолошките науки воопшто и посебно на етнолошкото проучување на Јужна Србија и соседните области.[46/] Иницијативата за неговото основање ја дал и остварил професрот на Филозофскиот факултет во Скопје д-р Миленко Филиповик. Тој бил негов прв и последен председател.

За релативно краткото време од своето посто ење, Друштвото успеало да издаде само еден број на својот орган - списанието "Етнологија", во кој истотака дошло до израз тезата на српската буржоазија за "српскиот карактер на Македонија".

Географското, пак, друштво било основано ушт во 1921 година , по иницијатива на професорите по географија на Филозофскиот факултет. Во него членувале и средношколски професор по географија. На седниците на Друштвото се изнесувале и дискутирале разни стручни статии од областа на географијата на "Јужна Србија".[47/] Таквите статии обично се публикувале во органите на

Филозофскиот факултет и Скопското научно друштво и во другите списанија што излегувале главно во Скопје и Белград или пак как посебни книги и брошурки. Скоро во сите нив се изразувала голем српската теза за Македонија и македонскиот народ.

Извесна дејност со слична политичка ориента ција развило и Друштвото за српско-хрватски јазик и литература што било основано во 1926 година. Друштвото, скоро за цело време на своето постоење, работело под раководство на професорот на Филозофскиот факултет во Скопје д-р Миливоје Павловик, еден од нај главните пропагатори на културно-просветната политика на кралст вото Југославија спрема "Јужна Србија" во текот на 30-ти те години на XX век. На собирите на Друштвото главно се третирале прашања од областа на јазикот и фолклорот на "Јужна Србија а потоа и прашања од областа на српско-хрватската литература и наставата по јазиците и [illegible] литературата во средните училишта,[48] [illegible]

4. Основање и дејноста на народните универзитети

Паралелно со формирањето на Филозофскиот факултет, во Скопје започнало да израснува и една посебна култу рно-просветна институција - народни универзитет. Имено, уште во крајот на 1920 година поедини наставници на Филозофскиот факултет започнале да одржуваат по некое јавно предавање за граганст вото на Скопје. Нешто слична активност развивале и поедини

професри во Учителскат школа. Се до 1923/24 година одржувањето на јавните предавања немало организиран карактер. Во текот, пак, на 1924 и 1925 година, по одлука на Советот на Филозофскиот факултет, неговите наставници одржувале секоја недела или на празничен ден по едно предавање во есенско-зимскиот период.[49/]

Тежиштето во оваа јавно-предавачка активност во Скопје било свртено кон прашања од обласата на "националната" борба на "српскиот народ" во Македонија, како и улогата на Србија во создавањето на новата држава и "ослободувањето" на "новите јужни краишта".[50/] На тој план биле ориентирани и препораките на Министерството на просветата и Главниот просветен совет и особено на инспекторот на Скопската просветна област - Драгомир Обрадовик, кон средношколските и факултетските професори да што поактивно се вклучат во општата "национално-просветна и национално-културна мисија" спрема дотогаш поробените брака "Срби" во Македонија, кои поради долгугодишното ропство заостанале во оптесвено-економски и политички поглед. Како резултат на тоа и под иницијатива на некои професори на Филозофскиот факултет и под непосредно раководство на споменатиот инспектор на Скопската просветна област на 9.XII.1925 година дошло до формирање на Акционен одбор за оснивање на народен универзитет. И навистина наскоро потоа дошло до формирање на посебна културно-просветна институција - Народни универзитет на Скопје. Во мегувреме оваа институција вршела и фунција за цела "Јужна Србија."[51/]

Со финансова и друга помош на Министерството на просветата, Белградскиот народен универзитет и Скопско

то поглаварство и Хигиенскиот завод на градот Скопје, од почетокот на 1926 па се до крајот на 30-тите години со исклучок на сезоната 1932/33 година, секоја година се одржувале организирани 25-30 предавања претежно од областа на историјата, културата и фолклорот на "Јужна Србија" и нејзиното значење во новата држава, а потоа и од областа на хигиената и здравјето, уметноста и културата воопшто. Исто така преку Народниот универзитет се организирале и разни семинари и курсеви за српскохрватскиот и некои позначајни странски јазици и друго. Посебно внимание се обрнувало на предавања од првата област. Од неа секоја година се држале по 5-10 предавања со кои се настојувало да се шири "српската"национална просвета и мисла во Македонија. Така само за 700-годишнината од смртта на Сава Немањиќ во Скопје се одржале 4 посебни предавања посветени на животот и дејноста на овој голем српски просветител и создавач на Српската православна црква од страна на 4 професри на Филозофскиот факултет.52/ Во сите нив било манифестирано националистичкиот приод кон ова прашање. Во периодот 1928-1931 година на Скопскиот народен универзитет покрај другите се одржани и овие предавања со националистички приод: "За нашето национално ослободување и обидинување", "Психичките типови кај Јужносрбијанците", "Величината и значењето на ослободувањето и обединувањето на Јужна Србија", "Историска мисија на витешкиот крал Александар", "Богатството на јужносрбијанското народно творештво"52а/

Дека навистина Народниот универзитет во Скопје играл извесна денационализаторска улога ни покажува и

односот на највисокиот орган во областа на просветата спрема оваа институцијаво 1932 година. Имено , со специјален акт од 1. I.1932 година, Министерството на просветата наредило не само привремено да се сопре работата на Народниот универзитет во "Јужна Србија", туку требало нивната програмска ориентација исцело да се сврти кон предавања од изградбата на "југословенската" национална култура со посебно внимание на "нашиот класичен југ". Врз таа основа потоа, Народниот универзитет не само што неможел да организира предавања и друг вид слична дејност без одобрение на Министерството на просветата туку бил задолжен да организира предавања и семинари исклучиво од обласста на државното уредување и"народното единство." Исто така главните тези на секоја тема пред да биде одржана требало да бидат одобрени од Министерството на просветата, а предавачот требал да биде политички и национално исправен.[53/] И анвистина потоа, во целиот период од 1932-1937 година предавањата што биле одржувани имале пред се и скоро само националистичка боја.[54/]

Врз основа на ваквата дирижирана политичка ориентација, во 1934 година се усвоени новите Правила на Народниот универзитет во Скопје, кои битно се разликувале од оние што биле усвоени во 1927 година.Имено, во чл.2 на Правилата на Народниот универзитет од 1927 година во задача на Универзитетот стоело " да го шири образованието на народот во Јужна Србија преку научно-популарни предавања, организира практична примена на поедини науки, соопштување на литерарурни и уметнички дела, одржување на музички концерти, приредување на изложби и печатење на поедини предавања."[55/] Во чл. 1, пак, на Правилата од 1934 година стои изричито дека задачата на Уни

верзитетот е "кај граганството на Скопје да ги шири знаењата од теоретските и практичните науки, првенствено со изградбата на југословенската национална култура во Јужна Србија."[56]

На територијата на Македонија, освен во Скопје, во периодот 1925-940 година се оснивале и работеле народни универзитети и во други места. Подолгу време работеле универзитетите во Битола, Тетово и Дебар. Но , најактивен од нив бил Народниот универзитет во Битола.[57] Само во сезоната1933/34 година биле одржани вкупно 19 предавања од кои 7 се однесувале директно или индиректно на прашања од обласата на историјата и тогашната политичка проблематика на "Јужна Србија".[58]

Во периодот по 1934 година народни универзитети биле оснивани како посебни одделенија при разни организации - Соколството,Народната одбрана, Учителското и Професорското здружение во рамките на околиите и други. Главната задача и ним им биласвртена кон одржување на такви предавања кои би имале значење за "националното единство" и јакнењето на српската национална свест и чувство во Македонија. Но, покрај таквата идеолошко-политичка ориентација, народните универзитети одиграле и извесна улога на општ културно-просветни план за кој порано веке нешто спомнавме.

5. <u>Улогата на јавниот печат и другиот вид легално-публицистичка дејност</u>

Во периодот од крајот на 1918 до 1941 година односно до априлската катастрофа на стара Југославија во Вардараскиот дел на Македонија излегувале повеке дневни и

и неделни весници и списанија кои себе си се преставувале како јавни гласила на"народот од Југот". Исто така во овој период се отпечатени и голем број на брошурки и книги чиј предмет на третирање било историското минато и тогашните општествено-економски, политички и културни прилики во Македонија. И во првиот, и во вториот вид публицистичка дејност, покрај извесни позитивни елементи, преовладувала тематиката со националистичка обоеност. Најпрво ќе се задржиме на дневниот и неделниот печат, потоа на списанијата и на крајот на другиот вид јавна публицистичка /издавачка/ дејност.

## а. Јавниот печат како изразител на големосрпскиот национализам и буржоаската идеологија

Првиот весник што започнал да излегува на тлото на Вардарска Македонија уште непосредно по Првата светска војна бил весникот "Стара Србија". Тој излегол како наследник на весникот "Велика Србија", кој се печател во Солун, за време на Првата светска војна како орган на српската влада и војска. Имено, по интервенција на министерот на внатрешните работи на кралството СХС - Светозар Прибичевиќ, во јануари 1919 година Министерството на просветата донело решение да се организира печатењето на овој весник во Скопје, но поради новите услови добило и ново име-"Стара Србија."[59] Неговото основање било со цел "по пат на новинарска агитација да се созбива бугарската пропаганда и да се подига духот на народот."[60]

Во декември 1925 година весникот "Стара Србија " е преименуван во "Наша стара Србија" и под ова име се печати се до 1929 година кога престанал да излегува.[61] Редакцијата на весникот и едното и другото издание го популаризирала како независен политички весник, кое всушност не било вистина, бидејки тој бил орган на организацијата на Радикалската партија во"Јужна Србија". Тоа впрочем се гледа како од неговите уводни статии кои на видлив начин носеле белег на програмско-политичката ориентација на Радикалската партија, така и од ~~кратките~~ но многубројни вести за организацијата на изборите и учеството на радикалските преставници во цела "Јужна Србија" апосебно во Скопје, со што се одликувал скоро секој број на весникот.

Во овој весник, освен по некоја кратка вест за прашања од областа на општествено-економските, политичките и кулпурните прилики во Скопје и "Јужна Србија", доминирале статии со антикомунистичка и националистичка содржина. Само во јануари 1921 година биле отпечатени 6 уводни статии со таков карактер.[62] Во весникот биле отпечатени и поголем број на статии и написи од историското минато на Скопје и "Јужна Србија", исто така со претежно националистичка боја. Националистичката тенденција на весников особено изричито е изразена во во уводната статија на првиот број "Нашим читаоцима." Покрај другото, таму стој дека весникот божем не бил "ни партиски, ни предизборен туку секојдневен постојанен весник кој ги застапува националните /читај:националистичките,м.б./ идеи..."[63]

Свои јавни гласила - весници издавале и демократите. Нивен орган во Скопје , во 1919/20 година бил весникот "Демократ". По едногодишното излегување, весникот престанал да се печати. Покасно овој весник излегол под име "Народна волја".[64]

Во мегувреме, во Скопје излегувало привремено, и тоа само околу една година, во сезоната 1925/26 година весникот "Вардар". И овој весник, во своите уводни статии ја застапувал и бранел денационализаторската политика спрема македонскиот народ, без разлика што повремено на власт во Македонија се сменувале преставници на демократите и радикалите.[65]

Во периодот од 1932 до 1936 година , во прво време како неделен, апотоа како дневен весник за"Јужна Србија" излегувал во Скопје истоимениот претходник "Вардар". Тоа всушност е неговото четврто појавување. Имено, прв пат весникот"Вардар" бил покренат по Младотурската револуција и излегувал до избувнувањето на балканските војни. До тогаш излегувал како орган на српската националистичка организација за "Јужна Србија" и имал исклучиво големосрпска националистичко-програмска ориентација. Со извесни прекини, весник "Вардар" излегувал и во периодот од 1.XI.1912 до 1914 година. И тогаш имал слична идејно-политичка ориентација каква што имал и во текот на 1925/26 година.

Ваквата идејно-политичка ориентација весникот "Вардар" ја задржал во основа и во своето четврто издание. Имено, иако неговата редакција декларирала дека весникот е независен и ќе публикува вести и друг вид прилози од областа на општествено-економските и културните прилики, за целото време на

своето излегување отворено ја изразувало денационализаторската културно-просветна мисија. Така , уште во уводната статија на првиот број "Наша реч" изричито се истакнува дека весникот ќе ги пропагира "југословенското национално единство и единствена и неделива Југославија, онаква каква е денес со нејзиниот крал на чело."[66] Вистина е тоа дека весникот "Вардар" за цело време на своето излегување ја застапуваше и бранеше југословенската идеја, но онаква каква ја разбираше и за која се залагаше големосрпската буржоазија и опортунистичките елементи на хрватската словеначката и муслиманската буржоазија - тоа е всушност централистичко уструјство на државата и југословенскиот национален унитаризам низ кои се реализирале нивните класни интереси.

Идеите на големосрбизмот се манифестирале преку разните статии и друг вид прилози од областа на"национално-револуционерната" историја на Србија и посебно на "Јужна Србија." Во таа смисла , скоро во секој број на весникот се наоѓало по некоја статија или друг вид напис за Крали Марко, за за средновековните српски кралеви и цареви, за преставниците на Караѓорѓевичката династија, за "ослободителната мисија" на кралството Србија за време на балканските војни, за српските четнички војводи[67] /Јован Бабунски, Мицко, Василије Трбиќ и други/.

Исто така треба да го истакнеме и фактот дека на страниците на овој весник се појавувале и разни написи и статии од областа на општествено-економската проблематика, потоа од областа на науката воопшто, медицината и здравјето како и кратки вести за некои културно-уметнички манифестации. Посе-

бно значаен прилог на тој план преставувале статиите на Растко Пурик за актуелните социјално-економските проблеми на населението на "Јужна Србија,"кои излегле во неколку продолженија . Но , ваквите и сличните прашања биле на заден план бидејки весникот бил финансиран од страна на кралската банска управа на Вардарска бановина и како таков служел на интересите на владеачкиот режим.

Во периодот од 22 22.VI.1938 до 29.IV.1940 година како јавно гласило за "Јужна Србија" излегувало весникот "Јужна Србија". Редакцијата на овој весник го сметал истиот за продолжување на весникот "Вардар". Во текот на 1938/39 година се нарекувал како"независен весник за политички, социјални, културни и економски прашања" а во 1940 година како весник за "стопанска и културна обнова на јужните краеви".

Програмската платформа на овој весник била скоро исцело националистичка. Таа,впрочем најдобро е изразена уште во статијата "Црква и живот", која излегла во првиот број на весникот. Во неа, покрај другото, за улогата на весникот стој и ова "дека ке служи како јавна говорница за сите стремежи управени кон кралот, државата , националното единство и благосостојбата на Српскиот класичен југ."[68/]

Во периодот мегу двете светски војни, во Вардарска Македонија, освен горе споменатите весници што излегу вале во Скопје, биле публикувани и други весници, кои имале главно локален карактер. Така например во Битола излегувале следните весници 9 "Јужна звезда", "Глас омладине с југа", "Кај

("Јужна стража", "Развитак", "Југославија", макчалан", "Бела врана", "Битолски весник", "Битолски трговски гласник", "Битолска самоуправа" и "Битолска обласна самоуправа" Во Тетово излегувале весниците "Глас Полога" и "Тетовске новине "Југ" Во Куманово -"Наша узданица", и "Будућност" а во Штип - "Брегалница".

Скоро сите овие весници излегувале краткотрајно, обично од една до пет години. На нивните страници, покрај кратките информативни вести за дотичниот локален крај, се печателе и по некоја статија и друг вид прилози како од актуелните политички прилики во тогашна Југославија и посебно од "Јужна Србија" така и од историјата , фолклорот и етнографијата на Македонија во кои се видливо манифестирале елементи на националистичката идеологија. Тоа значи дека и локалните весници на одреден начин служеле во интерес на општата денационализаторска политика иако и во нив се наогале значајни фактографски материјаликако од наведените области така и од областа на комуналните, стопанските и културните прилики во споменатите градови и нивните околини.

Елементи на националистичка ориентација се наоѓаат и кај оние весници што ги издавале поедини тогашни асоцијации во "Јужна Србија" - трговски комори, земјоделски задруги, општини и слично. Повекето од нив имале пред се информативно-стопнаски и комунален карктер. Во периодот од 1919-1929 година, како такви весници излегувале :"Привредни гласник", "Земљорадник", "Јужни привредник" и "Скопски гласник".69/

По 6-јануарската диктатура, како весник од таков карактер излегувал "Скопски гласник", но овој пат како ор

ган на Скопската општина. На неговите страници, покрај прашањата од областа на комуналната политика, нашле извесно место и разни прашања и проблеми од општествено-економскиот и културниот живот на Скопје, во кои дошле до израз и извесни прогресивни тенденции.70/

Во периодот мегу двете светски војни, во Вардарска Македонија, излегувале и весници со прогресивна политичка ориентација. Вистина, поради негаторскиот однос на владеачкиот режим овие весници излегувале релативно многу кратко време, а по број биле и доста малку. Мегутоа, независно од тој факт, тие вршеле значајно влијание мегу широките народни маси. Како такви биле следните весници : "Социјалистичка зора", "Наш дом" и "Наша реч". Другите прогресивни весници, што ги издавала КПЈ за Македонија, се печателе илегално и како такви не преставуваат предмет на нашиот труд, додека за ~~порано~~ споменатите прогресивни весници ке спомнеме само некои општи карактеристични црти.

"Социјалистичка зора" за прва пат започнал да излегува уште во 1910 година како орган на Социјал-демократската организација во Скопје. Овој весник под исто име продолжува да излегува во 1920 година како легален орган на Покраинското раководство на Социјалистичката работничка партија /комунисти/ за Македонија и стара Србија. Весникот бил забранет веднаш по донесувањето на "Обзнаната" од страна на владеачкиот режим.

"Наш дом" излегувал како опозиционнен весник во Скопје од 1938-1940 година под редакција на Зуфер Мусиќ. Во него доагале до израз идеите на левото крило на Српската земјоделска партија која била во опозиција спрема режимот и ги разобличувал неговите ма-

хинации во Македонија.

Весникот "Наша реч" за прв пат излегол на 25.II. 1939 година. Тој е основан по иницијатива на ПК на КПЈ за Македонија, а во неговата редакција влегле видни претставници на општото прогресивно и работничко движење /Милош Мацура, Дејан Алексиќ, Душан Поповиќ, Радован Лалиќ и други/

Во текот на излегувањето бил принуден да го менува своето име поради честото цензуирање и забранување на поедини броеви. Во јануари 1941 година престанал да излегува бидејќи бил забранет од страна на режимот поради критичките статии спрема капиталистичката експлоатација на населението во Македонија и заштитата на борбата на македонскиот народ за национална афирмација.

Во периодот мегу двете светски војни во Скопје легално излегувале и повеќе списанија, кои истотака главно служеле во интерес на големосрпската хегемонистичка буржоазија. Освен горе споменатите списанија на научните друштва и установи, повремено излегувале и овие списанија :"Јужна Србија", "Јужни преглед", "Завичај", "Српско Косово", "Косовски божур" и други.

Списанието "Јужна Србија" започнал да излегува во 1921 година под редакција на Милан Чемерикиќ и Глиша Елезовиќ.[71] Списанието имало за задача да ги проучува "јужните краеви во историски,економски, географски и социјален поглед" односно да дава поткрепа на владеачките кругови во спроведувањето на денационализаторската политика спрема македонскиот народ. Скоро во секој број до крајот на неговото излегување /декември 1924г./

покрај прилозите од областа на оптествено-економските и културните прилики во "Јужна Србија" се објавувале и по 2-3 статии и друг вид прилози од историјата и етнографијата на Македонија со претежно националистички карактер.

Во 1927 година во Скопје започнало да излегува ново списание - "Јужни преглед". Тој всушност преставувал наследник на претходното списание.[72/] Него го уредувале Саве Милосавлевиќ и Петар Митропан а видно учество со свои статии и дрг вид прилози дале професорите на Филозофскиот факултет - д-р М. Павловиќ, Д-р П.Јовановиќ, д-р Првош Сланкаменац и други и ~~истотака преставници на~~ средношколски професори - С.Зафировиќ, Гл. Елезовиќ, С. Тановиќ и други. Во нив тие третирале слични прашања и со слична националичка тенденција како и во списанието "Јужна Србија" иако се објавиле и прилози од српската литература и словенската литература и култура воопшто.

Извесна поткрепа на официјалната денационализаторска политика на владеачкиот режим на стара Југославија во Македонија му давале и списанијата што ги издавала Учителската организација на "Јужна СРбија" - "Просветни радник" и "Завичај". Тие се печателе во Скопје, во текот на 20-тите години.[73/] Во нив биле публикувани оголем број на статии, песнички и раскази со националистичка ориентација. Инаку, на страниците на овие две списанија , а особено на првото, биле третирани извесни стручни прашања од областа на просветата и оваа сталешка организација.

Во текот на 20-тите години во Скопје излегувале и списанијата "Српско Косово" и "Косовски божур".[74] На страниците на овие списанија се публикувани скоро исклучиво само такви статии и прилози низ кои доагало до израз идеите на српскиот национализам. Во "СРпско Косово" се објавувале главно материјали за "српството" во Македонија и Косово, за осветата Видовден, за подвизите на српската војска на Брегалница, за Караѓорѓе и претставниците на Караѓорѓевата династија и слично. Во "Косовски божур" пак, се поместени главно приповедки и спомени како за сите погинати "Срби" за српството во Македонија така и за живите "национални радници за српството во Македонија".

Во периодот меѓу двете светски војни, во Скопје се јавно публикувани и списанија со прогресивна политичка тенденција и содржина. Такви биле : "Учителски покрет", "Луч" и "Пољопривреда нашега југа".[75] Поради ваквата ориентација често пати биле цензуирани од страна на полицијата и накрај забранети да излегуваат бидејќи не само што не служеле на интересите на владеачкиот режим туку често пати на нивните страни се појавувале и написи со критички осврт на неговата политика.

Во периодот меѓу двете светски војни, во Македонија се јавно и слободно шireле и распространувале преку разни форми и средства и други весници и списанија што ги издавале разни културно-просветни друштва и организации. Во сите нив се објавени и голем број на статии и друг вид прилози со националистичка тематика. Такви гласила издавале Соколската организација, потоа организацијата на Народната одбрана, Друштвото Све-

ти Сава, Колото на српските сестри, Друштвото"Просвета", Матица српска и други. За сите нив поопширно ќе стане збор во следната глава.

б. Улогата на другиот вид издавачка дејност

Покрај издавањето на весниците и списанијата, во Скопје и вон Скопје, во периодот меѓу двете светски војни се публикувани и голем број на специјални брошурки и книги во кои како предмет на третирање биле историјата, етнографијата, географијата, фолклорот, културното наследство и тогашната општествено-економска и политичка стварност на "Јужна Србија". Главната поента во оваа издавачка политика била ставена во фаворизирањето на такви публикации со кои божем побргу би се помогнало во реализацијата на споменатата јавна денационализаторска политика спрем македонскиот народ. Имено, преку таквите публикации, што требало да ги има секој дом во"Јужна Србија", се сметало дека побргу ќе се изградува српска национална свест кај македонскиот народ и на тој начин би се ставил на страната на државната власт. Истотака, со нив се сакало да се запознае југословенската и светската општественост и научна јавност со "српскиот" карактер на Македонија и преку "научното" и "вистинското" изнесување на "српските" етнографски белези во Македонија и воопшто со "српскиот" фолклор во Македонија. Преку тоа, пак, запознавање всушност се целело да се одврати прогресивната југословенска и светска јавност од заштита и помагање борбата на македонскиот народ за остварување на своето право на национално самоопределување, а со тоа владеачките кругови на стара Југославија да си создадат заштитници за

српскта кауза за Македонија.

Со изразито пропагандно-националистички карактер се печателе оние книги кои се издавале обично во чест на некоја годишница од некој настан поврзан со појавата и развитокот на српската пропаганда во Македонија во турскиот период или покасно. Така например во чест од смртта или рагањето на некои поистакнати"национални борци" за"српството" во Македонија или,пак, по повод годишнините од "ослободувањето" на"ЈУжна Србија" односно некој нејзин град, се издавале разни брошурки и книги во кои преовладувале идеите на буржоаско-националистичкат идеологија. Уште покарактеристичен пример на тој план биле,пак публикциите по повод прославите од годишнините од оснивањето на многубројните културно-просветни и "национално-патриотски" друштва и организации. Како такви , покрај другите, биле издадени и следните публикации:

1. J.X.Василевић - Споменица Јована Бабунског, Скопље, 1921.

2. 30-годишњица рада Јована Ћирковића,Битољ 1925 година.

3. Споменица православног храма Свете Богородице у Скопљу 1835-1935, Ск., 1935.

4. Станислав Краков - Наше последне победе, Бгд., 1928.

5. "-" "-" - Кроз Јужну Србију,Бгд., 1926 година.

6. Ал. Јовановић- Војвода Мицко,Ск., 1930.

7. Споменица Друштва "Књегиња Зорка", Бгд., 1934 година.

8. Споменица 20-годишњице Брегалничке битке и 10 године оснивање организација Народне одбране,Штип, 1933.

9. Споменица"Српског кола", 1903-1933,ск.,1934.

10. Споменица 25-годишњице певачког друштва "Вардар", 1907-1932,Ск.,1932.

11. Споменица Друштва Свети Саве 1886-1936,Бгд., 1936.

12. Споменица 40-годишнице мушке гимназије у Скопљу 1894-1934,Ск., 1934.

13. Крал Александар и Јужна Србија, Ск.,1934.

14. М. Павловић - Идеологија соколотва,Ск., 1931.

15. Споменица о прослави 30-годишнице Соколског друштва у Скопљу, Ск., 1940.

16. Ј. Кимић - Кумановац- Ослобоиоци српског југа,Скопље 1937 година и други.

Во Скопје, Белград и дуги места се печатени и друг вид книги од областа на историјата, етнографијата и фолклорот на "Јужна Србија".Така например, за период од десетина години /1920-1929/, од областа на оваа проблематика се отпечатени околу 20 посебни кинигi, а како афтори се јавуваат главно професорите на Филозофскиот факултет во Скопје и Белград,[76] со што божем се претендирало на некоја висока и строга научност. Вистина во многу од нив се наогаат и значајни историографско- фактографски материјали , особено од областа на етнографијата и фолклорот, мегутоа нивната основна тенденција е да ја прикажат и афирмираат "српската историја","српската народност" и "српскиот фолклор" во "Јужна Србија". Некои од нив биле специјално отпечатени во странство или,пак, специјално биле наменети за странската јавност. Така например книгата на д-р Тих. Ѓорѓевиќ - Македонија, веднаш по Првата светска војна била отпечатена на англиски и француски јазик и имала како скоро и

сте други фалсификаторско-пропаганден карактер.[77] Со тоа всушност Министерството на просветата а уште повеќе Министерството на надворешните работи правело интервентни акции како би можело да се парира грчката, а особено бугарската пропагандна акција во Друштвото на народите или пред некои други општествено-политички и културно-хумани органи и организации во светот и Европа. Така например д-р Тихомир Ѓорѓевиќ во погоре споменатата книга полемизира воопшто со тезата на бугарските научници за бугарскиот карактер на Македонија а д-р Јован Ердељановиќ во својата книга "Македонски Срби" полемизире со истата теза за Македонија на германскиот научник Густав Вајганд.[78]

За остварување на споменатата политичка тенденција, владеачките кругови на стара Југославија, на тој план, ги ангажирала сите научни институции /историски,етнографски и музејски/ во Белград. Тие во нивните печатни органи им дале доста обемен простор на статии и друг вид прилози во кои се тертирала историското и културното минато на "Јужна Србија". Исто така, Овие научни институции во своите издавачки програми и планови дале доста значајно место на оние публикации во кои како предмет на тертирање ја имале спомената проблематика. Така например, Археолошкото друштво, преку својот орган "Старинар", Етнографскиот музеј преку својот "Гласник" и "Српски етнографски зборник", потоа Југословенското професорско друштво преку својот "Годишњак" и други често пати објавувале разни статии и друг вид прилози со националистички пристап. Најмногу такви статии и прилози се публикувани во Српскиот етнографски зборник и Гласникот на

Етнографскиот музеј.[79] Исто така, на овој план била ангажирана и највисоката научна институција во Србија - Српската кралска академија. Таа во својот Гласник како посебни едиции објавила повеќе публикации со историско-географска и етнографска содржина, во кои покрај богатиот фактографски материјал, преку нив главно се настојувало да се шири "српскиот" карактер на Македонија како мегу југословенската така и мегу светската научна јавност. Инаку, општо познато е дека оваа институција, редовно ги разменувала своите публикации со таквите и другите научни институции во земјата и странство. Дури, во годините непосредно пред Втората светска војна, некои нејзини членови требало да публикуваат посебни публикации наменети за "Јужна Србија" во рамките на издавачкиот план на Академијата, но поради априлската катастрофа на стара Југославија тоа не било потполно извршено.[80]

Накусо речено, издавачката дејност во "Јужна Србија" и за "Јужна Србија" била во служба на интересите на големосрпските владеачки кругови. Таа, впрочем, за целиот период мегу двете светски војни, била "огледало" на тогашното буржоаско општество. Исто така оваа дејност имала специфичен третман Државата, перку своите органи и институции и многубројните друштва и организации, настојувала на секој начин оваа проблематика да биде фаворизирана.

# ФУСНОТИ ЗА ГЛАВА III

## МЕСТОТО И УЛОГАТА НА НАУЧНО-КУЛТУРНИТЕ УСТАНОВИ И ЈАВНИОТ ПЕЧАТ ВО ПОЛИТИКАТА НА СТАРА ЈУГОСЛАВИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

1. Со организационните работи околу формирањето на Филозофскиот факултет во Скопје непосредно раководел професорот на Белградскиот универзитет д-р Тихомир Горгевик. За таа цел тој извесно време престојувал во Скопје. На 16.XII.1920 година Факултетот започнал званично да работи. /Д-р Првош Сланкаменац - Филозофски факултет, Годишњак, 1930, I, стр.8-9.

1а. Уредба о Филозофском факултету у Скопљу и Правном факултету у Суботици, В. "Службене новине", 7.XII.1920; Уредба Филозофских факултета на Универзитетима у Београду, Љубљани Загребу и Скопљу, Акт бр.12/1932, К.1, Документи 1932-1939/Уредби/, фонд-ФФ, АМ, Скопје.

2. Исто.

3. Акт бр. 17839/11.XII1919, к.7, фонд-ФФ, АМ, Скопје

4. Акт бр.2422, к.7, фонд-ФФ, Скопје.

5. Акт бр.1906/1921, к.7, фонд-ФФ, Скопје.

6. Исто.

7. Годишни извештај Филозофског факултета за 1934/35 година, к.3, фонд-ФФ, Скопје.

8. Записници са конференције Савета Филозофског факултета и конференције Филозофског факултета од 20.V.1929 године, книга 31, фонд - ФФ, АМ, Скпје.

9. Единица - Акти, к.1, фонд- ФФ, АМ, Скопје.

Во 1924 година во Софија е оснивана "научна" установа под име Македонски научен институт. Негови оснивачи биле идеолозите на тогашниот врховизам и водачи на врховистичката емигрантско-македонска централа - Македонскиот национален комитет со материјална и морална помош на бугарскиот двор и бугарската буржоазија. Неговите задачи биле да собира матери-

јали од историјата на "бугарскиот" народ во Македонија а посебно за неговата национално-ослободителна борба како би можело да се припрема една системна историја за таа борба. /Кутија-28 фонд- ФФ, Недообработени архивски материјали,АМ,Скопје./

Во Солун, пак, по Првата светска војна бил основани Филозофски и Правни факултет, а неколку години покасно и Институт за национални студии. И овие институции работеле на тоа да ја фалсификуваат историјата на македонскиот народ за да ги бранат пред домашната и светската општественост и научна јавност интересите на грчкиот владеачки режим во Македонија. /В. Картов - Борба македонског народа за национално самоопределење у периоду измегу два светска рата, Скопје,1970, стр. 53./

1о. Акт бр.2428/1933 - Меморандум о Филозофском факултету, к.з, фонд- ФФ, АМ, Скопје.

11. Акт бр.2857/23.III.1925година - Писмо Министарство просвете Филозофском факултету у Скопљу,к.5, фонд - ФФ, АМ, Скопје.

12. В. С. Радовановић - Радови етнолошких семинара Скопског филозофског факултета за проучавање народа ЈУжне Србије и суседних области од 1925-1928 године. /Гласник Скопског научног друштва, Книга V, Св.II,Скопље,1929,стр.2

13. Врз основа на овој фонд Советот на Филозофскиот факултет во Скопје распишал конкурс за теми од народната историја, во кои биле предложени следните:

1/. Културно-просветните проблеми на Србите под турска власт;

2/. Четничката акција во Јужна Србија до ослободувањето;

3. Марњавчевиќите во историјата на Србите./Според Акт бр. сл. од март 1922 година - Објава Деканата Филозофског факултета, ед.-Светосавски студентски темати,фонд-ФФ,АМ, Скопје.

14. Единица - Годишни извештаи 1932/33 - 1939/40 година , к.3, фонд - ФФ, АМ, Скопје.

Така например Во 1933 годинабиле доделени све тосавски награди за следните теми: Суха Гора и Осој, Мариовски говор, Велешки говор, Културата на памукот во Тегегелискиот крај, Српските пари за време на Немањичката држава ./В."Вардар".30.I1934 година./

15.Акт бр.153/31.I.1928 година, ед.-Преписка1928, к.28, Правила Академског певачког друштва "Обилић",фонд- ФФ, АМ, Скопје.

16. Ова друштво мегу студентите на Филозофскиот факултет е основано во 1935 година. Во неговите Правила, покрај другото поставени се и овие задачи:

1). да работи на развивање на националната свест мегу студентите...

2). да ги созбива секакви растурања и слабеења на националните животни снаги а посебно на оние кои произлегувале на верска или партиска основа...

3). да ги помага здруженијата или поединците кои работат на планот на националната одбрана.

/Ед.- Струдентски друштва, к.45, фонд - ФФ, АМ,Скопје

17. Правилата на студентското друштво "Јован Цвијиќ" се одобрени од страна на Советот на Филозофскиот факултет на 29.I.1933 година.Основната задача на друштвото била да ја проучува етнографијата и географијата на "Јужна Србија" во духот на Цвијиќевите погледи спрема Македонија. /Акт Пов.бр.10/16.II 1935, ед. 224, фасц.80,фонд- МП,АЈ, Бгд.

18. Исто.

19. Друштвото "Покрет" било основано односно неговите Правила биле одобрени од страна на Филозофскиот факултет во Скопје на 28.IV.1934 година, а забранет од страна на истиот орган

во 1938 година. Целта на Друштвото била"да ги собере сите студенти кои се интересиреле за наука или литература и да со сите средства го помага културниот напредок на студентите ~~и" преку нив во овие краеви~~." /чл.5 од Правилата на југословенското студентско друштво"Покрет" , к.45, фонд- ФФ, АМ, Скопје./

20. Студентското просветно друштво "Вардар" одржало основачко собрание на 29.I.1937 година. Ова друштво било формирано по углед македонското студентско културно-просветно друштво "Вардар" на Загребскиот и Белградскиот универзитет. Меѓутоа, друштвото не било допуштено развива своја дејност бидејќи Советот на Филозофскиот факултет на своја седница од 25.V. 1937 година не му ги прифатило Правилата поради тоа што "неговата дејност би била спротивна од онаа на интересите големосрпската буржоазија. /Акт бр.2434/1937,к.7,фонд- ФФ,АМ,Скопје./

21. Годишњак Скопског Филозофског факултета ,I, 1930 година.

22. Годишњак Скопског Филозофског факултета у Скопљу 1939/40 ,194o,IV,Скопје.

23. Акт Пов.бр. 598/19.IX.1928, ед.162, фасц.62, фонд - МП, AJ, Бгд.

24. Исто.

25. Акт Пов.бр.32818/17.IX.1930, ед.224,фасц,80, фонд - МП,Бгд.

26. Акт Пов. бр.33283/15.X.1930, ед.224,фасц.8o, фонд- МП, AJ, Бгд.

27. Акти Пов.бр. 432,457,458/193o ~~1931~~ година, Акти Пов. бр. 23-34/1931 година, ед.224,фасц.80,фонд-МП,AJ,Бгд.

~~24a. Статистички преглед студената на Филозофском~~ факултету у Скопљу,Годишњак Филозофског факултета у периоду 192o/25 и 1925/1930.Год.I, Скопље, 1930.

25. Статистички годишњак за 1929/30,Бгд.,1930,стр. 343.;Бројно стање студената у Скопљу,ед.Акти,к.27,фонд-ФФ,АМ,Ск

26. Статистички годишњак за 1929/30...стр.346 и Статистички годишњак за 1938/39, 1939,Бгд.,стр.384-385.

28. В. „Наша реч", бр. 1/25.II.1939 годи.

29. Годишњак Скопског Филозофског факултета, книга I, 1930, Скопље. /Статистика положених дипломских испита 1920/3о године/.

30. Статистички годишњак 1938-1939,Бгд.,1939,стр.386.

31. Записник са прве седнице Скопског научног друштва од 26.III.1921, книга 102,стр.6, фонд- Скопско научно друштво /СНД /,АМ, Скопје.

32.Правила Скопског научног друштва,21.III.1925,стр.3.

33. Акт бр.95/21.XI.1922 година,к.1, фонд - СНД,АМ,Скопје

34. Акт бр. 51/5.III.1927 година, к.1, фонд-СНД,АМ,Скопје

35.Правила Скопског научног друштва,стр.1-2.

36. Акт бр.157/14.XI.1925,к.1,фонд-СНД,АМ,Скопје.

37. Записник са прве седнице Скопског научног друштва ... стр. 5.

38. Акт бр.195/5.XI.1925, к.1,фонд-СНД, АМ,Скопје.

39. Документи во кутија 1, фонд-СНД, АМ, Скопје.

4о. До поделбата на Гласникот во 1928 година биле публикувани вкупно 2 книги односно 4 свески. Покасно одделението за општествени науки издало 12 книги односно 12 свески а одделението за природни науки 6 книги со по една свеска. Ова јасно покажува дека одделението за општествени науки било во многу што фаворизирано во издавачката дејност поради определените интереси на владеачкиот режим што ги спроведувал деканот на Филозофскиот факултет и истовремено и председател на Скопското научн друштво.

41. Гласник Скопског научног друштва бр.1/1925, кн.I, св.I, стр.94.

42. Док.б.број,к.2,фонд-СНД,АМ,Скпоје.

43. Вој Радовановић - горе цит. статија,стр65-66.

44. Стефан Тановик е роден во с. Богородица, Гевгелиско. Уште пред балканските војни бил учител во српското училиште во своето родно село.Долгу години по Првата светска војна бил училишен надзорник во Гевгелиско-Дојранската просветна околија. Во

1927 година ја издал книгата "Српски народни обичаји у Ђевђелиској кази" а во следнатаата 1928 година "Јела и пића у Ђевђелиској кази".

По ослободувањето , како член на Српската академија на науките публикува неколку малки брошури од областа на етнографијата и фолклорот во Гевгелискиот крај, преку кои настојуваше да се ослободи од напластениот националистички баласт.

45. Документи во кутија 1 и 2, фонд-СНД, АМ, Скопје.

45а. Документи за оснивањето и дејноста на Музејот се наогат во кутиите од46-5о, фонд-ФФ,АМ,Скопје. Види и во книгата - Споменица 25-годишњице ослобођење Јужне Србије.., стр.1007-1оо8.

46. Акт бр. 38/15.V.1939,к.5о, фонд-ФФ, АМ, Скопје.

47. Споменица 25-годишњица ослобођење Јужне Србије..., стр.1010.

48. Исто.

49. Извештај о раду Народног универзитета у Скопљу и Јужној Србији 1923-1928, Скопље,1928,стр.3-5.

50. Документи во кутија 46,фонд-ФФ,АМ,Скопје.

51. Извештај о раду Народног универзитета ... стр. 6-14.

52. Исто, стр.6-2о; Извештај о раду народних универзитета, Бгд., 1935,стр. 2о-27.

52а. Исто.

53. Акт бр. 742/11.I.1932, Писмо краљевске банске управе Народног универзитета у Скопљу, к.46, фонд - ФФ, АМ, Скопје.

54. Исто.

55. Книга 34, фонд - ФФ,АМ, Скопје.

56. Правила Народног универзитета у Скопљу, к.46,фонд- ФФ,АМ,Скопје.

57x 57. Народниот универзитет во Битола бил оснивам како во јануари 1932г. посебна институција во 1930 година. Наскоро , потоа и Народниот универзитет во Битола престанал да работи како и Скопскиот, од исти причини. Повторно преработил во почетокот на 1933 година. /Извешатј о раду Народног универзитета у Битољу, Скопље, 1935, стр.4-7/.

58. Исто.

59. Акт Пов. бр. 1957/7.I1919 година,ед.114,фасц.53, фонд - МП, АЈ, Бгд.

60. Исто.

61. Весникот "Стара Србија" излегувал како дневен весни освен во понеделник.Најпрво го уредувал Уредувачки одбор.Од 1. I.1921 година весникот го уредувал Бошко Богдановик. Пок извесно време истото лице се појавува и како директор и како одговорен уредник.

Весникот "Наша стара Србија" за прв пат излегува на 1.XII.1924 година. Негов одговорен уредник бил Богдан Радетик. Од јуни 1927 година негов уредник постанал Милош Г. Илик. Во 1929 година, која била и негова последна година, излегувал саеднаш неделно.

62. Тоа биле следните статии :"Свечани дочек у Скопље", 1,2,3 и 4.I.1921 година; "Божић",7.I.1921 година; "Уновој години", 16.I.1921 година и "Војвода Живојин Мишић",23.I.1921 год

63. В. "Наша стара Србија",1.XII.1924 година.

64. Весникот "Демократ" го уредувал Михајло Кујунџик , а негов директор бил Стеван Мацура а весникот "Народна воља",ко излегувал во периодот 1924-1927 година, го уредувал, истотака споменатото лице.

65. Весникот "Вардар" во1925/26 година го уредувал Милосав Јелик, а престанал да излегува поради материјални причини бидејки не бил прифатен од населението во Македонија.

65а. Весникот "Вардар" по четврти пат се појавил на 1.V.1932 година под уредништво на белградскиот новинар М. С. Јовановиќ. До 30.XII.1932 година излегувал најпрво еднаш неделно, а потоа и двапати. Од 1.X.1933 година започнал да излегува трипати неделно , а од 1.I.1936 станал дневник.Од 15.III.1936 година го уредувал Владимир Т. Богдановиќ. Од 25.VIII истата година главен уредник е Ал.Јовановиќ а од 10.IX. до 10.XII. истата година го уредувал Јован Костиќ.

66. В."Вардар",1.V.1933 година.

67. Посебно за ова видите во броевите на весникот "Вардар" од февруари,март и април 1933 година.

68. В. "Јужна Србија",бр.1/1938 година.

69. "Привредни гласник" излегувал веднаш по Првата светска војна како дневен весник на трговската младина во Скопје под уредништво на Глиша Елезовиќ и Милан Чемерикиќ

"Скопски гласник" бил чисто комерцијален весник. Него го финансирал гркот Берос а го уредувал В. Караџиќ.

"Јужни привредник" излегувал како неделен весник во 1924 година и третирал главно стопански прашања.

70. "Скопски гласник" излегувал како орган на Скопската општина. Во прво време на неговите страници главно се објавувале претежно написи и прилози од областа на комуналната политика на Скопје. Покасно, по иницијатива и подршка на самиот уредник Вук Ивановиќ, започнале во него да соработуваат и група луѓе кои изразувале прогресивни тенденции и идеи.

71. До 1.VI.1923 година "Јужна Србија" излегувало как двонеделно списание а од 1.VIII.истата година како месечник. Од 1.VIII.1923 година до крајот на 1924 година излегувал како двоброј во месецот.

72. Списанието "Јужен преглед" започнал да излегува на 1.I.1927 година. Излегувал со извесни прекини се до 1935

година. Од бројот 3/1930 година редакцијата го декларирала ова списание како"спиасание за наука и книжевност".

73. "Просветни радник" излегувал во Скопје од 1920-1924 година како званичен орган на Учиетлското здружение на "Јужна Србија". "Завичај" било списание наменато за децата во "Јужна Србија" како месечник и излегувало во периодот од 1920 1926 година.

74. Редакцијата на списанието "Српско Косово" истото го декларирало како списание за "српска литература и народно просветување".Ова списание најпрво се печетел во Косовсака Митровица, а од 1.I1923 година во Скопје како двонеделник.

Списанието го уредувал Станојло Димитријевик, познат "национален" радник за "ослободувањето" на "Јужна Србија" од турското ропство.

"Косовски божур" бил месечен орган на "Здружението на националните радници од Јужна Србија". Него го уредувал Стоја Капетановик, исто така познат борец за српската кауза на Македонија уште од турскиот период.

75. "Учитељски покрет" излегувал во текот на 2933/34 година во Скопје како двомесечно педагошко-социјално списание. Него го оснивале и издавале група на прогресивни учители. На страниците на списанието покрај теми од стручен карактер се обработувале и прашања од тогашната актуелна проблематика од општествено економски и полтички живот во "Јужна Србија".

"Луч" излегувало во 1937/38 година како списание за "културни, економски и социјални прашања" еднаш месечно. Негови оснивачи и соработници биле главно Македонци и во него се среќаваат доста статии со прогресивна содржина.

Меѓу прогресивните списание може да се вклучи , како рековме и "Пољопривреда нашега Југа" што излегувало во Скопје под уредништво инжинерот Бора Атанасијевик. Во него главно се третирале прашања од актуелната земјоделска проблематика.

76. Тоа биле главно следните книги:

1. Тих. Ђорђевић - Македонија , Бгд., 1920

2. Ђ. Јелинић - Нова Србија и Југославија, Бгд.,1923.

3. В. Ђерић - Неколико питања из етнографије старе Србије и Македоније, Сремски Карловци, 1922.

4. М. Ивановић - Српско-македонски акценатски систем, Бгд., 1921 година.

5. К. Костић - Наши нови градови на југу, Бгд., 1922

6. В. Ђерић - О српском имену у старој Србији и Македонији, Бгд., 1924.

7. П. Радосављевић - Шта је Маћедонија, Бгд., 1925.

8. С. Протић- О маћедонији и Маћедонцима, Бгд., 1922.

9. Јер. М. Павловић - Малешево и Малешевци, Бгд., 1929.

10. "-" "-" - Стари живот и обичаји народа у Јужној Србији, Бгд., 1926.

11. Ј.Х.Василевић - Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Бгд.,1928.

12. "-" "-" - Скопље и негова околина, Бгд.,1928.

13. В. Ћоровић- Велика Србија, Бгд., 1924.

14. "-" "-" - Јужна Србија у нашој култури, Бгд,1928.

15. Ј. Ердељановић - Македонски Срби,Бгд., 1925.

16. Т. Ђорђевић - Македонија , II издање, Бгд., 1929.

17. Ј. Цвијић - Балканско полуострово, I-II,Бгд., 1922,1931,

18. Скопље и Јужна Србија, Бгд., 1925.

77. Macedonia /на аглиски во Лондон/ 1918 и Macedoine /на француски во Парис/,1919.

78. Т. Ђорђевић - Македонија, Бгд., 1920 год., стр.6; Јован Ердељановић - цит.книга, Бгд., 1925.

79. Како посебни книги преку Српскиот етнографски зборник се печатени следните книги за"српскиот" етнографски карактер на "Јужна Србија":

1. Јовановић д-р Петар - Порече, LI.

2. Милојевић Боривоје - Јужна Македонија, XXI.

3. Петровић Анастасије - Обичаји марода српскога у Скопској Црној Гори.VII.

4. Радовановић Д-р Војислав - Тиквеш и Рајец, ~~XXXXX~~ XXIX.

5. Т. Смиљанић - Кичевија, LI.

6. "-" - Мијаци, Горна Река и Мавровско поле, XXXV

7. Тановић Стефан - Српски народни обичаји у Ђевђелиској кази XL.

8. "-" "-" - Јела и пића у Ђевђелиској кази, XXX.

9. Филиповић д-р Миленко 8 Северна велешка села, LI.

Во Гласникот, пак, на Етнографскиот музеј во Белград се публикувани следните публикации:

1. Манојловић Коста - Свадбени обичаји у Галичнику, I.

2. "-" "-" - Свадбени обичаји у Дебру и Жупи, X.

3. Петровић Пж Ж. - Свадбени обичаји у Гостивар , VI.

4. Поповић Павле - О служби у кривопаланчком крају, V.

5. Тановић Стефан - Народна ношња у околини Ђевђелије, VI.

6. "-" "-" - Народне мере у околини Ђевђелије, VIII.

7. Филиповић С. Миленко - Породична, лична и еснавска слава, II, Бгд.

8. "-" "-" - Етнолошке белешке из северних велешких села, LI, Бгд.

9. "-" "-" - Породичне и личне славе у Тетову, VI.

80. На тој план ?Српската кралска академија ангажирала неколку професори на Филозофскиот факултет во Скопје и Белград и членови на Скопското научно друштво, кои истовремено биле и ~~xxxxx~~ нејзини членови /Тихомир Ѓоргевиќ, Јован Ердељановиќ, Јован Х. Василевиќ и други/.

# Г Л А В А IV

# СПЕЦИФИЧНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ, "НАЦИОНАЛНО-ПАТРИОТСКИТЕ" И "НАЦИОНАЛНО-ВИТЕШКИТЕ" ~~друштва~~, ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ

## 1. Задачите на друштвото "Свети Сава" на планот на општата денационализаторска политика спрема македонскиот народ

Друштвото "Свети Сава" е основано во 1886 година од страна на тогашните поистакнатите научни и културни работници на Србија, а со помок и знаење на кралот Милан Обреновик и тогашната српска влада начело со председателот Милутин Гарашанин.[1/] Неговата цел била да ја "шири просветата и да ги негува националните чувства и вештини мегу српскиот народ"[2/], во простор бесконечен и во време бесконечно. Мегутоа, тежиштето на дејноста на споменатото друштво, преку кого настојувало да ја реализира својата прокламирана цел, било свртено пред се кон оној дел на "српскиот народ" кој сеуште се наогал под тугинска власт, а особено деловите на "српскиот народ" на југ - во Македонија. Имено, во текот на последната и првата деценија на XIX односно XX век преку Друштвото "Свети Сава" се испратени поголем број на учители и свештеници, кои предходно главно се подготвувале во Светосавското и другите училишта во Белград и другите краеви во Србија. Тие со заминувањето во "Јужна Србија" добивале првостепена задача да ја шират српската кауза во Македонија.

Друштвото "Свети Сава" ја продолжило вакват своја дејност и во периодот мегу двете светски војни. И во ово период тежиштето на неговата дејност била свртена, пак, кон Македонија, иако поради новите политички услови, употребувало доста модифицирани , па и некои нови форми, методи и средства. Исто така и главната цел на Друштвото останала иста "да ја шир просветата и да ги негува националните чувства и вештини мегу нашиот народ".3/

Почетнта програмска платформа на Друштвото "Свети Сава" ја креирале владеачките кругови на кралството Србија во втората полвина на XIX век - династијата на Обренови ките /Милан и Александар/ и владата на кралството Србија и нејзиното Министерство на просветата и црковните работи. Ваквата програмска ориентација ја доградувале и спроведувале владеачки те кругови на кралството Србија и во почетокот на XX век. Од нив потоа, во периодот мегу двете светски војни , ја прифатиле и владеачките кругови на кралството СХС односно Југославија, а ја спроведувало преку Министерството на просветата и Главниот просветен совет. Со нејзината практична реализација , пак , ра ководел Главниот одбор на Друштвото, во кој главно членувале преставници на највисоките политички форуми, на Универзитеот и некои средни училишта во Белград.4/

Главниот одбор, како највисок управен орган на Друштвото се грижел главно за тоа со какви средства и метод

да ја постигне горе поставената денационализаторска цел спрема македонскиот народ. Се до 1936 година, оваа дејност Друштвото во Македонија настојувало да ја спроведува преку неговите повереници што се избирале за секое поголемо место. Во периодот од 1919-1936 година во Македонија повереничка должност во интерес на Друштвото Свети Сава вршеле 25 лица. Тие вака биле распоредени: Скопје - 3, Битола-3, Велес-2, Гевгелија-2, Кавадарци-1, Крива Паланка-2, Куманово -3, Прилеп-3, Струмица -1, Тетово-2, Штип- 1. Во Скопје долгу време повереничка должност вршел инспекторот на Министерството на просвета во Скопската просветна област Драгомир Обрадовик.[5]

Првите друштвени пододбори во Македонија, во периодот мегу двете светски војни, биле основани наскоро по завршувањето на Првата светска војна. Мегутоа, тие не само што биле малку ами и ниедно од нив не се одржало по 1925 година. Во 1937 година Главниот одбор преку своите членови успеал, со помош на банот на Вардарската бановина - Светислав Пауновик и околиските началници во Западна Македонија /Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево, Лазаропље, Галичник, Ростуша, Дебар, Струга, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Велес, Кавадарци, Неготино и Гевгелија/, да формира пододбори на Друштвото. Нивните основачки конференции ги свикувале околиските началници по предходна директива на споменатиот бан.[5а]

За повереници и членови на друштвените пододбори биле поставувани главно училишните надзорници, ди-

ректорите на гимназиите и прогимназиите, поистакнатиx професори од по такананаречената национална група предмети, адвокати, председатели на општини, трговци и други високи чиновници во управните и црковните органиxx кои и дотогаш видно се истакнувале во ширењето на српската национална кауза за Македонија.

Дејноста на повереницитe и членовите на друштвените пододбори се состојала во организирање на извесни јавни предавања за месното население особено за време на светосавскиот празник /27.I./, потоа во распространувањето на изданијата на споменатото Друштво како и публикации од други издавачки куќи а преку кои се фалсификувале историското минато на македонскиот народ и тогашната политичка стварност. Друштвото обрнувало посебно големо внимание на ширењето на публикациите што се однесувале за "Јужна Србија" бидејки преку тоа се сметало дека полесно ке се остварува процес на духовна асимилација на Македонците. За оваа цел, во секое место каде имало повереници или xxxxxxxxxxx друштвени пододбори, редовно се распространувале органот на Друштвото - "Братство" и посебните друштвени изданија. Зборникот на Друштвото Свети Сава, Споменицата /1886-1936/ и други. Преку нив главно се пропагирале големосрпските националистички идеи спрема Македонија.

Првиот број на органот на Друштвото-"Братство" излегол во 1877 година и содржел вкупно 16 статии и прилози од кои 7 се однесувале за Македонија и во нив се застапувала буржоаската српска теза за Македонија.[6/] Скоро сличен соодност имале и следните броеви што излегувале до Првата светска

војна. Неговото излегување продолжило и во периодот мегу двете светски војни. За тоа се грижел посебен орган - Книжевен отсек во кои членувале истакнатите ~~идеолози~~ претставници на големосрбизмот и тоа: д-р Тихомир Ѓоргевиќ, д-р Јован Хаџи Василевиќ, д-р Станоје Станојевиќ, д-р Никола Вулиќ, д-р Владимир Коровиќ и други. Овој орган бил формиран уште на првата седница на Главниот одбор по Првата светска војна од 9.XI.1919 година. Споменатите лица биле и најглавните соработници на списанието.[7/]

Во 1921 година излегла XV односно I свеска на "Братство" по Првата светска војна , а последната, XXX, во 1939 година. И во нив преовладувале статии и друг вид прилози со истата политичка тенденција односно написи со изразита националистичка содржина. Така например во XV свеска од 19 прилози 7 се однесувале непосредно или посредно на историјата, етнографијата и културата на "Јужна Србија."[8/] Такви биле следните написи: Вл. Ќоровић - Наше уједињење за време светског рата; Н. Вулић - Наше земље у старо доба; Ст. Станојевић - Држава Срба, Хрвата и Словенаца; Ј.Х.Василевић - Српски народ и турске реформе; Б. Милојевић - Наш народ и негових предака у Јужној Македонији; П. Павловић - Српска Македонија и С. Стојковић Порекло народних песама о Краљевићу Марка.[8/] Во другите свески иако тој сооднос е нешто смален во позитивна смисла на зборот, сепак, споменатата политичка тенденција е присутна . Таа е присутна дури и во оние статии и прилози кои не само што имале позитивно фактографско значење туку и во оние кои имале извес

но научно значење во областа на етнографската наука и археологијата на Македонија бидејќи и во нив се настојувало да се видно манифестира "правото" име на Македонија -"Јужна Србија ", "нашиот Југ","Нашите јужни области" и слично.

Преку друштвото "Свети Сава" се применувале и други форми, методи и средства за спроведување на денционализаторската политика спрема македонскиот народ. Уште веднаш по Војната, Главниот одбор на Друштвото испратило голем број на слики и икони на личноста Свети Сава за училиштата и манастирите во Македонија,потоа извесен фонд на книги со претежно националистичка содржина за секоја нижа или потполна гимназија, што послужиле како основа за отварање на училишните /ученичките и наставничките ~~библиотеки~~/и манастирските библиотеки. Така например од 13 подарени библиотечни фондофи во училиштата на "Јужна Србија" 10 биле наменети за училиштата во Македонија и тоа за местата : Охрид, Струга, Кавдарци, Битола, Прилеп, Велес, Скопје, Тетово, Куманово и Штип.[9/]

Со цел да даде свој допринос во спроведувањето на општата денационализаторска политика на владеачкиот режим спрема македонскиот народ, Друштвото "Свети Сава" обрнува извесно внимание и на прифакање на ученици и студенти за стипендирање и издржување ,односно во прифакање на свои благодејанци и питомци. Таква одлука била донесена уште на XII седница на ~~друштвото~~ Главниот одбор на друштвото во 1922 година, кога овој орган се договорил со директорите на гимназиите да се устану-

ват стални и повремени благодејанци и питомци.[10/] Иако, за такви можело да бидат примени деца од сите краеви на Југославија во целиот период мегу двете светски војни, сепак, се давало предимство на ученици и студенти од јужните краишта односно од Македонија поради познатите причини - да истите лица по завршувањето на школувањето ~~ххххххххххххх~~ да се активно вклучат во официјалната денационализаторска политика спрема македонскиот народ.

Дека навистина претходно споменатото е точно ни сведочат покрај другото и следните бројни показатели. Имено во периодот од 1924-1936 година од вкупно 449 лица што стално користеле средства на Друштвото, 290 биле од Македонија.[11/] Во истиот, пак, период, од вкупно 624 лица што привремено користеле благодејание 244 биле од Македонија.[12/] Во првиот случај изнесува над 60% а во вториот околу 40%. Овие проценти видливо ја изразуваат политичката тенденција на Друштвото кога се знае дека истото имало свои повереници, членови и пододбори на целото подрачје на Југославија.

Дејноста на Друштвото Свети Сава спрема Македонија се одликувала и со други специфичности. Тоа најдобро доагало до израз и во распишувањето на наградните темати. Имено за секоја учебна година од страна на Главниот одбор на Друштвото за денот на Свети Сава се распишувале наградни теми наменети на учениците во гимназиите. Така во јануари 1926 година, највисокиот орган на Друштвото во договор со директорите на

"Јужна Србија" се одредиле, главно ~~xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx~~ теми што ~~xxxxxx~~ се однесувале ~~xxx~~ на животот и личноста Свети Сава, царот Душан, Крали Марко, Улогата на Србија за обединувањето на целиот "српски" народ и слично.[13/]

На крајот ке го споменеме и тоа дека Друштвото Свети Сава во својата севкупна дејност употребувала и такви методи и средства што имале и општопросветно значење. За некои од нив веке говоревме во втората глава - како например за отварањето и работењето на специјалното светосавско основно училиште за возрасни во Скопје во текот на дваесеттите години, доделувањето на наградта светосавски златен прстен на просечно најдобро дипломираниот студент на Скопскиот филозофски факултет[14/], испракањето на литература и друг вид училишен материјал и слично. Мегутоа, ваквите облици на дејност во многу заостанувала зад онаа која имала главно за цел да допринесува за денационализациската политика. Целокупната дејност на Друштвото, а посебно онаа спрема "јужните краишта" најдобро ја прикажал неговиот подолгугодишен председател д-р Тихомир Горгевик на XIV седница на Главниот одбор на Друштвото на 25.III.1935 година. Бидејки неговиот опис за дејноста на Друштвото во периодот меги двете светски војни е релативно краток го даваме во продолжение целосно:

"Ниту денес кога сме , благодарејки на Божјата правда и силните напори на нашиот народ, без малку сите во сло-

бодна заедница, друштвото Свети Сава не ја напуштил својата девиза... Таа особено не ја напуштил во јужните наши краишта. Друштвото после војната било прво кое испратило на нашите училишта на Југот неколку илјади слики на Свети Сава за да ги негуваат како симбол на нашата просвета. Друштвото потоа ... ги пуштило првите српски книги на Југот... На сите видови средни училишта им поклонило по една потполна училишна библиотека. Тоа на сите манастири на Југот им дало повеке книги за да бидат ембрион на тамошните манстирски библиотрки. Тоа од Војната наваму, секоја година давало награди за најдобро изработени светосавски темати во сите видови средни училишта во Јужна Србија... Тоа го започнало отварањето на Универзитетскат библиотека во Скопје. Тоа го помогнало оснивањето на Скопското научно друштво и потоа стално го помагало, тоа го помогнало отварањето на академското пеачко друштво "Обилик" во Скопје... Тоа непрестанно помогнува по стотина студенти од Јужна Србија во сите училишта на нашата земја. Тоа стално ја помагало секој културно-патриотска активност во Јужна Србија. Тука, мегутоа не е воопшто спомената помошта за зидање на црквите, за поправка на старите цркви и манастири, за набавките на црковните и училишните потреби што Друштвото Свети Сава ги правело од Војната до денес во Јужна Србија."[16/]

## 2. Улогата и задачите на женските културно-просветни друштва и планот на национално-културното отугување на македонскиот народ

Во периодот мегу двете светски војни во Македонија биле формирани и делувале повеке женски културно-просветни друштва. Сите тие, со еден мал исклучок, преставувале истурени клонови на централните друштва со седишта во Белград. Тие, покрај извесна општа културно-просветна дејност, главно спроведувале специфична мисија со однапред определена политичка тенденција - да вршат "национално-патриотска"дејност сред женскиот свет односно да даваат свој прилог во спроведувањето на политиката на одродување на македонскиот народ. Таква дејност во Македонија главно развивале следните женски друштва : Коло на српските сестри, Кнегиња Зорка, Кнегиња Љубица, Српска мајка и Фидак.

Најинтензивна дејност во Македонија на овој план , во периодот мегу двете светски војни, покажало Колото на српските сестри.[17] Неговите први членови односно организациони единици на чие чело стоеле друштвените пододбори, ова Друштво ги формирало во Македонија во текот на 1913-1914 година кои веднаш по Првата светска војна ,во 1919/20 година биле обновени.[18] Мегутоа, нивниот број нешто позасилено се зголемил по 1926 година односно по обиколката на пододборите во Македонија од страна на потпредседателот и секретарот на Главниот

одбор на Колото - Пешик и Тодоровик и членот на споменатиот орган Матовик.[19] Од таа година панатаму, скоро во секоја градска населба во Македонија се формирани пододбори на Колото на српските сестри.[20] Раководните функции на друштвените пододбори како и членувањето во нив, ги заземале жените на началниците на околиите, потоа на највисоките чиновници во разните управни и воени органи, на истакнати професори, судии, адвокати и духовни лица.[21] Тоа покажува недвосмислено дека овие друштва биле формирани со помош и непоредна иницијатива на владеачкиот големосрпски режим со однапред оределена политичка тенденција.

Активноста на пододборите била раководена од Главниот одбор а насочена кон жените односно пред се женската младина со цел да се подготвува за идниот живот но и да се кај неа подигнува и зајакнува "српскиот" дух со кои биле запоени српските јунаци што го "ослободиле и обединиле целиот наш троимен народ". По воспоставувањето на 6-јануарската диктатура на кралот Александар во 1929 година политичката ориентација на Колото, пак, била насочена кон истата цел иако формално тоа сега се барало подигнување и зајакнување на "националното единство" односно кон воспоставување и всадување на свеста за единствена југословенска нација."

Главниот одбор на Колото на српските сестри, валвата своја политичко-програмска ориентираност, настојувал да ја реализира преку разновидни форми и доста

привлечни средства. Најраспространета форма било воспоставувањето на патронат над женските занатски училишта . Меѓутоа, за улогата и задачите на овие училишта нема да зборуваме бидејки за нив рековме во втората глава на овој труд.

Членовите на пододборите на Колото на српските сестри биле задолжени да учествуваат на сите свечаности што во нивните краеви се организирале со помош на режимот а кои имале националистички карактер. Ваквата активност ја наложувало пред се самиот Главен одбор на Колото , но неретко се случувало овој највисок орган на Колото,преку свои членови , непосредно да учествува во реализацијата на таквите манифестации. За таа цел обично негови преставници ги обиколувале поедини места каде имало повереници или друштвени пододбори. Така например при погоре спомената посета на членовите на Главниот одбор во 1926 година дошло до многу јавно изразување на националистичките манифестации. Во нивна чест, имено, секаде каде што биле - Гевгелија, Струмица, Штип, Прилеп, Кавадарци, Битола и Скопје биле организирани најразновидни свечаности на кои биле одржани извесни говори со претежно националистички карактер при предавање во употреба на домовите на Колото, при помените на паднатите борци за "слободата " на Македонија односно при Брегалничката битка, судрувањата во с. Удово,Валандовско и Валандово во 1915 година, Кајмакчалан и слично.[22/]

Пододборите на Колото биле задолжени да зимаат учество и во училишните прослави и свечаности по повод светосавските и видовденските празници а исто така да организи-

раат свечаности по повод своите слави со одбрана програма со националистичка тематика. Имено, со тоа се сметало дека се врши "национално-патриотска" мисија која преставувало, пак, еден вид прилог во спроведувањето на политикта на духовна асимилација на Македонците. Кон таква цел биле ориентирани и акциите на пододборите преку кои се собирале парични средства за подигнување на споменици и за одбележување на такви места преку кои се глорифицирала борбата на кралството Србија за завладување на Македонија како и борбата со комитските чети во текот на 20-тите и почетокот на 30-тите години.[23]

Членовите на Колото, било самостојно или преку околиските надзорници и директорите на училиштата, го распространувале не само печатниот орган на Колото - "Вардар",[24] туку и други книги со претежно националистички карактер. Во споменатото списание главно се печателе статии и друг вид прилози преку кои се настојувало да се зачува и подигнува "српската национална свест во Македонија" и да се даде помен на заслужните борци за "ослободувањето на Јужна Србија" и воопшто за татковината.

Главниот одбор на Колото на српските сестри[25] како и Главниот одбор на друштвото Свети Сава располагало со извесен паричен фонд кој бил наменет за доделување на помош за стипендирање односно издржување на ученички и студентки од Македонија во домовите на

Колото како и за давање помош при изведувањето на ученичките екскурзии на женските занатски училишта и женската гимназија во Скопје, што се сметале како една многу значајна форма во остварувањето на определената политичка тенденција. Овие средства биле добиени главно од високите чиновници на државната власт особено оние кои служеле во "Јужна Србија" започнувајќи од кралот преку банот на Вардарската бановина Жика Лазиќ и околиските началници и писари до директорите на училиштата и изве ни трговци и адвокати кои се појавувале како добротвори и големо добротвори. Овие споменати категории на лица, скоро секоја година вложувале по некои динар и во касите на Пододбрит во разни места во Македонија како би ги поттикнале овие да развијат позасилена денационализаторска дејност. Така например кралот Александар во 1925 година дал влог од 3.000 динара на Кавадарската занатска школа што работела под патронат на Колото на српските сестри,[26] ~~во 1933 година~~ Во истата, 1925 година, Великиот жупан на Скопската област Антоније Вилфовиќ вложил 500 динара на име на Пододборот на Колото на српските сестри во Скопје,[27] а во 1933 година тогашниот министер на внатрешните работи Жика Лазиќ дал 2.000 динара на Пододборот на Колото во Охрид и 5.000 динара на Колото во Штип и други места.[28]

Преку Колото на српските сестри се настојувало да се прифакаат извесни ученички од Македонија на дошколување во Белград. За таква акција биле заинтересирани и

државните органи. Така например по иницијатива на министерот на внатрешните работи М. Вукичевик уште во 1923 година Домот-интернат на Колото насрпските сестри во Белград примил неколку ученички од Штип и Струмица како свои питомици , а со цел да можат покасно да развиваат "национално-патриотска" акција во интерес на српството во Македонија.[29]

Како резултат на ваквите и слични акции на режимските луѓе, Главниот одбор на Колото на српските сестри во учебната 1926/27 година издржувал во својот Дом-интернат во Белград вкупно 32 питомки од кои 11 биле од Македонија а другите од сите други краеви на Југославија /5 од Далмација, 3 од окупираните краеви, 2 од Босна, 2 од Црна Гора 1 од Албанија, 3 од Херцеговина и 5 од старите предели на предвоена Србија.[30] Од нив владеачкиот режим настојувал не само да ги воспита во големосрпски дух туку и да станат активни пропагатори во потпората на режимот.

Другите женски културно-просветни друштва -Кнегиња Зорка, Кнегиња Љубица и Фидак исто така развиле извесна денационализаторска дејност во Македонија но не со таков интезитет и степен како што развило Колото на српските сестри.

Од споменатите друштва . по Колото на српските сестри, најголем број на членови имало односно најповеке свои пододбори формирало во Македонија друштвото на Кнегиња Зорка. Ова друштво е основано во Белград, на 17.III.1924

година, на 34 годишнината од смртта на кнегиња Зорка, жената на кралот Петар I Карагоргевик. Нејзината програмска цел била изразена во членот 5 од Правилата на Друштвото што биле донесени на 10.VI.1926 година. Во тој член,покрај другото , стои и тоа дека главната ориентација на Друштвото била "да го морално и материјално помага првенствено нашиот народен подмладок /да ги негува кај него добрите народни особини, да ги издржува сиромашните деца, да отвара занатски училишта и забавишта/ за да би се одржувало и воспитувало во предана и корисна служба на кралот и нашата држава."[31] Исто така Друштвото имало за задача да го подигнува народниот обичај и слично.[32]

Во Македонија ова друштво успеало да формира 8 пододбори итоа , најпрво во Скопје во 1929 година, а потоа и во Горче Петров, Струмица, Штип, Крива Паланка, Куманово , Велес и Битола,[33] Дебар и Пехчево[34] со вкупно околу 600 члена Преку овие пододбори биле издржувани повеќе питомци или стипендирани повеќе ученици во Учителската школа и гимназиите во Скопје и Белград благодарејки на средствата што ги добивале од Министерскиот совет, Министерството на просветата, вардарската бановска управа и други.[34]

Друштвото "Кнегиња Љубица" било основано во Белград , во 1919 година со цел да се помага српската црква и да се зачува верата на"српскиот елемент на Југот."[35] Прв пододбор на ова друштво во Македонија е формиран во 1921 година на иницијатива на жената на генералот Ристик.[36] Овој под

одбор ги помагал манастирите и црквите со разни прилози, потоа купувал и растурал мегу населението со што всушност настојувал да се подига верата на народот во црквата "како најмокно средства за подигање на моралот" и во подигање на националните чувства како и на "патриотизмот спрема тогашната држава".37/ Покасно пододбори на Друштвото биле формирани во Куманово и Горче Петров.

Женската секција "Фидак" била формирана при здружението на резервните офицери на "Јужна Србија" во Скопје. Таа имала за цел да ги негува култот спрема мртвите српски херои од војната. Во реализацијата на поставената цел секцијата "Фидак" организирала разни културно-просветни манифестации по повод годишнините од Кумановската и Брегалничката битка, потоа од борбите кај Валандово и Удово, од борбите на Кајмакчалан, од годишнините на "ослободувањето" на "Јужна Србија", годишнините од рагањето и смртта на преставниците на Карагоргевичката династија и други.38/

Во ваквите и сличните свечаности /видовденските манифестации, светосавските прослави/ видно учество зимале и Управите на погоре споменатите друштва - Кнегиња Зорка и Кнегиња Љубица. Тоа особено видливо доагало до израз бидејки како председатели и потпредседатели па и членови на пододборите биле главно жените на високите цивилни чиновници /околиски началници, околиски писари, адвокати, судии и слично/, потоа жените на офицерите и високите црковни старешини во Македонија.

така . паралелно со некои општо просветни и хумани задачи и акции /отворањето на читалишта и библиотеки, ширењето на книгата мегу пошироките слоеви на населението, по- во школувањето, учество во подигнување на домови-интернати и магање на сиромашни деца, изведување на забавни и друг вид екскурзии со учениците и слично/ преку женските културно-просветни друштва - Кнегиња Зорка, Кнегиња Лубица , ~~xxxxxxxxxxxxxxxxxx xxxxxxxx~~ и Женската секција "Фидак" владеачкиот режим настојувал да спроведува одредена политичка тенденција - да помогнат и дадат свои прилог во општата денационализаторска политика спрема македонскиот народ односно во политиката на посрбување на Македонците. Исто така тие требало да одиграат ~~xx~~ и извесна улога во "средувањето" на политичките прилики во"Јужна Србија". Но тоа , пак , не значи дека во Македонија, во периодот мегу двете светски војни не постоеле и други женски културно-просветни друштва кои немале таква определена идеолошко-политичка тенденција. Такви биле пред се друштвото на Неското движење во Скопје, потоа здружението"Српска мајка", здружението на факултетско образованите жени и други.

Женското движење и Здружението на факултетски образованите жени преставувале всушност две посебни друштва за заштита на жената и нејзините права. Преку нив на српски јазик се помагало школувањето на женската младина,потоа подигање на нивото на заинтересираноста на жената за литература, одржување на семинари и курсеви за кроење и шиење, обезбедување на законско право

на жената за работа, отварање на женски занатски училишта и слично.

И здружението "Српска мајка" имало феминистички карактер. Тоа всушност преставувало клон на таквото здружение што било формирано во Белград уште во 1911 година. Првиот подбор на ова здружение е формиран во Скопје во 1927 година. Покасно таков пододбор бил формиран и во Битола. Нивната задача била да ги помага и воспитува младите мајки преку отварање на детски обданишта и советувалишта за нега на доенчињата. Иако во тоа се немало кој знае каков успех сепак и самите почетни напори на тој план имале извесно позитивно значење.

### 3. За дејноста на другите културно-просветни друштва и установи

Во периодот меѓу двете светски војни, во Вардарскиот дел на Македонија биле основани и работеле и поголем број на културно-просветни друштва и установи во областа на музичката и театарската дејност и воопшто во областа на уметноста во поширокта смисла на зборот. Скоро во секое поголемо место биле основани по некое музичко или пеачко друштво и разни аматерско-дилетански секции и друштва. Во самиот Скопје, пак, за целиот овој период работел професионален те

театар, потоа Друштво на пеијателите на уметноста - "Јефимија" , музичка школа и неколку музички и пеачки друштва. Нема сомнение дека преку нив македонскиот народ најизвесен начин започнал да се вклопува во општите културни прилики на југословенските народи во тоа време.

Бројот на разните културно-уметнички и општите културно-просветни друштва започнал особено да се зголемува во средината на 20-тите години, кога скоро во секоја градска населба , па и во поголемите селски населби, биле формирани по некое друштво. Така например во Скопје, во тоа време работеле 5 пеачки друштва /"Вардар" , "Мокрањац", "Обилик", српско-еврејско пеачко друштво и свештенички пеачки хор/ , а во Тетово, Битола и Куманово по две. Во прилог на тоа зборува и фактот што во секоја гимназија па во извесни случаеви и во нижите гимназии работело по едно стручно лице од областа на пеењето и музиката.

Исто така, иако населението во периодот мегу двете светски војни живееше во мошне тешки општествено-економски и политички услови, сепак тоа наогал доста сили и за развој на театарската дејност. Скоро во сите видови средни училишта постоеле извесни театарски секции и групи а во повеке места вклучувајќи тука и извесни села биле формирани и работеле самостојни друштва . Театарско-драмската дејност добила поорганизиран карактер во текот на 30-тите години кога во повеке места во Македонија биле изградени соколски домови.

Споменатите културно-уметнички друштва, како израз и стремеж на струењата во општествениот живот воопшто и ~~непосредно во~~ и извесно непосредното ~~делување~~ учество на најшироките народни слоеви, преставувале извесен значаен фактор во општото културно издигнување на народот. Но , наспротив на тоа, големосрпскиот владеачки режим и на нив настојувал да им даде пред с определена политичка тенденција во Македонија - ги тертирала и нив како национално-културно-просветни друштва и институции кои требало да дадат свои прилог во спроведувањето на политиката за духовна асимилација на Македонците. Тоа впрочем најдобро се гледа пред се преку одредбите на усвоените Правила на споменатите друштва за кои ке зборуваме малку покасно кога ке стане збор пооделно за секое од нив.

Ваквата идеолошко-политичка тенденција уште подецидно се изразувала во политиката при поставување на раководните лица на споменатите друштва и установи. Имено за ппредседатеи и потпредседатели како и члнови на ~~управните~~ нивните управни органи ~~биле~~ биле поставувани главно такви лица кои биле познати како спроведувачи или пропагатори на големосрпското влијание во Македонија.

Најбројни друштва и установи во оласта на уметноста во широката смисла на зборот биле пеачките и музичките.

Првото пеачко друштво во ~~Македонија~~ "Србија" "Вардар" било формирано уште непосредно по"ослободувањето"во 1919

година. Но тоа не било новоснивано друштво бидејќи истото било формирано уште во 1907 година. Ова друштво, долгу години, се до 1919 година, имало чисто националистичко-пропаганден карактер бидејќи главно служел во интерес на "одбрана" на српското име во Македонија.39/ Имено, тоа било формирано како пеачко друштво на учениците од српската гимназија во Скопје и имало за задача преку песните да го подига духот на народот и неговиот подмладок во ширење на српското име за Македонија односно во развивање на српска национална свест и чувства.

Друштвото "Вардар" задржал доста елементи од националистичка природа и во своето делување во периодот меѓу двете светски војни. Имено, тоа, покрај ~~неговиот~~ придонес во ширењето на општата музичка култура, и во ова време ја изразувал "српската" песна од Македонија и со тоа земал активно учество во сите манифестации со националистички карактер - по повод годишнините од разни настани поврзани со појавата и развојот на српската пропагандна акција во Македонија светосавските и видовденските прослави, денот на "ослободувањето" на Македонија и слично. На тој начин се настојувало да да се воспитува народот и посебно младината во српски дух.

Слична улога имале и другите пеачки друштва во Скопје/"Мокрањац"/,40/ Тетово /"Бињички"и "Пејчиновик"/, во Битола /"Кајмакчалан" и "Мокрањац"/, во Велес /"Душан Силни"/ и други места во Македонија.41/

Сите пеачки друштва или секции при постојните културно-просветни друштва во "Јужна Србија" биле обединети во посебна жупа - Вардарска пеачка жупа "Мокрањац". Во јули 1938 година бил одржан и прв слет на сите пеачки друштва од "Јужна Србија" со која акција биле манифестирани и национоналистички дух.43/

Режимските луѓе настојувале преку пеачките друштва да создадат и извесни врски меѓу младината од Македонија и Србија што би ослужила како средство за "национално" воспитување. За таа цел споменатите пеачки друштва од Скопје, Тетово, Куманово, Велес и Битола и други места биле на повеќе турнеи во Јужна и Источна Србија. На тој начин се сметало дека полесно и побезболно ќе се одвива процесот на денационализација и асимилација на македонскиот народ. Така например заради ваквите и слични форми на полето на денационализаторската ~~политика~~ делување на пеачкото друштво "Бињички" од Тетово, референтот на уметничкото одделение при Министерството за просвета М. Римовиќ испратил специјално писмо во 1925 година да истото друштво биде примено под покровителство на престолонаследникот Петар. Еве што впрочем стои во него:

"Ово друштво ја култивира српската песна и тетовската младина ја воспитува во српски национален дух, бришејќи ги сите трагови заостанали од непријателската владавина и пропаганда. Тоа врши духовна препородба, која има значајно и благотворно влијание и на постарите мештани. Кај гра-

ганството, без исклучок,многу е популарно и цането. Со еден збор, работата на друштвото е за секоја пофалба и препорака, па затоа заради својата културна и национална дејност заслужува во полна мерка покровителство на Н.В. Петар."[43]

Нема сомнение , како иницираме веќе и порано дека со формирањето и делувањето на разновидните пеачки и музички друштва па и установи допринесувало во Вардарскиот дел на Македонија за време на целиот период меѓу двете светски војни да се шири општата музичка култура меѓу македонскиот народ. Нивната дејност на тој план дала посебно забележливи резултати по 1934 година кога во Скопје започнала со работа школата "Мокрањац". Во меѓувреме музички школи биле формирани и во Штип и Битола. Преку нив се оформиле првите висококвалификувани музички кадри кои потоа допринеле да се масовно проширува музичката култура меѓу македонскиот народ. Паралелно со подигањето на општото ниво на музичката култура во Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, забележливи се и видливи првите резултати на современата македонска музика. Тоа особено доаѓа до израз во текот на 30-тите години кога се појавиле и афирмирале првите македонски современи музичари и композитори, кои публикувале свои збирки на македонски песни, а обработувале и македонски народни песни. Така, врз основа на македонското народно музичко богатство, започнала да се изградува македонската уметничка музика, наспротив на напорите на режимските сили во униш-

тувањето или задржувањето на македонското музичко творештво.

Владечаките сили очекувале да дејствуваат на националистички план и сите други културно-уметнички друштва и установи - разни месни театарско-дилетански друштва или секции при културнопросветните друштва, Кралското народно позориште во Скопје, друштвото на пријателите на уметноста "Јефимија" и други. Особено позасилена улога на планот на денационализаторската политика режимските сили очекувале да развие Скопското позориште, кое како културно-уметничка установа било формирано уште во 1913 година , а веднаш по Војната, во крајот на 1918 година било обновено. Имено, тие сметале дека тоа ќе биде првостепена "национално" културно-просветна установа во "Јужна Србија". Вистина , истата била основана со задача да подготвува главно театарски престави од "нашиот стар национален репортоар",[44] сметајќи дека на тој начин кај народот "ќе ја подигнува и развива до највисок степен националната свест" односно "населението на југот ќе може да биде национално осознаено".[45]

Во таа смисла, а со цел да може "јазично и национално да го воспитува населението на југот" Управите на театарот, по иницијатива и согласност на режимските сили, биле приморувани да превземаат почести турнеи во повеќе места во "Јужна Србија." Така, например, само во месец февруари 1926 година споменатото Позориште гостувало по 4 пати во Велес и 5 пати во Куманово.[46] Во периодот , пак, од 28 мај до 28 јуни 1926

година Скопското Позориште дало 23 престави во Битола.[47/] Во овој периодот до крајот на 20-тите години Позориштето припремало и дало главно "домашни" престави кои имале претежно националистички карактер, односно репортоарот бил свртен кон такви престави во кои како нивен предмет преставувале теми и прашања ох поврзани со "српската" национална историја и култура. Такви биле , покрај другите и овие: "Смрт Уроша V од Стефановик, "Смрт мајка Југовића" од И. Војновик, "Хајдук Вељко" од Драгојевик,[48/] потоа престави за Милош Обилик, Крали Марко и слични.[49/]

Со ваквата наметната репорторска политика од страна на режимските сили на стара Југославија всушност се настојувало да се задушува македонското творештво во областа на театарската дејност која имала извесна традиција уште од крајот на XIX век. Мегутоа, и покрај извесното успорување, македонското драмско творештво во периодот мегу двете светски војни забележа многу значајни резултати, особено во текот на 30-тите години. Тоа овозможило на сцената Скопскиот професионален театар да се појават и престави на македонски јазик со содржина од македонскиот народен бит. Овие престави предизвикале далеку поголем интерес кај скопската публика отколку што биле поранешните престави во текот на 20-тите години од "домашните" автори аво кои имале денационализаторски побуди. Тие биле подобро посетени и од тогашните престави на познати странски и југословенски драматурзи.

Бројот на посетителите на споменатите престави се зголемува особено во периодот од сезоната 1936/37 до1939/40 година. Во овој период најдобро посетени престави биле : "Печалбари" од А. Панов,"Бегалка " од В. Иљоски и "Антица" од Р. Крле.[50/] Само во сезоната 1936/37 година драмата печалбари доживеела 37 престави со вкупно 11.305 гледачи што не доживеела ниедна друга престава во Скопското народно позориште иако оние што се изведувале на српскохрватски јазик биле бенифицирани од страна на постојниот режим.[51/] Тоа , накусо значи и покрај замислата и прокламираната задачи да Скопското народно позориште одигра доста значајна улога во општата денационализаторска политика спрема македонскио народ, до тоа неможело да дојде бидејки неговата официјално-режимска репортоарска политика населението не ја прифакало. Тоа, имено ги прифатило оние театарски дела во кои како предмет во нив се третирала македонската стварност од поблиското минато или , пак, прашања од современата проблематика поврзани со македонскиот народен бит. Во нив, македонскиот народ си ја гледал својата национална самобитност, што владеачкиот режим особено го загрижувало.

Нема сомнение дека таквиот однос на театарската публика влијаела позитивно во однос на се побројното зетапување на драмски дела од македонските автори во крајот на 30-тите години. Тоа занчи дека Скопското народно позориш-

те како културно-уметничка установа преставувала не само извесен фактор во општото културно издигнување на народот ами дало и доста значаен допринос во позасилената афирмација на македонската национална самобитност во периодот меѓу двете светски војни.

Треба исто така да го истакнеме и фактот дека во периодот меѓу двете светски војни во Македонија работеле повеќе секции при разни културно-уметнички друштва во разни места и особено во средните училишта а исто така и извесни патувачки театри кои изведувале и дела на македонски јазик. Но оваа дејност не можеме да ја поопширно разгледуваме, како и впрочем позитивната улога на Народното позориште во Скопје, бидејќи не преставуваат предмет на нашиот труд.

Големосрпските владечки кругови настојувале да ги задушуваат белезите на македонската национална култура и во областа на уметноста. Така например, на друштвото на пријателите на уметноста "Јефимија" што работело во Скопје во текот на 30-тите години, режимските сили настојувале да му дадат определена идеолошко-политичка тенденција. Тоа, имено, организирало разновидни литературни и музички и друг вид уметнички манифестации/изложби/ преку кои покрај општото ширење на уметноста настојувало делата и вредностите на македонските музичари и сликари да ги прикажува како јужносрбијански. Но наспротив на денационализаторските побуди на реакционерните сили, во текот на 30-тите години дошло не само до општо ширење на уметноста воопшто ами и до првата афирмација на современата македонска уметност. На извесен начин, во таа смисла позитивна улога одиграло и спомнатото друштво "Јефимија".

4. Културно-просветната пропагандна дејност на "национално-витешките" и "национално-патриотските"организации и друштва во"Јужна Србија"

Доста значајна улога во големосрпската денационализаторска политика спрема македонскиот народ требале да одиграат и многубројни"национално-витешки" и "национално-патриотски" организации и друштва. Такви биле пред се Соколската организација, потоа организацијата"Народна одбрана", како и разни друштва и здруженија на резервните офицери и ратници, здруженија на четници, здруженија на "национални радници" и други. Сите тие се формирале под мотивација дека божем ќе вршат културно-просветна и национално хумана акција, а всушност имале изразито националистичко обележје. Исто така преку овие организации друштва и здруженија, како средства на големосрпската денационализаторска политика, се целело да се оттргнува македонскиот народ од својата борба за национални и социјални права што биле особено осетливи за владеачкиот режим на стара Југославија.

Соколството како организирано движење во областа на физичката култура за целиот период на своето постоење како во Чешка каде за првпат се појавило, така и во другите земји вклучувајќи ја и Стара Југославија имало определена општествено-политичка тенденција и обележје.

Почетоците на соколското движење во Чешка датираат од 1862 година. Тоа настанало и се развивало како составен дел на развојот на националното движење на чешкиот народ во борбата против германизацијата. Чешката буржоазија како водач на чешката национално ослободително движење употребувала најразновидни форми и средства околу формирање на национални гимнастички друштва кои преку јавните вежби, јавните собири /часови/ и дефилејата вршела извесно влијание на широките народни маси да ги прифатат идеите на панславизмот наспроти на пангерманизмот.

Првиот водач и идеолог на соколското движење во Чешка бил Мирослав Тирш. Под негово раководство, во почетокот се развивала идеологија за собирање на сите слоеви во рамките на една федеративна Австроунгарија, а малку покасно во борбата за нејзиното тријалистичко уредување.

По смртта на Тирш во 1884 година, соколството истакнува нови политички пароли, а потоа се развива и негова нова идеологија. Имено, во крајот на XIX и почетокот на XX век по иницијатива на Томаш Масарик, преку соколството се манифестирале идеите за борба за што поголема политичка самостојност па дури и до оцепување на словенските народи од Австроунгарија поради неподносливата германизаторска и унгаризаторска денационализаторска политика спрема Словените. На тој начин соколското движење се афирмирало како еден вид силно национално движење засновано на сесловенската идеологија и се повеќе станувал привлечен фактор за сите словенски народи па и оние кои биле

надвор од Хабзбуршката монархија.

Од Чешка соколското движење се проширило најпрво кај другите словенски народи во рамките на гореспоменатата монархија. Така во текот на 60-тите и 70-тите години на XIX век се проширило и меѓу Словенците и Хрватите, а во почетокот на XX-от век и во Босна и Херцеговина. Се смета дека поради поголемата бројност на Југовените ова движење добило име Сокол што ги симболизира храброста, смелоста и тенденцијата за слобода.

Во почетокот на XX век соколството се проширило и меѓу слободните словенски балкански државим Србија и Бугарија. И во нив во прво време соколството играло позитивна улога, односно претставувало средство за смалување на надворешните притисоци. Покасно соколството започнува да игра и улога на спремање на борци кои ќе бидат способни да ги ослободат "своите браќа" од туѓинското ропство.

За време на целиот период меѓу двете светски војни соколското движење постоело и работело и во Југославија. Тоа се појавило и во Македонија. Покрај општото значење на линија на организирање на тело-вежбањето на човекот како и во остварување на општата задача за прикривање на класните разлики во тогашното југословенско општество, соколското движење во Македонија имало и специфична политичка тенденцијам - требало да влијае во подигање на "српската" национална свест и во средување на тогашните политички прилики, односно да може да парира на бугарската пропаганда што се ширела во Македонија и да ја отуѓува борбата за национална слобода на

македонскиот народ. Накратко речено преку соколското големосрпската буржоазија настојувала да ги оствари своите денационализаторски стремежи на Македонија.

Дека навистина ова движење имало таква политичка тенденција ни покажуваат повеќе факти. Пред се претставниците на владеачкиот режим дејноста во врска со развојот и ширењето на соколството во Македонија се преставувало како "национална мисија", "национална работа" и сл. Нема сомнение дека преку него се настојувало да се дава еден значаен прилог во општата политика за денационализација на македонскиот народ и "средување"на тогашните политички прилики. Оваа политичка тенденција и цел владеачките кругови настојувале да ја реализираат преку разни форми и манифестации во рамките на делувањето на самата Соколска организација - организирање на јавни гимнастички настапи, потоа, гимнастички слетови и сл. Најкарактеристична форма на тој план сепак била развивањето на"национално-просветна"дејност. Во периодот до прогласувањето на диктатурата на кралот Александар денационализаторската културно-просветна дејност на соколството доаѓало до израз многу послабо отколку во периодот 1929-1940 година. Пред се во првиот период на стара Југославија, Соколската организација во Македонија воопшто не била развиена. Имено, непосредно по Првата светска војна само во Скопје било формирано Соколско друштво.[53] Под негова иницијатива, наскоро потоа во мај 1923 година биле формирани соколски друштва во Тетово и Велес[54], а во меѓувремено биле оснивани и соколските друштва во Штип и Битола.[55]

Соколството во Македонија нема кој знае каков степен на организираност и по 1923 година кога била формирана и Соколската жупа за "Јужна Србија" со центар во Скопје. Имено, од таа година па до крајот на 1929 година во "Јужна Србија" вистина имало формирано околу 32 соколски друштва[56/], но тие само привремено работеле, а немале се уште ни доволно техничка опрема ниту пак доволен стручен кадар.

Со ваквата слаба организациона поставеност Соколството не можело да врши и некое значајно "национално" културно-просветна влијание врз младото поколение на македонскиот народ. Вистина, првиот началник на Соколската жупа, пуковникот Тодор Живковиќ одржал неколку јавни предавања во Скопје, Велес и Тетово во врска со значењето и улогата на Соколството давајќи му притоа извесна националистичка боја, но сето тоа било недоволно да може Соколството да постане и значаен политички фактор. Исто така преку Соколството се одржувале долго време иизвесни јавни часови и излети во блиските места.

Позасилен подем Соколството во Македонија бележи во периодот 1929-1940 година кога истото движење добило како спомнавме малку и погоре државен карактер. Од тогаш со директно учество на државата, во Македонија дошло до зголемување на бројот на друштвата, а со тоа растело и бројот на членството.[57/] Ѝ помалите места биле формирани и околу 72 стални и 34 привремени месни соколски чети.[58/] Тоа дошло како последица на зајакнување

на материјалната база на друштвата. Имено, со директно ангажирање на банот на Вардарската бановина - Жика Лазиќ и околиските началници биле допуштени не само повеќе материјални средства, туку и со принудно ангажирање на населението од страна на властите биле изградени повеќе соколски дмови во Македонија и истовремено истите снабдени со технички средства и стручен кадар. Нема сомнение дека тоа навистина повлијаело да се вклучува поактивно македонската младина во соколските друштва бидејќи преку нив единствено можела да се занимава со спорт и гимнастика.

Паралелно со организационото зајакнување на Соколството во Македонија започнала и неговата позасилена"национално-просветна" дејност, на која и се давало националистички карактер, односно особено големо "национално" значење. Вистина преку оваадејност се настојувало да се објаснува и изградува унитаристичката југословенска мисла и идеологија која всушност не значела ништо друго, туку зајакнување позициите на династијата и големосрпската буржоазија. Таквата политичка тенденција особено доаѓала до израз во Македонија. Во текот на 30-тите години на специјалните просветни органи на соколската организација 59/ и биле ставени во задача да ја организираат и развиваат целокупната просветно-пропагандна дејност - растурање на соколскиот печат и на едициите на соколските библиотеки, одржување на специјални предавања, свечени седници и приредби

со изразито националистички карактер. Прекум нив се настојувало членовите на соколските друштва да се воспитуваат во "национален дух", во негување на "националните вредности" на "Јужна Србија", во чување на "националните" и државните интереси со кои требало да се јакнат темелите на државата.

На тој план, само во текот на 1937 година, Сојузниот просветен соколски одбор, по повод 25-годишнината од "ослободувањето" на "Јужна Србија", преку радио-Белград организирал и подготвил емитување на 24 предавања специјално наменети за историјата, етнографијата, фоклорот и соколството на "Јужна Србија".[60/] Така на пример, на 25 март 1937 година било емитувано предавањето "Јужна Србија у нашем националном животу" во кое Македонија се третирала како поприште на средновековната српска култура, потоа се величела улогата на српските четници како и улогата на српската држава во периодот од 1870 до 1912-13 година, и сл.[61/]

Покасно сите овие предава/били отпечатени во посебна книга под име "Споменица Јужне Србије"и преку жупските просветни одбори и просветарите на месните друштва се распространувала меѓу членовите и останатото граѓанство. Преку овие органи се распространувале и печатните соколски органи - весниците на Сојузниот просветен одбор /Соколски гласник и Соколска просвета/, потоа жупските гласила на "Јужна Србија" и органите на некои од поголемите соколски друштва, како на пример скопското. И не само тоа. Преку просветно соколски органи

во Вардарска бановина се распространувале и специјални едиции и книги на нејзината соколска жупа. Оваа жупа имала во текот на 30-тите години формирана посебна библиотека "Соколска книжица" која публикувала поголем број на книги и брошури. Нејзин уредник бил д-р Миливое Павловиќ, професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Покрај другите прекуовва специјална соколска библиотека биле отпечатени и овие книги: "Соколство у Јужној Србији", "Соколство и добровољци", "Идеологија соколства", "Соколство и народно ослобођење" и други.

Просветно-пропагандната дејност со националистичката тенденција на соколството во Македонија доаѓала особено до израз преку специјално организираните предавања за членовите на соколските друштва. За оваа дејност се грижеле просветарите на друштвата и жупскиот просветен одбор на Вардарска бановина. Така на пример, соколското друштво СкопјеII- Хамзиријево, во календарската 1936 година ги организирало следните предавања за своите членови: "О значају уједињењу", "Из наше народне прошлости", "О династији карађорђевића", "Живот и рад витешког краља Александра I ујединитеља" и сл.[62/] На територијата пак на Скопската соколска жупа во 1936 година биле одржани вкупно 672 предавања од кои 482 биле се однесувале директно или индиректно на прашања од општоисториско етнографски карактер, а посебно од историјата, етнографијата и културното минато на "Јужна Србија". Сите тие предавања имале определена идеолошко-политичка тенденција - преку нив да се всадува српска

национална свест.[63/] Во следната пак 1937 година биле одржани вкупно 966 предавања и јавни говори од кои околу 80% се однесувале на гореспоменатите прашања.[64/]

Накратко речено преку развојот на Соколството во Македонија владеачкиот режим настојувал од една страна видно да го манифестира национализмот, а од друга страна пак да ја покаже физичката способност на младината дека истата е способна да ја брани земјата од надворешните пропаганди т.е. да допринесува да се "средуваат" политичките прилики во Македонија Тоа особено доаѓало до израз за време на подготовките на самото одржување на соколските жупски слетови во Скопје што биле целосно финансирани и поддржувани од страна на владеачките кругови - династијата, министерството за внатрешни работи, кралската банска управа, околиските началства и највисоките црковни и воени органи. Тоа значи дека преку Соколството владеачкиот режим настојувал да ги реализира своите стратегиски цели т.е. колку поголема била физичката спремност на младината толку таа божем била поспособна за одбрана на Македонија од бугарската пропаганда и воопшто способна за одбрана на целата земја. Тоа особено се потенцира и со фактот и што како началници на Соколската жупа и на посебните соколски друштва долго време во Македонија биле офицерите на војската, а началници на околиските друштва главно околиските началници или околиските писари. Така на пример, скоро 10 години на чело на Соколската жупа на "Јужна Србија" бил пуковникот Тодор Живковиќ.[65/]

Исто така долго години старешина на Дебарското соколско друштво бил бригадниот генерал Владислав Костиќ, а негов заменик околискиот началник Светомир Поповиќ[66]. Слична била положбата и со старешините на соколските друштва во другите места.

На крајот, иако нам не ни е предмет на разгледување целокупната дејност на Соколството, сепак ќе го спомeнеме и фактот дека соколското движење во Македонија имало и позитивни тенденции и резултати. Тоа особено дошло до израз како во создавањето на извесна материјална и кадровска база за развојот на општата физичка култура така и на планот на развојот на општите хигиенски и здравствени прилики. Исто така за одбележување е и тоа што преку Соколството, а особено во крајот на 30-тите години, на одреден начин прогресивните општествени сили, а во прв ред претставниците на комунистичкото и македонското национално движење ги распространувале своите акти и друг вид одлуки кои се однесувале на зајакнување на работничкото движење и позасилената афирмација на македонското национално самобитие.

Владеачкиот режим особено значање им давало и на оние организации и здруженија чија дејност во Македонија исто така била пред се ориентирана кон реализирање на денационализаторските и стратегиските цели. Такви биле пред се организациите на Народната одбрана и Здружението на националните радници.

Овие организации себе си се третирале како национално патриотски. Тие исто како такви се третирани и во официјалната публицистика и друга литература на предвоена Југославија[67].

И не само тоа. Некои дури ставале и епитети на организации што ги претставувале "националното движење" и "националното витештво" на "Јужна Србија".[68] Тие всушност биле чисто националистички организации што ги исцело помагала и финансирала буржоаскиот владеачки режим истовремено носеле статус на чисто државни организации.

Организацијата Народна одбрана е основана на 16 септември 1921 година.[69] Таа ја опфаќала целата територија на Југославија. Меѓутоа, тој датум не е и нејзиниот почеток бидејќи општопознато е дека истата постоела уште пред балканските војни. Најпрво била основана во Србија, а потоа формирала свој клонови во Босна и Херцеговина и Македонија.

Во Македонија оваа организација почнува да дејствува непосредно пред балканските војни. Во нејзините редови биле вклучени некои младинци што се школувале во српските гимназии а имале во задача да ги отворено бранат и пропагираат "српските интереси"во Македонија што на одреден начин развивале пропаганда"српскиот народ" во Македонија да ја пречека со љубов српската војска која ќе го обедини со останатиот српски народ кралството Србија.[70] Највисок орган на организацијата на Народна одбрана бил Средишниот одбор со седиште во Белград. Нему му биле потчинети окружните, општинските и месните одбори и повереништва.[71] За "Јужна Србија" најпрво биле основани неколку окружни одбори. Тие постоеле сосема малку и по 1923 година бил формиран единствен Обласен одбор со седиште во Скопје,

а обединувал 25 месни одбори во внтрешноста на "Јужна Србија".[72]

Целта на Организацијата и задачите и средстват за нејзиното остварување се утврдени уште со донесувањето на Правилата во 1921 година. Тие се регулирани со членовите 2 и 3 Во врска со тоа во член 2 се вели дека Организацијата ке:

"а/. ја организира акцијата во заштита на народо како од надворешните така и од внатерешните антидржавните,разорните и дефетистичките елементи

б/. работи кај народот со цел да се изградува народното единство и

в/. соработува на преродбата на нашиот народ во сите правци на општествениот развој ..."[73]

Во членот, пак, 3 од Правилата стои изричито дека Организацијата ке работи на :

"а/. ширење на единатвената национална свест на нашиот народ

б/. одгледување и подржување на духовните и физичките особини кај нашиот народ и

в/. организирање на културните снаги на нашиот народ во смисла на појачување на просветните, здравствените и стопанските прилики..."[74]

Од ова споменато произлегува дека нејзината цел била да даде учество на "националното" освојување на Македонија и во стратегиската одбрана на "Јужна Србија."Тоа најдобро се гледа во едно писмо на Средишниот одбор во 1922 год. до Министерството на просветата во кое стои дека истиот орган има "доста обимен план на полето на националната и патриотската работа особено во стара Србија и Македонија".[74а] Во него дури се барало од споменатото министерство да одобри отсуство на еден учител од 3 месеци заради ширењето на организационната мрежа и потребите на Организацијата Народна одбрана во"Јужна Србија."[75]

Дека навистина оваа организација имала специфична улога во Македонија ни сведочи и едно интервју на војводата Степа Степановиќ во 1927 година кој како тогашен претседател на Средишниот одбор,а покасно и негов почесен претседател, што го дал на званичниот орган на организацијата -"Народна одбрана." Тој имено, во еден разговор со уредникот на споменатото списание Велибор Јаниќ во врска со улогата и задачите на организацијата "Народна одбрана" во Македонија еве што рекол:

"А Јужна Србија? Како стојат таму работите со организацијата. Јужна Србија никогаш не ја заборавувајте! Таа е колевка на нашата слава и величина. Таа заслужува наше зголемено внимание... Вреден и поштен е нашиот народ таму. Треба само да се просвети".[76]

Обласниот одбор на "Народната одбрана" презела повеќе акции и мерки за засилување дејноста на оваа организација. Честопати тој давал иницијатива за политичко организирање на младината на линија на одбрана на"српските национални интереси" во"Јужна Србија", а исто така се појавувал и како учесник па и некогаш и како организатор на националистичките манифестации на разните културно-просветни и"национално-патриотски" организации и друштва. Обласниот одбор организирал честопати јавни предавања од областа на историјата на оваа организација како и за разни тогашни актуелни политички прашања, посебно поврзани со Македонија.[77] За оваа цел дури биле ангажирани и професори на Филозофскиот факултет меѓу кои биле и Алекса Јелачиќ и Миливое Павловиќ, потоа средношколските професори во Скопје

Мирко Јовановиќ, Алекса Јовановиќ и други.78/

Извесна културно-просветна пропагандна активност развивале и овие организации и здруженија кои не само што работеле исцело на националистичка основа, туку и биле формирани само на денеш територијата на Вардарска Македонија, Косово и дел од Јужна Србија. Такви биле здруженијата на националните радници, ~~Здруженијата~~ на четниците и ~~Здружението~~ на првите српски регрути.

На споменатиот пропаганден план најактивно се покажало Здружението на националните радници што го основале "националните и просветни работници на "Јужна Србија"во 1925 година"79/ Тоа се гледа пред се од неговата цел што децидно е изразена во Правилата на здружението. Имено, во член 4, покрај другото во врска со целите и задачите на Здружението стои дека: "- српските просветни и национални работници на Јужна Србија" се собираат во едно братско и патриотско здружение заради заштита на своите членови и сите оние кои за време на турското владеење се осеќале како Срби и загинале за српската идеа;

- да напишат историјат на постанакот на сите наши цркви, манастири и училишта во овие краеви одземени од Грците и Бугарите;

- да на сите училишта и цркви подигнат спомен плочи со именување на сите Срби паднати од таа околина и

- на сите живи и исправни национални работници им прибави од државата признанија и одликувања".80/

Нема сомнение дека Здружението било створено со благослов на државата[81/] и истото дејствувало отворено и јавно. Меѓутоа, неговата активност не дала скоро никакви резултати на тој план поради отпорот што македонскиот народ го давал, иако во прво време бил само спонтан. Неговата активност е позабележлива во периодот од 1925-28 година. Тогаш Здружението успеало да одржи неколку предавања за "Заслужните национални радници и борци и борци за српството во Македонија" - војводите Мицко, Бабунски, Соколовиќ, Трбиќ и други.

Во текот на 30-тите години извесна позасилена идеолошко-политичка дејност развивало Здружението на бившите четници кое се формирало непосредно по Првата светска војна. Во споменативе години ова друштво, покрај грижата за материјално помагање на неговите членови и негување на својата предана служба кон татковината и кралот, настојувало да ја согледа младината во вид на четнички подмладок како би нејзе и ги пренело "убавите традиции на првите весници на јужносрбијанската слобода."[82/]

Скоро сите споменати друштва, здруженија и организации не можеле да постигнат некои забележливи резултати и тоа како на планот на спроведувањето на денационализацијата спрема македонскиот народ така и на планот на прифаќањето на македонскиот народ кон негова поддршка на владеачкиот режим и воопшто во спроведувањето на буржоаската политика. За ова прашање ќе стане збор нешто пошироко во општите заклучоци на крајот од трудов.

## ФУСНОТИ ЗА ГЛАВА IV

## СПЕЦИФИЧНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ, "НАЦИОНАЛНО-ПАТРИОТСКИТЕ" И "НАЦИОНАЛНО-ВИТЕШКИТЕ" ДРУШТВА, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

+1. Првата управа на Друштвото "Свети Сава" била избрана на 24 август 1886 година на чело со председател Светомир Николајевик, тогашен професор на Великата школа во Белград. /Споменица друштва Свети Сава,1886-1936, Бгд., 1936, стр.101./

2. Според член 1 од Правилата на Друштвото што биле донесени на 31.VII.1886 година а одобрени од Министерството на просветата и црковните работи на кралството Србија на 6.VIII. 1886 година. /Цит. книга ..., стр. 151/

3. Цит. книга, стр. 1о1-1о2, 1о9,12о.

4. Во периодот од 1920 до 1927 година председател на Главниот одбор на друштвото "Свети Сава" бил Милутин Марковик, тогашен председател на државниот совет на кралството Србија. Во периодот, пак, од 1927 до 1937 година председателската функција ја имал д-р Тихомир Ѓоргевик, тогашен редовен професор на Белградскиот универзитет и дотогашен потпредседател на Друштвото. /Цит. книга, стр.1о9,121,163./

5. Исто, стр. 187.

5а. Ј. Велић - Оснивање пододбора Друштва Свети Саве у местима на десној страни "Вардара" , сп."Братство", XXIX, стр. 38.

6. ~~Споменица друштва Свети Саве стр~~ Такви биле прилозите: Маргита девојка и Рајко војвода, народна песна; Љ. Ковачевић - Велес; Љ. Ковачевић-Прилеп; Дим. Јовановић - Јужне границе Душановог царства; Љ.К. - Охрид; П. Срећковић - Солунски мир и М.В. Веселиновић- Географско-етнографски преглед Македоније и Старе Србија, сп."Братство",бр.1/1887.

8. Споменица ..., стр. 101.
9. Сп. "Братство", XV/1921.
10. Споменица ..., стр. 398.
11. Исто, стр. 117.
12. Исто, стр,345-354.
13. Исто, стр. 354-356.
14. В. "Наша стара Србија", 20.I.1926 година.
15. Споменица ..., стр. 119,122.
16. Исто, стр. 133.
17. Друштвото "Коло на српските сестри" за прв пат е основано во Белград 1903 година со задача од женскиот свет "да создава добри домакинки, да отвара женски училишта и да воспитува во српски дух.

18. Први пододбори на Колото во Македонија се основани во Скопје и Охрид во 1913 година. Во текот на 1919/20 година истите се обновени а формирани и нови во местата: Гевгелија, Струмица, Гостивар, Велес, Кавадарци, Прилеп и Битола. /Според Споменица 25 годишњице ослобоћење Јужне Србија ..., стр.1042 и списанието "Вардар", календар, Бгд.,1923, стр139-141./

19. Сп."Вардар"..., 1927, стр. 6-8.

20. Според едни статистички сведенија во 1935/36 година во Македонија имало 17 организационни единици на Колото на српските сестри /Охрид, Гевгелија, Свети Николе, Неготино, Штип. Кратово, Струмица, Куманово, Гостивар, Крива Паланка, Скопје, Царево Село, Радовиш, Кавадарци, Демир Капија, Битола и Кичево/ со вкупно над 1.000 членови./Според Споменица 25-годишњице ослобоћења Јужне Србије ...,стр.1044/.

21. Во Скопје например долгугодишен председател на Колото на српските сестри била жената на деканот и професорот на Филозофскиот факултет д-р Радослав Грујиќ.

22. Извештај Кола српских сестара за 1926/27 година, Бгд. 1927 година, стр. 3-5,8,28 и 84.

23. Извештај Главног одбора Кола српских сестара у Београду 1920-1940, Бгд.

24. Списанието"Вардар" како орган и календар на Колото на српските сестри започнал да излег ва во 1922 година. Тоа излегувало како годишник.

25. Так например во текот на 1924/25 година преку Главниот одбор на КОлото биле доделени во име на помош на Пододборите во ~~жжжжжжжја~~ Тетово /500 динари/,Штип /2.000/ и во Никифорово /Гостиварско/ - 2.000 динари. /Извештај Главног одбора Кола српских сестара за 1924/25 година, сп. "Вардар",1926, Бгд., стр. 9-10./

26. Извештај Главног одбора Кола српских сестара за 1925/26 година, сп. "Вардар", Бгд., 1927, стр. 61.

27. В. "Наша стара Србија" ,2о.I.1925.

28. В. "Вардар", 30.XII.1933 година.

29. Акт Пов.бр. 231/23.XII.1923 година, ед.161, фасц. 62, фонд- МН, АЈ, Бгд.

3о. Извештај Кола српских сестара за 1926/27 година, Бгд., 1928, стр.4.

31. Споменица Друштво "Књегиња Зорка", Бгд., 1934 година, стр.51.

32. Исто.

33.Споменица 25-годишнице ослобођења Јужне Србије..., стр. 1045.

34. Нада Катанић - Кнегиња Зорка у Скопљу, в."Вардар" 23.I.1934 година.

35. Споменица 25-годишњице ослобођења Јужне Србије..., стр. 1042.

36. В. "Наша стара Србија", 26.III.1925 година.

37. Исто.

38. В. "Вардар", 11.I.1934 година.

39. Споменица 25-годишњице певачког друштва Вардар, Скопје, стр. 26.-29

40. Споменица 25-годишнице певачког друштва"Вардар", Скопље, стр. 26.

41. На територијата на "Јужна Србија" во 1920 година имало вкупно 17 пеачки друштва. /К. Дошен - Културно-просветно стање у Вардарској бановини, Алманах бановина, 1931, Скопје, стр. 43.

42. В. "Јужна Србија", бр.10/23.VII.1938 година.

43. Акт Пов. К.бр.248/1925, ед.160, фасц.61, фонд - МП, AJ, Бгд.

44. Б. - Наша уметност, в. "Стара Србија",5.II.1921.

45. Х. - Скопско народно позориште, в. "Стара Србија", 31,V.1921 година.

46. Првош Сланкаменац - Позориште у Јужној Србији, сп."Матица српска", книга 309/св.1-2,1926, стр. 185.

47.Исто, стр.188-189.

48. Исто, стр. 185-189.

49. В. "Наша стара Србија", 16.IX.1926.

50. Позоришни годишњак за 1936/37,37/38,38/39 и 39/40 година, Скопље, службени подаци, стр. 21,27,24,22 и 29.

51. А. Алексиев - Односот на македонската битова драма во минатото и денеска, сп. "Современост" , Скопје, 1939, стр. 394.

52. Името на ова друштво е добиено од името на жената на деспотот Јован Углеша - Јефимија. Со оглед на тоа што српската граганска историографија овој крупен феудалец од периодот на средниот век во Серската област го третирала како Србин, тогаш несомнено е дека самото ~~оснивањето~~ на ~~таквото~~ друштво то имало денационализаторски ~~карактер~~ побуди.

53. Скопското соколско друштво било всушност обновено во 1919 година , бидејки како спомнавме порано истото било формирано уште во 1909 година . Каде е спомнато?

54. Тодор Живковић - Рад на соколству у жупи "Краљевића Марка", Скопље, 1931 година.

55. Соколското друштво во Битола било формирано во 1921 година. /Акт С.Н.Бр.201/1922,ед.110,фасц.52 ,фонд - МП, АЈ,Бгд./

56. Споменица 25-годишнице ослобођења Јужне Србије ..., стр.1027.

57. На територијата на Вардарскиот дел на Македонија во текот на 1938/39 година делувале 33 соколски друштва, 58 стални и 28 повремени селски соколски чети.Според едни статистички податоци бројот на нивните членови на 1.VII.1938 година изнесувало вкупно 13.49о лица. /Југословенски соколски календар за 1938, Љубљана, 1939, стр. 171-172./

58. Споменица 25-годишнице ослобођења Јужне Србије ..., стр. 1028.

59. Соколската организација, според Законот за оснивање на Сокол на кралевината Југославија, ги имала следните просветни органи: Сојузен просветен одбор, Жупски просветен одбор и просветар на основните друштва.

6о. Еве 14 од тие предавања:

1). М. Пурковић - Јужна Србија у средњем веку,

2). Ђорђе Манзис - Средновековни уметнички споменици у Јужној Србији,

3). М. Пурковић - Јужна Србија под Турцима,

4). Стојан Зафировић - Историја наше националне просвете у Јужној Србији,

5). Петар Митропан - Национална штампа у Јужној Србији под Турцима,

6). М. Јовановић - Соколство у Јужној Србији под Турцима,

7). Е. Стајић - Ратови за ослобођење Јужне Србије,

8). М. Јовановић - Соколство у Јужној Србији од ослобођење наовамо,

9). С. Јовановић- Историја позориште у Јужној Србији,

10. Миливоје Павловић - Културни проблеми Јужне Србије,

11). К. Ђумовић - Приповедачи Јужне Србије,

12). М. Јовановић - Значај Јужне Србије у нашем националном животу,

13). М. Јовановић - Соколство и народно ослобођење и

14). Ор. Крстић - Културни напредак села у Јужној Србији од ослобођења до данас.

Останатите 10 предавања се однесувале на прашања од областа на општата историја и од стопанството и фолклорот на "Јужна Србија". /Според книгата : Годишни извештај о раду соколске жупе Скопље у току 1936/37 година, Скопље, 1938, стр. 140-142./

61. Соколска предавања , Скопље, 1937, стр.3-25.

62. Годишни извештај за радну 1936 годину, Соколско друштво Скопље II - Ханријево, Скопље, 1937, стр.23.

63. Годишни извештај о раду Соколске жупе Скопље у току 1936/37 година,Скопље, 1938, стр. 75.

64. Исто, стр.85-86.

65. Тодор Живковић - Рад на соколства у жупи "Кралевића Марка", Скопље, 1931 година.

66. В. "Вардар", 13.IV.1933 година.

67. Споменица 25-годишнице ослобођења Јужне Србије ..., стр. 1021; В. "Вардар",27.VII.1927 година.

68. Споменица 25-годишнице ослобођења Јужне Србије..., стр. 1021; В."Народна одбрана", бр.11929.

69. Сп. "Народна одбрана", бр.1/1.I.1926 година,стр. 10.

70. Споменица 25;годишнице ослобођења Јужне Србије ..., стр. 1022.

71. Сп. "Народна Одбрана",1/1I.1926 година.

72. Споменица 25 - годишнице ослобођења Јужне Србије ..., стр. 1022.

73. Сп. "Народна одбрана",1/1929. 74 Исто.

74а. Акт Пов. бр. 338/1.VI.1922, ед. 43,фасц.16, фонд - МП, АЈ, Бгд.

75. Исто.

76. Сп. "Народна одбрана",11/1.VI.1927.

77. Така наприме предавањето за историјата на организацијата Народна одбрана и нејзините задачи и цели што го прпремил познатиот "национален работник" Алекса Јовановик било држано на повеке места во Скопје и Куманово а било отпечатено во 7 продолженија во весникот "Вардар" /16.II.,26.VII и 3.VIII 1936 година/

78. Исто.

79. В. "Косовски божур", 1/X.1925 година.

80. Правила удружења националних радника у Јужној Србији, в. "Косовски божур",1/X.1925.

81. Друштвото било под заштита на најстариот по ранг "национален радник" во"Јужна Србија" тогашниот скопски митрополит Варнава. Тој всушност бил и прв почесен председател на ова Здружение, а втор потпредседател бил Петар Костић, професор на Филозофскиот факултет и нестор на сите "национални" интелектуалци од "Јужна Србија".

82. Споменица 25 годишнице ослобођења Јужне Србије ... стр. 1031.

# Г Л А В А  V

# „НАЦИОНАЛНО-ПРОСВЕТНАТА" ПОЛИТИКА НА СРПСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

## 1. Воспоставување на "канонската" јуриздикција на Српската православна црква над епархиите во Вардарскиот дел на Македонија

Општо познато е дека по укинувањето на Цариградската Охридската архиепископија во 1767 година нејзините епархии врз основа на султанов ферман припаднале под јуриздикција на Цариградската патријаршија. Исто така познато е и тоа дека во меѓувреме, а како последица на појавата и развојот на антифанариотското движење во Бугарија и Македонија, со султанов ферман од 28.II.1870 година била образувана посебна православна црква - Бугарска егзархија под чија јуриздикција влегле покрај сите нивни епархии во Бугарија, нишката и пиротската во Јужна Србија и велешката во Македонија. Со член 10 на овој ферман било дозволено кон оваа црковна организација да можат да се приклучат и други епархии во Македонија доколку две третини од нивното население го потврди тоа. Врз таа основа покасно биле присоединети кон Бугарската егзархија Скопската и Охридската епархија иако тогаш па и покасно во Македонија продолжувала борбата на македонскиот народ за обновување на Охридската архиепископија како самостојна односно автокефална црква.

Цариградската патријаршија остро реагирала на создавањето на Бугарската егзархија. Во 1872 година во Цариград се одржал Собор на сите вселенски патријаршии на кои Бугарскат православна црква била прогласена за шизматичка /отцепничка/ и како таква не добила канонично над епархиите што биле под нејзина стварна јуриздикција.[1/]

Во годините непосредно пред XX-от век, како последица на развојот на српската пропаганда, во Македонија започнале да се испраќаат и првите српски митрополити. За прв српски митрополит во Скопје бил поставен Фирмилијан. Во прво време тој дејствувал под закрила на Цариградската патријаршија. Во текот на 1904-905 година бил поставен Севастијан Дебелакови а од 1905-1915 Викентие Крџиќ. Прв српски митрополит во велешко-дебарската митрополија бил поставен Варнава Росиќ /1910-192 а како преспански владика бил инагуриран Јосиф Велимировиќ /1910-1915/.[2/] На тој начин, со поставувањето на овие српски митрополити во Македонија, во крајот на XIX и почетокот на XX век дошло до отворено јавно судрување главно на трите верскипропаганди на соседните земји а кои имале истоветна цел - да дадат свој прилог во општата политика на нивните буржоази за погрчување, побугарување, односно посрбување на македонскио народ.

Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година ја санкционирал всушност фактичката поделба на Македонија што настанала со војните на Србија, Грција и Бугарија против Турција во 1912 година. Оваа трагична судбина на Македонија

била конечно санкционирана, ~~по мал минимум и~~ со Версајскиот мировен договор на 29 јуни 1919 година кога македонскиот народ и неговата земја се најдоа поделени помеѓу Бугарија, Грција и кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Врз основа на оваа империјалистичка поделба на Македонија, македонските епархии - Скопската, Велешко-дебарската, Преспанско-охридската, Струмичката и дел од Воденската /Пољанинската/ се нашле во рамките на територијата на новостворената држава - кралството на СХС.

Покрај споменатите македонски епархии во рамките на кралството на СХС се нашле и три автокефални православни цркви - Белградската, Карловачката и Црногорско-приморската митрополија и Автономната црква на Босна и Херцеговина, што била дотогаш под јуриздикција на Цариградската патријаршија. Како резултат на преговорите помеѓу споменатите автокефални цркви /Српската православна црква во кралството Србија ја сметала македонската црковна организација во Вардарскиот дел на Македонија што подпаднал под српска власт во 1913 година како нејзин составен дел/ на 26 мај 1919 година дошло до нивно обединување во една - православна автокефална црква под име "Автокефална обединета православна црква на кралството на СХС".[3/]

Бидејќи македонските епархии подпаѓале под јуриздикцијата на Цариградската патријаршија, Православната црква на кралството на Србија уште во 1914 година со знаење и директна

помош на српската влада започнала преговори со Цариградската патријаршија за нивниот отпус. Преговорите продолжиле и во 1919 година но сега како преговори помеѓу делегациите на Цариградската патријаршија и Обединетата српска православна црква. Делегацијата на последната црква всушност претставувала еден вид државно-црковна делегација на кралството СХС. Неа ја сочинувале 6 члена и тоа: Панта Гавриловиќ, дипломат, водач на делегацијата, потоа д-р Чедомир Миндеровиќ, правник и каноничар, Саво Љубибратиќ, пратеник од Сараево, Тенко Поповиќ, пратеник, Стеван Димитриевиќ, прота и Емилјан Пиперковиќ, ѓакон. Панта Гавриловиќ, како водач на делегацијата, испратил повеќе писма што и ден денес се чуваат во Архивот на министерството на верата.[4/] По извесно кратко одолжување, на 19 мај 1920 година во Цариград била потпишана спогодба помеѓу Синодот на Цариградската патријаршија и споменатата делегација на СХС со која се дало благослов на приклучувањето на горе-споменатите македонски епархии и на автономната црква на Босна и Херцеговина кон Обидинетата српска православна црква. На тој начин шесте македонски епархии во Вардарскиот дел на Македонија се нашле под јуриздикција на Српската православна црква.

Како основа за овој договор послужиле политичките промени што всушност, пак, се последица на една империјалистичка поделба на Македонија извршена со Букурешкиот мировен договор од 1913 година, а потоа санкционирани од Парискиот мировен договор во 1919 година. Тоа впрочем изричито е потврдено во самата одлука на спогодбата каде покрај другото стои и ова:

"Канонски ред и обичај е работите на црковната управа да се уредуваат и доведуваат во согласност спрема политичките промени кои се случуваат, и спрема тие промени - црковните работи со внимание, како што чини да се прилагодуваат и распоредуваат не само заради нивното уредување и целесообразно уверување, туку и заради поголемата полза за црквата и христоимениот народ!" [5]

Споменатиот каноничен благослов од страна на Цариградксата патријаршија како вселенска патријаршија бил обусловен и со давање на отплата за приклучување на шесте македонски епархии, Рашко-призренската митрополија и митрополијата во Босна и Херцеговинам кон Обидинетата православна српска црква во кралството СХС. Се тврди дека кралството СХС на Цариградската патријаршија и исплатило парична сума во износ од 1,500.000 златни франци. [6] Врз основа на добиениот благослов, на 12 септември 1920 година, Архиериекиот собор на Обидинетата српска православна црква донел свечена одлука со која се прогласило воспоставувањето на Српската патријаршија. Малку покасно, во истата година е донесен и специјален кралски указ со кој се потврдува споменатата одлука, а две години покасно, на 12.II.1922 година со специјален Томос на Цариградската патријаршија била и формално устоличена воспоставувањето на Српската патријаршија. [7]

Веднаш по воспоставувањето на "каноничноста" на приклучувањето на македонските епархии кон Српската православна црква, територијата на Вардарскиот дел на Македонија што

подпаднал под власта на кралството на СХС била поделена наместо 6, на 4 црковно административни единици - Скопска митрополија и три епархии - Охридска, Битолска и Злетовско-струмичка. Покрај надлежниот митрополит, односно епископ при митрополијата односно епархиите биле формирани митрополиски, односно епархиски духовни судови кои имале црковно управна надлежност. Митрополијата односно епархиите биле поделени на помали црковно-административни единици: прото-презвитеријати, намесништва и парохии.

Во 1924 година Скопската митрополија имала 9 намесништва со седишта во Скопје, Куманово, Крива Паланка, Велес, Кратово, Тетово, Гостивар, Галичник и Брод. Во споменатата митрополија имало 31 манастир.

Битолската епархија била поделена на пет намесништва со седишта во Битола, Крушево, Кичево, Прилеп и Ресен. Оваа епархија имала 29 манастири.

Злетовско-струмичката епархија ја сочинувале 10 намесништва со седиште во Штип, Струмица, Кочани, Берово, Свети Николе, Радовиш, Царево село, Кавадарци, Неготино и Гевгелија.

Охридската епархија ја сочинувале три намесништва: Охридско-струшно и Дебарско. Епархијата имала пет манастири.[8/]

Покасно, во крајот на 20-тите години била извршена извесна реорганизација на епархиите. Така, во текот на 30-те години постоеле две епархии и една митрополија - Злетовско-струмичка, Битолско-Охридска и Скопска митрополија.[9/]

## 2."Национално-патриотската" улога на Српската православна црква во Македонија

Српската православна црква во периодот меѓу двете светски војни во Македонија имала специфична улога, а со тоа добила и специфични задачи. Имено, својата верска улога оваа црква ја вршела во сите краеви на Југославија каде населението припаѓало кон православната вера. Но покрај оваа верска улога, Српската православна црква насекаде во Југославија се појавувала и како доста значаен "национално-патриотски" фактор. Пред се таа претставувала еден вид значајно орудие во консолидирањето на буржоаскиот систем на кралството СХС, односно Југославија, а со тоа и во остварувањето на големосрпската хегемонија.

Таквата"национална-патриотска" улога Српската православна црква можела да има пред се и заради тоа што нејзе и биле обезбедени материјални средства и заштита од страна на државата бидејќи "Српската православна црква со векови ја зацврстнувала оваа државна творевина и затоа претставувала еден од најзначајните фактори во консолидацијата на државата".[10]

Споменатата улога на Српската православна црква била посебно потенцирана во Македонија од страна на државата бидејќи во целиот период меѓу двете светски војни политичките прилики во Македонија биле доста тешки и несредени, а со тоа и несигурни за монархијата и за големосрпската буржоазија.

Кога кон тоа ќе се додаде и фактот што оваа православна црква требала да игра на еден од мошне значајните фактори на планот на остварувањето на целите на денационализаторската и асимилаторската политика на кралството на СХС спрема македонскиот народ што впрочем таква улога истата играла и пред балканската и Првата светска војна во Македонија, тогаш е сосема јасна и видлива нејзината специфична улога и специфични задачи во Македонија.

Поради сето ова владеачкиот режим нејзе и придавал многу големо значење во Македонија. Тој имено, неја ја сметал пред се за едно од најсилните средства за "националното освојување" на Македонија и во консолидацијата на политичките прилики во "Јужна Србија". Вистина е дека ова специфична улога не е изричито спомната во највисоките државни и црковни акти /Уставот на кралството СХС, односно Југославија и Уставот на Српската православна црква/, меѓутоа сепак, во многуте официјални документи од поверлива политичка природа на органите на владеачкиот режим не само што е изразито потенцирана, туку нејзината специфична улога на овој план се изедначува со онаа на училиштето. Во некои моменти дури на црквата и се давало предимство. Така на пример, великиот жупан на Брегалничката област Добрица Матковиќ во врска со ова прашање во едно свое писмо до министерството на верата од 1923 година дословно вели:

"Тешко е да се определиш кое е посилно средство на овој план: /се мисли на улогата на црквата и училиштето во изградувањето на "српската"национална свест и чувства во Македонија, м.б./м црквата или училиштето. Но сепак јасно е дека училиштата во повеќето случаеви имаат непосредно влијание на децата и тоа во оние четири години колку трае школувањето, додека црквата има стално влијание на целиот народ особено на овој народ кај кого верското чувство е развиено до крајна граница."[11/]

Свештенството на Српската православна црква во "Јужна Србија", како и учителскиот кадар, имало исто така специфична положба. Имено, тоа имало статус на "национален радник" на "Јужна Србија", како поради денационализаторската улога така и поради улогата во"средувањето" на политичките прилики. Така уште во 1920 година Министерството на верата во своите званични и официјални документи, оние свештеници што работеле на споменатиов план меѓу македонскиот народ ги третирало како"национални радници".[12/]

Специфичните задачи на свештенството во Скопската митрополија на пример, биле утврдени уште во јануар 1920 година на првата свештеничка конференција на Скопската епархија што се одржала под непосредно раководство на владиката Варнава. На оваа конференција било заклучено "целото свештенство на скопската митрополија да остане верен наследник на своите големи претходници во далечното и блиското минато".[13/] Притоа, на свештениците им биле поставени следните задачи: 1. Да ги помагаат хуманите и другите културно-просветни друштва;

2. да го подигаат моралот на народот и ~~трето,~~ 3. да ја сузбиjваат непријателската пропаганда.[14] Накратко речено тоа значи дека свештениците како и учителите на "Јужна Србија" "морале на прво место да бидат пред се Срби".

Специфичната улога и специфичните задачи на свештенството на "Јужна Србија" најрељевно ги прикажал и истакнал министерот на верата Драгомир Обрадовиќ во 1927 година, во едно свое циркуларно писмо до сите министерства и до митрополите и епископите во "Јужна Србија", потоа до великите жупани окружните протојереј и околиски наместници во "Јужна Србија". Во тоа писмо покрај другото во врска со ова им стои и следното:

1.- Свештенството, кое по самиот свој позив во најтесен додир со народот, мора во прв ред и најповеќе да работи на тоа, да народот биде задоволен и среќен. Тоа е и најмоќно за такво влијание, бидејќи нему народот, како на свој духовни пастири, најповеќе и му верува. Поради тоа свештенството мора да се грижи народот да биде во корист од него не само по топлите молитви во богомолствата, вршењето на верските обреди и народните обичаи, туку и со поучни и корисни поуки за народот, кои би му се давале не само по народните собири, туку и поединечно при обиколувањето на нивните куќи и вршењето на верските обреди кај поединци.

3.- Свештенството е должно да се грижи да го прифати народот и да му овозможи културно движење и движење за јакнење на националната свест. И од таа работа нека секогаш се спогоди

и здружи со народните учители и општинските управи, соколството и пеачките дружини да одржува јавни предавања корисни и поучни за народот, за создавање на библиотеки и друго мора да бидат искрено помогнати од свештенството.

...

5.- Иако народот во "Јужна Србија" е запиен со љубов и оданост спрема нашата Држава, сепак не треба да се отфрли од умот, дека кај тој истиот народ пред неговото ослободување работеле разни пропаганди со свој намерни тенденции за негово однародување и присвојување кон своите интереси. Иако во тоа немало успех, захвалувајќи на нашето сјајно минато, не е невозможно да се најде уште по некое стар остаток од таа работа, еден мал процент кој се уште може да се занесе со обмани кои се сервираат преку границата, во кои има колку ветувања толку и лаги. Тие обманувања може и го научиле во минатото да живее од леб без мотика, од пренесување на лажни вести, од курирство и јатакување на лошите луѓе, кои од страна се упатуваат да причинат зло и тоа како платеници на нашите непријатели. На свештенството е должност да скрене внимание на народот да не верува во непоузданите луѓе, да не само што не ги примаат, туку и да не им чини услуги, туку и во својот сопствен интерес да ги доставува на надлежните власти, кои би ги похватиле и ги оттргнале од изведување на злочиничките дела... Свештенството може на секој поединец кој може да биде сумњив слободно и отворено да му рече, дека нашата кралевина е силна и јака и дека она како таква нема да може ниту

сака да ги трпи злочинечките дела на платените луѓе, кои се упатуваат преку границата ваму..".[15/]

Специфичната улога и специфичните задачи на свештенството во "Јужна Србија" требало да се остваруваат преку разни средства, форми и методи. Најкарактеристична манифестација на таквата политика доаѓало до израз сепак во поставувањето и однесувањето на свештеничкиот кадар во Македонија и тоа како оној на повисоките црковни места така и на парофиското свештенство.

Уште пред да биде конституирана Српската православна црква во Македонија во 1919/20 година биле поставени четири српски епархиски епископи - Варнава Росиќ во Скопје, Јосиф Велимировиќ во Битола, д-р Николај Велимировиќ во Охрид и Серафим во Штип. Тие требало да ја продолжат големосрпската политика што Српската православна црква ја спроведувала во Вардарскиот дел на Македонија во текот на 1913-1915 година. Од четворицата владици,двајцата - Варнава и д-р Николај Велимировиќ работеле во Македонија и ~~пред 19~~ во периодот 1913-1915, а првиот дури од 1910 година.[16/]

Варнава Росиќ уште во 1918 година започнал да врши должност на администратор на епархиите во "Јужна Србија".[17/] Преку него биле поставувани во текот на 1919/1920 година првите ~~епархиски~~ Парохиски свештеници во градовите во Македонија и тоа сите по народност биле Срби или пак оние кои се истакнале како "црковно-национални радници" во стара Србија и Македонија.

Нешто покасно, во текот на 1921/1922 година се поставиле и првите протојереј и околиски намесници, што исто така биле Срби. Така на пример, во 1921 година од четворицата поставени чиновници во Духовниот суд на Скопската митрополија тројца биле Срби и тоа: проторејот Божидар Николиќ дотогашниот претседател на Шабачкиот духовен суд бил поставен за претседател на Скопскиот духовен суд, јерејот Данило Поповиќ дотогашен Гњилански парох бил поставен за писар прва класа на Скопскиот суд и Ангел Димковиќ, свршен богослов на Призренската богословија бил поставен за званичник на Скопскиот суд.[18] Оние, пак свештеници што на одреден начин во минатото биле поврзани со Егзархијата и штој изјавиле лојалност на Српската православна црква биле задолжени да поминат низ разни курсеви со програма во духот на Српската православна црква и дури потоа можеле да се вратат на своите парохиски места. Тие не биле малку иако голем дел од нив емигрирале од Македонија по 1913, а особено по 1918 година во Бугарија.

Споменатите месни /егзархиски/ свештеници, политички не и конвенирале на Српската православна црква поради нејзината денационализаторска улога. Тие исто така не и конвенирале и на хегемонистичката политика што ја креирале и спроведувале во Македонија владеачките органи на кралството на СХС - кралот, кралската влада и министерствата на внатрешните работи, просветата и на војската и на морнарицата. Тие сакале во Македонија да служат пред се такви свештеници кои активно

ќе работат не само во интерес на српската национална кауза туку и на планот на"консолидацијата" на политичкитеприлики во Македонија. На владеачкиот големосрпски режим, такви свештеници му требале особено во Источна Македонија, каде во почетокот на 20-тите години започнала активно да делува бугарската пропаганда, преку разни средства, а особено преку испраќање на таканаречените комитски чети на Тодор Александровата и Протугеровата "автономистичка" ВМРО.

Првите мерки што епархиските епископи ги презеле во Македонија под иницијатива и непосредно раководство на Архиерискиот синод на Српската православна црква на планот на остварувањето на национално-патриотската улога биле изречување на разни водиви казни за поодделни свештеници. Така на пример, во 1921 година во Скопската митрополиска област биле казнети со разни видови казни вкупно 34 свештеника.[19/] Но уште покарактеристичен е случајот во Злетовско-струмичката епархија. Во оваа епархија во 1921 година биле казнети 30 свештеници, 1923 година 10, во 1930 година 9, во 1932 год. 13, а во 1935 год. 7 свештеници.[20/] Вом истата оваа епархија во периодот 1920-1924 година биле суспендирани од свештеничка служба 135 лица.[21/]

Казнувањето на свештениците било присутно во текот на целиот период меѓу двете светски војни. Тоа главно се применувало божем под мотивација дека свештениците не си ја вршеле дисциплинирано својата свештеничка улога, а всушност во многу повеќето случаеви било поради нивното невклучување

во активен однос на полето на спроведувањето на денационализаторската политика на владеачкиот режим на стара Југославија спрема македонскиот народ. Споменатите казни ги пропишувало Светиот архиериски совет во согласност со министерството на верата, а ги донесувале и извршувале надлежните епископи и архиерии во сите краеви на "Јужна Србија" и посебно на териториите на левата обала на реката Вардар.

Од кога, пак се увидело дека таа мерка не е доволна за реализирање на поставената цел - постигање на србизирање на Македонците и "средување" на политичките прилики во Македонија, највисоките претставници на Српската православна црква во соработка со државните органи започнале и со применување на политика на преместување на свештеничкиот кадар од Македонија [illegible] во Србија и обратно од Србија и другите краеви на Југославија во Македонија. Оваа мерка всушност се спроведувала паралелно и со првата. За преместување на егзархиското свештенство пред се се залагале светиот архиерскиот синод на Српската православна црква и епархиските епископи во Македонија. Овие нивни напори биле активно подобрувани од министерствата за внатрешните работи, просветата, верата и на војската и морнарицата. Така на пример, уште во 1922 година Светиот архиерски синод на Српската православна црква, чии членови биле и скопскиот митрополит и епископите на Злетовско-струмичката и Охридско-битолската епархија, заедно со Министерството на внатрешните работи констатирале дека е неопходна државна потреба сите парохиски свештеници во "Јужна Србија" кои имале

непријателски став спрема новата држава да се заменат со такви кои својата партиска служба ќе ја стават во интерес на татковината". [22] Во таа смисла Министерството на внатрешни работи во истата 1922 година, дури дал и конкретени предлог од Источна Македонија да се преместат 20 свештеници. [23] Во 1926 година, пак, великиот жупан на Брегалничката област барал да се заменат 15 свештеници исто така од Источна Македонија. [24] Во 1928 година самиот скопски митрополит Варнава барал од Министерството на верата да бидат преместени од "Јужна Србија" во северните предели на Србија 28 свештеника. [25] Во истата, 1928 година министерството на внатрешните работи барало од Министерството на верата да бидат преместени од "Јужна Србија" 18 свештеници. [26]

Таквите и слични барања за преместување на свештеници од"Јужна Србија" биле поднесувани и покасно, за целото време од постоењето на стара Југославија. Инаку, за поставувањето на парохиското свештенство во поголемите места како и за архиериските намесници се барало обавезно и сведение за тоа каква активност истите покажувале пред тоа на "национален план" а исто така и дали биле национално исправни. При поставувањето обично се барало и од Министерството за внатрешни работи. [27]

За ова прашање непосредно била заинтересирана и кралската влада, бидејќи, како што рековме порано, таа го третирала свештенството во "Јужна Србија" како "државни функционер" [28] кој ќе може покрај својата верска должност

"да внесе водушата на народот потреба од национална и државна смисла и ќе ги ослободи од дотогашното влијание на старата пропаганда".[29/] Таа уште во 1923 година, преку Министерството на верата ги известила скопскиот митрополит и епископите на Битолско-охридската и Злетовско-струмичката епархија дека на дотогаш постојните "национално здрави и државно поуздани" свештеници како и нм наново поставените свештеници од другите места ќе им се даде зголемено материјално и партично надоместување.[30/]

Во мај 1924 година кралската влада одржала и посебна седница на која го разгледала црковното прашање на "Јужна Србија", односно се разгледувале причините за пополнувањето на свештеничкитем места во "Јужна Србија", а исто така и проблемот на наградувањето на свештениците. На оваа седница владата го усвоила предлогот на Министерството на верата кој ги содржат следните точки:

I.

Во "Јужна Србија", со оглед на верските и другите прилики, а во спогодба со надлежните архиереј, да се изврши во рок од 2 месеца регулирање на досегашните парохии, како што тоа го одлучил Светиот архиериски собор да би се добил што помал број на парохии. На таквите а и инаку на сите парохии во "Јужна Србија" има после тоа од страна на надлежните архиереј, а во спогодба со министерот на верата, да се утврдат свештениците, кои се ~~поуздани~~ сигурни во своето државно-национално уверување.

II.

Да се заостри контролата над работата на свештенството од страна на духовните судови, окружните протојереј и намесниците, да се превземат соодветни мерки против анационалните и нам непријателски елементи и свештенството да се упати на позитивна државно-национална работа.

III.

Министерството на верата, во соработка со Светот Архиериски Синод и надлежните архиереи можат да ги соспендира од свештеничките должности сите свештеници на целата лева обала на Вардар како и во другите краеви на Јужна Србија каде тоа ке биде потербно, со тоа да државата им обезбеди егзистенција, а нивните парохии да се пополнат со свештеници кои би биле исправни во национален и државен поглед. Ова сменување би се извршило постепено во извесен рок. Нешколованите, пак, свештеници од Јужна Србија, исправни во национален и државен поглед да се сменуваат постепено. За пополнување на празните парохии да се учини ова:

1. богословите од последните завршни класови во сите наши богословии, да се допуштат на краткотраен курс, а по неговото завршување одма да се ракоположат и упатат на дотичните празни парохии...

2. по поверлив пат, преку црквените власти, да се упати апел на националното свештенство во Србија да би отишло да служи во парохиите во Јужна Србија, главно на левата обала на реката Вардар,

3. национално-исправните уиители со учителски кфалификации, ако би сакале, можата да бидат ракоположени засвештеници, задржавајки притоа и натаму учителската положба, плата и сите стечени законск права;

4. во колку и покрај ова не се дојде до доведување на свештенство во овие краеви, во спогодба со највисоката црковна власт да се отворат посебни курсеви за образование на свештенички кандидати, исклучиво за Јужна Србија и левата обала на Вардар ;

5. за поедини парохиски места каде би било потербно да се постават спремни црквеници од северните краеви на Србија. Овие црквеници да примаат од црквената каса на својата црква и од касата на дотичната политичка општина плата и додаток на скапотија во износ како тоа го примаат општинските писари, а од државата да имаат специјален додаток како е тоа понатаму предвидено."31/

Во врска со споменатите принадлежности на свештениците во "Јужна Србија", Владата ги освоила следните мерки:

1. на секоја селска парохија , ако по возможност и во градчињата и градовите да им се додели по 20 ланци+/ обработлива замјиште од кои 16 ланци за парохиското свештенство а 4 за црквените лица,

2. секоја политичка општина во соработка со дотичната самоуправна област да подигне за свештеникот и црквеникот стан во рок од година дена и

3. Сите свештеници /протојереј, околиски намесници и парохиски свештеници/ и црквеници на територијата на "Јужна Србија" да примаат покрај редовни принадлежности и специјални додаток чија висина според усвоената програма на Владата од 2 мај 1924 година се движела вака:

а/ Окружните протојереј по 500 динари месечно;

б/ Околиските намесници по 500 динари месечно;

в/ парохиските свештеници според тежината на национално-државната служба би примиле специјални додаток и тоа:

а/1. Месниците свештеници на служба во Источна Македонија до 500 динари месечно, а свештениците дојдени од северните краеви на земјата - 1.000 динари;

а/2. Црквениците на служба во Источна Македонија од 200 до 400 динари

а/3. Месните свештеници во другите краеви во Македонија до 200 динари годишно.[32/]

За сите овие мерки што ги донела владата се грижеле министерствата на верата, просветата, внатрешните работи и финансиите и аграрната реформа.[32а/] Тие во однос на обезбедување на споменатите лица со земјишта и принадлежности на свештениците немале пречки бидејќи земјата што ја напуштиле беговите (се уште) не била расподелена, а исто така и фондот на аграрната реформа обезбедил извесни парични средства. За полесно остварување на овој план Владата на Кралството на СХС во договор со Светиот архиериски синод го определиле Скопскиот митрополит Варнава во 1926 година да се грижи непосредно

околу примањето на кандидати за парохиска служба на целата територија на "Јужна Србија".

Меѓутоа, и покрај ваквиот голем пакет мерки, со однапред определената политичка тенденција не дала резултати. Поголемиот број на домашното свештенство што останало да служи во црквите во Македонија не се активно вклучило на линијата во големосрбизмот. Не се активно вклучило на таа линија и поголемиот број на свештеници што посебно и се школувало со таква тенденција во Битолската богословија. Имено, оваа верска школа била формирана од страна по предлог на Светиот архиериски синод на Српската православна црква и Министерството на верата уште во 1921 година. Во неа се примале главно лица од Македонија со цел по завршувањето божем да станат стапат како свештеници кои ќе играат улога на спроводници на српската денационализаторска политика. Нејзините ученици редовно биле подготвувани да учествуваат во разни националистички манифестации.[33/]

Планираниот број на свештеници што требало да се доведе во Македонија од другите краеви на Југославија, а посебно од Србија не бил остварен. Тоа го призна дури и самиот српски патријарх Димитрие кога пишувал во едно писмо дека истото одело доста тешко.[34/] Вистина на повисоките црковни места во целиот период меѓу двете светски војни биле поставувани главно лица кои биле истакнати како борци за големосрбизмот /епископи, протојереј, проти и слично/. Но тоа не било доволно да се постигнат очекуваните резултати.

Денационализаторската политика на Српската православна црква доаѓало до израз и при крштевањето на новородените деца на македонските родители, а исто така и во врска со "обновувањето" на "Српската" слава. Имено, уште пред да се изврши обединувањето на Српската православна црква, во почетокот на 1920 година Белградската архиепископија под чија фактичка јуриздикција се наоѓале и црквите во Македонија, донела одлука, Министерството на верата да испрати распис до сите политички општини во кое барал во своите буџети тие да предвидат потребни парични средства и во спогодба со месните свештеници да оформат книги на родените, венчаните и умрените, врз основа на член 38, точка 5 од Законот за државните власти. 31/ Вистина во фондовите на министерствата на верата и просветата што се чуваат во Архивот на Југославија неуспеавме да го пронајдеме овој список, бидејќи пред се и истите фондови не само што се уште не се потполно обработени, туку и не се целосно запазени. Но независно од тоа се уште и ден денес има сведетели на тоа време се сеќаваат на таквите списоци. Така на пример, Ефтим Аврамов, осумгодишен пензиониран старец од Гевгелија зборува за таквиот список во црквата Свети Кирил и Методија каде се крштевале децата на Гевгеличаните. Инаку истото лице долго време во периодот меѓу двете светски војни бил секретар на духовниот одбор, а во меѓувреме и псалд во црквата. За ова денационализаторско средство во Македонија зборува во својата книга и Богдан Стојсавлевиќ. 35/

Наскоро по основувањето на Српската патријаршија, Светиот архиериски синод успеал оваа одлука да ја реализира на тој начин што во секоја православна црква во Македонија бил поставен специјален список на српски имиња од кој можело да се избере името на новороденчето во присуство на свештеникот.[35]

Прославувањето на славите како што рековме порано, буржоаската власт ги сметала како средство за поттикнување и јакнење на српските национални чувства. Поради тоа свештенството во Македонија добило посебни задачи во врска со работата околу "обновување" на славите кај македонското население. Во таа смисла во 1928 година Министерството на просветата му наредило на Скопскиот митрополит да нареди на своите свештеници да работат односно да се активно вклучат на овој план. Скопскиот митрополит Варнава[36] ја прифатил оваа препорака но и притоа укажал во своето писмо до Министерството на просветата дека на таа линија свештенството работи од порано.[37]

Српската православна црква својата денационализаторско-патриотска мисија ја вршела и преку разни и многубројни манифестации и акции. Посебно чести биле на тој план помените што Српската православна црква била задолжена да ги прави. Така на пример, во неделата на православјето /21.III/, на денот на создавањето на кралството СХС /1 декември/ на роденденовите на краловите од српската династија

на Немањиќите и Караѓорѓевиќите, на Видовден/28 јуни/, на Светосавската прослава како и на разни други годишнини свештенството било задолжено да земе активно учество во припремите околу одржувањето на"национално-патриотски" говори. На овие манифестации обично присуствувале покрај претставниците на органите на управата, војската и полицијата и маса народ и притоа секогаш се зборувало за местото и улогата на "Јужна Србија" во рамките на буржоаска Југославија, потоа за "Јужна Србија" како класична српска земја, како српски југ, наши јужни краишта и слично. И не само тоа. На тие манифестации се настојувало да се прибира кај населението да земе активно учество во "средувањето"на политичките прилики во"Јужна Србија, кои главно се прикажувале како несредени заради само дејството на бугарската пропаганда, а не и поради денационализаторската и терористичката политика што големосрпската буржоазија ја водела и ја спроведувала спрема македонскиот народ, односно што водела политика на национално-политичко потиснување на македонскиот народ потоа, политика на економска дискриминација спрема Македонија и економско грабување на македонскиот народ како и на национално-културното оттуѓување на Македонците.

## 3/"Национално-просветната"политика на Српската православна црква во Македонија

Црквата во стара Југославија имала посебно значајна улога во училиштата. Имено, наставата во училиштата воцелиот период меѓу двете светски војни и покрај се повисокиот степен на световност во однос на периодот од до балканските односно Првата светска војна, се уште имала верски карактер. Своето религиско влијание, Српската православна црква, како впрочем и Католичката го вршела во училиштата пред се преку предметот веронаука и преку задолжителното посетување на црквите од страна на учениците за време на верските и државните празници. Ваквата улога и задачите на Српската православна црква имале општ карактер и се применувале на целата територија на Југославија каде населението било од православна вера. Аналогно на тоа, таква улога Српската православна црква вршела и во Македонија, меѓу македонското православно население. Меѓутоа, оваа црковна институција во Македонија имала и специфична улога и специфични задачи како во реализацијата на наставата по веронаука така и при споменатите посети на црквите од страна на учениците.

Учениците во училиштата на "Јужна Србија" биле задолжени да ги посетуваат црквите заедно со учителите на сите позначајни верски призници кои се разбира не биле малку.

Тогаш свештениците биле задолжени,покрај редовните црковни проповеди да држат и специјални помени и"национално патриотски"говори со кои се глорифицирала историјата на српската држава и српската црква, а исто така и самото создавање и улогата на државата СХС. На тој начин всушност на учениците се настојувало да им се всадуваат покрај религиозни и националистички преставии Слична улога на ефикасно средство на Српската православна црква во ~~спроведувањето~~ на идеите ~~на големосрбизмот~~ имале и црковните хорови кои главно биле формирани и работеле во поголемите градови - Скопје, Битола, и Куманово.

Владеачкиот големосрпски режим и давал големо значење на Српската православна црква во врска со нејзиното учество околу формирањето на разни културно-просветни и национално-патриотски друштва. Во таа смисла од страна на Министерството на верата и од Светиот архиериски синод на Српската православна црква биле упатувани разни писма и друг вид материјали до епископите,протојереите и околиските намесници на "Јужна Србија" да ги запознаваат своите потчинети свештеници, а покрај тоа и да ги активно вклучат преку разни средства и форми во соработка со административно-воените чиновници во "Јужна Србија" а особено со учителството во формирањето и работењето на разни "национално-културно-просветни друштва". Така на пример, во 1926 година тогашниот министер на верата Драгослав Обрадовиќ испратил едно циркуларно писмо до

претставниците на органите на власта и црквите во Македонија во кое на едно место во врска со задачите на свештениците покрај другото изричито се вели:

"Свештенството е должно да се грижи да го прифати народот и да му овозможи секакво културно движење и движење за јакнење на националната свест. И во таа работа некатој се спогоди и здружи со народните учители и општинските управи. Соколството и учиничките дружини како и јавните предавања корисни и поучни за народот и друго мора да бидат помогнати од свештениците.[38]

На крајот на писмото се препорачана и санкции за неисполнување на споменатите должности од страна на свештениците. Имено, одкако најпрво им се обрнува внимание на духовните власти на "Јужна Србија" да најодговорно водат сметка за тоа, изричито се потенцира дека тие власти треба да ги опоменуваат и казнуваат оние кои не ги исполнувале задачите на тој план како и неморалните свештеници и тоа со најстроги казни.[39] Како најстрога казна се сметало отпуштање од свештеничката должност. Таквите задачи на свештениците постоеле уште од порано. Но по ова писмо на тој план започнало да се работи позасилено од страна на црковните власти. Не бил редок случајот кога епископите и протојереите воМакедонија земале непосредна акција околу формирање на разни културно-просветни друштва. Така на примерСкопскиот митрополит Варнава бил многу заинтересиран несамо за нивното формирање, туку и за нивната активност. За таа цел тој во секоја прилика не само

што ги морално помагал, ами и материјално.[40] Покрај другите тој ги помогнал лично друштвата Свети Сава, Књегиња Љубица, Књегиња Зорка и други во Скопје. Протата Божидар Николиќ, претседател на Скопскиот духовен суд при основачкото собрание на друштвото "Књегиња Љубица" одржал јавно предавање за историјата на тоа друштво и истовремено ~~[illegible]~~ ја потенцирал неговата "потреба" за народот од "Јужна Србија".[41] И не само тоа. Свештениците, особено оние на повисоките раководни ~~духовни~~ црковни органи биле задолжени при основањето или при прославата на нивните годишнини не само да присуствуваат, ами и да одржуваат значајни "патриотски" говори. Исто така редовна била појавата во секоја управа на културно-просветните друштва да членуваат и свештеници - епископи, протојереи, околиски наместници па и повидни парохиски свештеници.

Српската православна црква во "Јужна Србија" основала и свои посебни културно-просветни друштва или заедници. Тие, покрај верската улога, односно покрај ширењето на ~~[illegible]~~ православната свест имале и специфични задачи спрема македонскиот народ. Имено, преку нив се настојувало да се шири српската национална свест меѓу Македонците, а особено кај младото поколение, а исто така и кај него да се влијае на полето на "средувањето" на политичките прилики. Таква христијанска заедница била формирана уште во 1919 година во "Јужна Србија" под име "Хришћанска заједница младих људи".

Во неа членувале главно Македонци-ученици и нешто студенти. Оваа заедница покажала нешто поголема активност во Скопје додека во другите места не дошло дури до организационо оформување. Нејзината идеолошко-политичка ориентација имала и националистички корен. Тоа впрочем може да се види и од фактот што при сместувањето на сиромашните студенти во нејзиниот дом во Скопје, покрај некои општи услови за нив барала да бидат "морално и национално исправни".[42/]

Слична морално религиозна но и националистичка дејност развила и Православното црковно просветно братство на Скопската епархија што било формирано во 1924 година. Во неговите правила покрај другото било забележано дека цел на друштвото било ставено и тоа дека истото "ќе се грижи и за подигање на споменици на загинатите и умрените архиереј и свештеници и останатите побожни христијани од Епархијата скопска кои се жртвувале за својата вера и народност!"[43/]

~~Во периодот од 1922 до 1934 година во Скопје излегув~~

Националистичката улога на Српската православна црква во Македонија дошло до израз и преку нејзината публицистичка дејност.

Во периодот од 1921 до 1934 година во Скопје излегувало списанието "Црква и живот". Тоа најпрво излегувало како орган на Скопската митрополија во сопственост на протата Велимир Антониевиќ, а во уредништво на протата Божидар Николиќ. Во 1924 година и списанието поминува како орган на

Православното црковно просветно друштво на Скопската митрополија, во сопственииштво и уредништво на споменатиот Божидар Николиќ. Во 1927 година ова списание го уредувал Бранислав Ѓурѓевиќ, а од петтиот број истата година протојерејот Михајло Пешиќ.

Списанието излегувало еднаш во два месеца а неговата редакција го декларирало како религиозно-популарно списание. Тоа навистина имало и таков карактер. Меѓутоа, потребно е да го истакнеме и фактот дека истото списание развивал и извесна националистичка идеологија. Таа впрочем била потенцирана уште во уводната реч на редакцијата во бројот 1-2, каде покрај неговата задача на линија на религиозно моралното воспитување на свештенички и други лица се вели дека списанието ќе третира и прашања од областа на должностите на свештениците спрема Српската православна црква и спрема својата татковина.[44] Националистичките идеи се манифестирале преку статии и друг вид прилози скоро во секој број на списанието. Така на пример, во првата година од неговото излегување, што вкупно излегле 10 свески биле отпечатени 12 статии и прилози со изричит националистички карактер. Вистина во следните броеви тој соодност нешто се смалил но сепак списанието и понатаму имало таква идеолошко-политичка тенденција.[45]

Покасно, во периодот 1935-1941 година излегувало нов религиозно филозофско списание "Хришќанско дело" кое го издавало Скопската митрополија, а било наменето за свештениците и народот. Тој излегувал под иницијатива на Скопскиот

митрополит Јосиф, а како орган на книжевната задруга на свештениците од "Јужна Србија". 46/ Неговата редакција го декларирала како списание "за христијанска култура и црковен живот." Излегувал еднаш во месецот а во него се печателе главно статии со верско-морален карктер, Но, исто така во него се публикувани и доста статии и друг вид прилози од историски и етнографски карактер во кои се содржале и националистички елемнти. Таков карактер имале покрај другите и ови е статии: 1. Мирко Јовановиќ - Наша црква, свеска 2, год. I.; 2. Велимир Т. Арсиќ Духовни основи Светосавске прославе и наше време, год.II,свеска 1,2.; 3. Д-р Миленко С. Филиповић - Култ Стевана Дечанског на Овчем Пољу, год.III, свеска 3.; 4. Делимир Лазаревић - Утицај цркве и црквено-словенског језика на развитак дијалеката у Јужној Србији, год. IV, свеска1 ; 5. А. Јовановић - Из борбе за обнови наших школа под Турцима, год. , свеска IV.

Државните власти преку Министерството за внатрешни работи а особено преку Министерството за просвета често пати го повикувале свештенството да земе активно учество во отварањето и работењето на библиотеките и читалиштата, посебно во селата и помалите градски населби. Тоа навистина била еден вид обврска за сето православно свештенство во цела Југославија , но сепак таа обврска за свештенството во "Јужна Србија" имала и специфичен карактер. Парохиското свештенство често пати било специјално упатувано од страна на своите владици, протојереи и околиски намесници да се поврзуваат со мес-

ните библиотеки и читалишта, потоа да учествуваат како ментори во уредувањето на извесни литературни читања и конференции чии содржини имале извесен националистички каректер. И не само тоа. Тие често пати требало да се кандидираат за председатели на споменатите библиотеки и читалишта а исто така заедно со учителите биле приморувани да организираат "доброволни" акции за собирање и купување на книги за читалиштата и библиотеките. При тоа посебно внимание се обрнувало на оние книги кои имале елементи на националистички карактер.

Денационализаторската политика на Српската православна црква во Македонија доагала до израз и во врска со присвојувањето на разните културни вредности на македонскиот народ како српски и со"пренесувањето" на дел од црковно-културната заоставштина на Македонија во Србија односно Белград.

Во Скопје, во 1937 година, бил отворен Православни црковни музеј на "Јужна Србија" во просториите на црквата "Света Мина." Во него главно биле изложени разни икони и фрески, потоа модели од фрески и икони од манастирите и црквите во Македонија, Косово и Јужна Србија, а кои биле прикажани како културно-историски вредности на "српскиот народ" од "Јужна Србија".47/

Нема сомнение дека преку посетите на овој Музеј се настојувало мегу младите поколенија - ученици и студенти , а исто така и кај широките народни маси да

се шири српската национална свест и чувство. Дел , пак , од културно-историските вредности што не биле изложени во Музејот, за време на целиот период мегу двете светски војни бил "подаруван" на разни културни институции /библиотеки и музеи/ во Белград. Така например се тврди дека владиката Јосиф "подарил" на Народната библиотека во Белград известен број на стари ракописи од манастирот Трескавец и Лесновскиот манстир, а охридско-битолскиот владика Николај Велимировик однесол од охридската црква доста вредности.48/ Сето ова се правело со цел да се запознае југословенската и светската општествeност и научна јавност со културно-историските вредности на "српскиот" народ од "Јужна Србија" со однапред определена политичка тенденција.

Фусноти за глава V

СПЕЦИФИЧНОСТИТЕ НА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА СРПСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

1. Шизмата на Бугарската православна црква била симната дури во 1945 година.

2. Доне Илиевски - Автокефалноста на Македонската православна црква , Скопје, 1972, стр.102, 105.

3. Необработени архивски материјали, фасц. 1/1919 година, фонд - МП,АЈ,Бгд.

4. Исто, фасц. 2,3,4.

5. Исто. Види и во цит. книга на Д. Илиевски - стр. 103.

6. Исто, стр. 104.

7. Исто.

8. Исто, стр. 107.

9. На предлог на српскиот епископ д-р Николај Велимировиќ, а со цел да се задуши секаква трага од потсетување на Македонците за некогашното постоење на афтокефалноста на Охридската архиепископија, Охридската епархија била припоена кон Битолската и така постанала Битолско-охридската епископија со седиште во Битола.

10. Службени извештај Светог архиериског синода, сп."Црква и живот", бр. 9-10,Скопље, стр.322.

11. Акт Пов. бр.1622/26.IX.1923 година , единица - Црковно питање на левој обали Вардара, фасц.224, фонд - MB AJ, Бгд.

12. Акт Пов. бр. 257/1о.IX.1923 година, ед.- Црковно питање на левој обали Вардара, фасц. 224, фонд - Министерство на верата /МВ/, АЈ, Бгд.

13. В. "Стра Србија", бр.1/1921 година.

14. Исто.

15. Акт Пов. бр.132/26.IX.1927 година, ед.161, фасц.62, фонд- МП, АЈ, Бгд.

16. Варнава Росиќ е роден во Пљевља, 1880 година. Бил замонашен во Русија. Во 1910 година е поставен за хороепископ а потоа за епископ во Велешко-Дебарската епархија. Во 1920 година постанал епископ на Скопската митрополија а во 1930 година бил избран за патријарх на Српската православна црква. Умира во Белград, во 1938 година, на истата функција.

17. Акт Е. бр. 498/22.X.1918 година, фасц. 1/1919 година, фонд - МВ, православно одделение, АЈ, Бгд.

18. Сп. "Црква и живот", Службени део, бр. 1-2/1921 година, Скопље, стр.5-6.

19. Исто.

20. Д. Илиевски - цит, книга, стр. 105.

21. Акт Пов. В. бр. 8292/1.V.1924 година, ед.+Црковно питање на левој обали Вардара, фонд - МВ, православно одделение, АЈ, Бгд.

22. Акт Пов. бр. 76/20.VI.1923 година, ед.51,фасц.22, фонд - МВ, православно одделение, АЈ, Бгд.

23. Акт Пов.бр. 3425/23IXI.1923 година, ед.-Црковно питање на левој обали Вардара , фасц. 224, фонд- МВ, православно оделение, АЈ?, Бгд.

24. Акт Пов,В. бр. xxx 287/31. VIII. 1926 година, ед.- Црковно питање на левој обали Вардара, фасц. 224, фонд - Министреството на Верата, православно одделение, АЈ, Бгд.

25. Акт Пов. бр. 13/21.II.1928 година, фонд - Скопска митрополија, ед.- Поверлива архива на скопскиот митрополит Варнава, Недообработени архивски материјали, АМ, Скопје.

26. Акт бр. 88/12.IV.1928 година, фонд - Скопска митрополија, к.65, АМ, Недообработени архивски материјали, Скопје.

27. Акт Пов. бр,64/9.III.1928 година, ед.- Црковно питање на левој обали Вардара, фасц.224, фонд - МВ, православно одделение, АЈ, Бгд.

28. Акт Пов. Ј. бр.287/31 август 1926 година , фонд - МВ, православно одделение, АЈ, Бгд.

29. Акт Пов. Ј. бр. 861/ 31 август 1926 година, ед.- Црковно питање на левој обали Вардара, фасц.224, фонд- МВ, православно одделение, АЈ, Бгд.

30. Во таа смисла Министерството на верата односно неговото православно одделение испратило хитен акт до скопскиот митрополи Варнава и другите три епископи во Македонија да веднаш испратат список на оние свештеници кои во "национална" и државна смисла биле исправни. /Акт Пов. бр.257/20.IX.1923 година, фонд – МВ, на православно одделение, AJ, Бгд./

31. Акт В.Бр.8292/1.V.1924 година, ед.– Црковно питање на левој обали Вардара , фасц.224, фонд – МВ, православно одделение AJ, Бгд.

32. Исто.

32а. Исто.

33. ~~Акт Пов. бр. 1121/21.VIII.1927 година, ед.~~ Битолска богословија, в. "Вардар",13.IV.1933 година.

34. Акт Пов. бр. 3025/X.1924 година, ед.– Црковно питање на левој обали Вардара, фонд– МВ, AJ, Бгд.

35. Акт бр. 754/30.I.1920, фонд– МВ, Фасц. 9, AJ, Бгд.

35а/ B. Stojsavljević – Seljaštvo Jugoslavije, 1918-1941, Zgb , 1952 , стр. 38.

36. Акт Пов. бр. 81/4.IV.1928 година , ед. –Црковно питање на левој обали Вардара, фасц. 224, фонд – МВ, AJ, Бгд.

37. Акт Пов. бр. 18/7.IV.1928 година, ед.– Црковно питање на левој обали Вардара, фасц. 224, фонд – Министерство на верата, AJ, Бгд.

38. Акт Пов. К. бр. 132/22.XII.1927 година.

39. Исто.

40. Сп. "Црква и живот", бр.3-4, стр.73.

41. Цит. списание, бр.1-2 и 3-4.

42. Акт бр. 17/30.XI.1921, к.2, Ед.- Акти 1920-25, фонд - ФФ, АМ, Скопје.

Организацијата на христијанската заедница во Југославија се појавува непосредно по Првата светска војна со цел да врши верско - морална пропаганда кај кај православното население. Во "Јужна Србија" добила и посебни задачи, како што веке спомнавме . Највисок степен на организираност покажала во рамките на Скопската митрополија во текот на 20-тите години, а под председателство на д-р Радослав Грујиќ, тогашен председател на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во текот на истиот овој период во Охрид постоела и делувало Просветното братство "Свети Климент" под раководство и иницијатива на епископот д-р Николај Велимировиќ. И во дејноста на ова братство се забележливи елементите на денационализаторски побуди. Истото братство се задржало се до 1935 година кога охридско-битолскиот епископ д-р Николај Велимировиќ бил поставен за епискпо во Жичката епархија.

43. Правила Православног црковно-просветног братства Епархија скопљанске, к.1, фонд - Црковно-просветно православно братство на Скопската епархија, АМ, Скопје.

44. Сп. "Црква и живот", бр. 1-2/1922, стр. 2.

45. Само во првиот број на цит. списание биле публикувани 4 статии со денационализаторски побуди и тоа: 1. Варнава- Свети Сава, реч просветним радницима, Радослав Грујић-Носиоци и расадници прве српске цивилизације, 3. Томо Смиљанић - Брадина - Борба за народност и Прота Б. Н. - Беседа о Свети Саве.

46. Книжевната задруга на свештенството од "Јужна Србија" била оснивана во 1935 во Скопје. /Фонд - Книжевна задруга на свештениците , к.1, АМ, Скопје./

47. Црквата Свети Мина била уништена за време на II светска војна.

48. Доне Илиевски - Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1972, стр. 106.

# З А К Л У Ч О Ц И

Уште во текот на излагањето се обидувавме, во врска со обработувањето на поодделни прашања, да даваме и одредени заклучни констатации. Некои од нив ги иницирвме уште во уводната глава. Но, сепак, сметаме дека е потребно на крајот да дадеме неколку општи заклучни констатации со тоа што некои од нив ќе претставуваат и еден вид кратко резиме на целокупното излагање.

- Воспоставувањето и спроведувањето на политиката на кралството СХС, односно Југославија спрема македонскиот народ во Вардарска Македонија претставувало суштност продолжување на онаа политика спрема Македонија и македонскиот народ што кнежеството Србија ја започнало да ја води уште во средината на XIX-от век и ја спроведувало континуирано ~~потоа~~ и кралството Србија во крајот на XIX-от и почетокот на XX-от век, во интерес на тогашната млада и полетна ~~срби~~ српска буржоазија. Велиме дека таа претставува продолжување, бидејќи српската буржоазија во новата држава - кралството на СХС, односно Југославија имаше обезбедено хегемонистичка положба, иако била економски позаостаната од хрватската и словеначката буржоазија. Тоа го постигнала со помош на монархијата искористувајќи ја притоа воената победа за време на Првата светска војна.

Таа успеаала фактички да ги заземе сите одлучни и командни позиции во новата држава уште во текот на 1918/19 година. Покасно оваа своја положба ја санкционирала со освојувањето на Видовденскиот устав и со воведувањето на режимот на Шестојануарската диктатура на кој начин што си обезбедила централистичко устројство на државната власт. Вистина, поради изменетите општествено-политички услови односно поради протерувањето на турската власт и воспоставувањето на српската власт во Вардарска Македонија, споменатата политика се водела и со доста нови методи и средства, меѓутоа нивната суштина и цел останале исти поради што и навистина таа преставува континуирано продолжување на политикта на кралството Србија спрема Македонија и македонскиот народ од крајот на XIX и почетокот на XX век.

- Политиката на кралството СХС односно Југославија спрема македонскиот народ, како и онаа од времето на кралството Србија до 1919 година, се базирала врз "историските" права на "српскиот народ" од Македонија. Имено, српската монархија и бружоазија, со прокламираната и спроведуваната политика настојувала да ја оживи српската средновековна држава од времето на Немањичката династија, а посебно од времето на цар Душан, кога цела Македонија се наоѓала под српска власт. Тоа било всушност практичен обид за остварување на мегаломанските планови на националистичките кругови во Србија и чии

основи биле поставени, како рековме, далеку порано.

- Културно-просветната политика на Кралството на СХС, односно Југославија била подредена на целите на општата нејзина буржоаска политика. Скоро секој акт илимерка што ги донесувале или пак средствата и методите што ги применувале носителите на таа политика - кралот, Министерскиот совет, Министерството на просветата и некои други државни органи кои непосредно или посредно влијаеле на тој план, имале, во крајна смисла на зборот денационализаторски карактер. Тоа значи дека меѓуним основната и најглавната цел на културно-просветната политика на стара Југославија спрема македонскиот народ била извршување на асимилација на македонскиот народ.

Денационализаторската улога на оваа политика се изразувала преку дејноста на многубројни и разновидни културно-просветни установи, организации и друштва. Училиштата секако претставувале најзначајни средишта и најважно средство на оваа политика. Тие, имено требало да бидат производители на најдобри "Срби". Но, кога владеачкиот режим се уверил дека училиштата не ја постигнуваат оваа определена цел, истите започнале да ги укинуваат повеќе гимназии и нижи гимназии. Со оваа мерка од 1929 година владеачките кругови на Југославија всушност успеаја да го и понатаму задржуваат нискиот степен на општествено-економскиот развој, бидејќи неколку години по споменатата во Македонија не се создавало млади ~~стручни~~ кадри.

- Нема сомнение дека денационализаторскиот карактер на културно-просветната политика на стара Југославија спрема македонскиот народ пред се е последица на фактот што нејзините владеачки кругови - големосрската буржоазија и опортунистичките елементи на хрватската , словенечката и муслиманската буржоазија ја сметаа и третираа Македонија за едно од најзначајните прашања на нивната владеачка полтика од која зависела судбината и силата на новата држава. Накусо речено, тие иако формално не ги признавале, сепак фактички признавале дека Македонците не се Срби , а според тоа и дека Македонија не е српска земја. За да можело Македонија да биде српска земја, требало Македонците да се денационализираат. Тоа значело дека тие требало да се национално-културно отуѓат односно да се посрбат. Имено, за да можеле споменатите владеачки кругови да си ја обезбедат својата власт во Македонија, а потоа истата да ја направат интегрален дел на новата буржоаска држава, било потребно Македонија по нејзиното физичко освојување за време на војните од 1912/1913 и 1917/1918 година и национално да се освои. Тоа впрочем е истакнато во повеке документи на највисоките државни,просветни и црковни органи , што некои од нив ги анализиравме во втората и петтата глава на овој труд

Со цел навистина Македонија да се национално освои во интерес на големосрпскиот национализам, од страна на владеачкиот режим, во текот на целиот период мегу двете светск војни била преземана позасилена културно-просветна акција. Име

но, се организорала и спроведувала една широка националисти-чка културно-просветна ~~акција~~ дејност од пошироки размери. Во нејзината реализација биле ангажирани не само учителите и свештениците, ами и сето чиновништво потоа лекарите, судиите, офицерите и други. Поради тоа на сите нив им се давало статус на "национални пионери" и "национални радници" во "Јужна Србија". Тие биле задолжувани да формираат и да ја поттикнуваат дејноста на разни културно-просветни, "патриотско-хумани" и "национално-витешки" друштва и организации - соколски, пеачки, музички, театарско-дилетански, спортски и други. Покрај другото, скоро сите тие имале главно за цел да ја разбудуваат и шират српската национална свест и култура во "Јужна Србија". Требало всушност преку нивната дејност да се овозможи елиминирање на сите елементи што Македонците ги правело Македонци во национална смисла, што Македонија ја правело посебна етнографска целина. Тие, имено, требало да дадат свој прилог Македонците да се претопат во Јужносрбијанци, односно Југословени, а Македонија во Јужна Србија.

Основањето и дејноста на овие многубројни и разновидни културно-просветни друштва и организации било мотивирано божем со потребата од културно-просветното издигнување на заостанатото население во Македонија и дека ќе вршат божем национално-просветна и патриотско-хумана мисија над тоа население, бидејќи поради долгугодишното ропство под турско-османлиската држава навистина заостанало во својот општест

но-економски и културен развиток. Но , наместо преку овие средства на културно-просветната политика да се остваруваат пред се општо-просветни и кутурни цели односно да се сестрано помага развојот на широката просвета, потоа да се дава подршка на општо-културното и уметничкото творештво како и пошироко да се вклучуваат широките народни маси во општите културно-просветни тековини во сообразност со тогашните општествено-економски услови и нивните потреби, нивната основна ориентација била свртена кон исполнување на одредена идеолошко-политичка цел. Денационализаторските побуди преставувале основа и суштина за нивното формирање и дејност што преставувале извесна кочница врз националниот развој на македонскиот народ.

- Доста видна улога на планот на денационализаторската политика требало да одиграат и средствта на научната политика. Иемно, Филозофскиот факултет, Скопското научно друштво и другите научно-културни институции и друштва требало да бидат расадници во ширењето на српската национална мисла во Македонија бидејки нивната првостепена поставена цел и задача била да оформуваат високошколски наставен кадар кој би можел успешно да ја шири српската национална просвета мегу младото македонско поколение односно "научно" да ја обработуваат историјата , етнографијата и културното наследство на Македонија во интерес на националистичката теза на големосрбската буржоазија и маонархијата. Така, наместо науката да

Мегутоа, и покрај, оваа главна и основна задача и улога, културната политика на стара Југославија спрема македонскиот народ имала поставено и општо просветно-културни цели Но овие цели повекето и главно служеле како повод за преземање на поодделни мерки и средства, а никако како суштински елемент, бидејки истите биле поставени на заден план, односно по денационализаторските и стратешките цели и задачи. Тока е тоа точно ни сведочи пред се фактот што споменатата политика на стара Југославија спрема македонскиот народ имала далеку повеке негативни последици во однос на неговиот културен развиток отколку позитивните резултати. Но, сепак, треба да го потврдиме и фактот што таа политика има и извесни позитивни резултати.

Позитивните резултати се постигнати главно во областа на општонародното просветување, преку појавата и развитокот на институциите на народните универзитети, отварањето на читалиштата и библиотеките, вечерните семинари и курсеви за возрасното население, потоа преку појавата и дејноста на многубројните пеачки и музички друштва, музички училишта, разни дилетанско-театарски групи, Скопското професионално народно позориште и други друштва и институции во областа на уметноста и народната просвета.

Преку формирањето и дејноста на овие културно-просветни друштва се овозможувало не само што поширок круг на луге да се запознаваат со општите културно-просветни тековини, туку на известен начин, во објективна смисла на зборот, да се ра-

појавуваат и услови за развој на културно-уметничкото творештво во Македонија. Со тоа се допринесувало македонскиот народ да се вклопува на извесен начин во општите културно-просветни тековини на југословенските и другите народи во светот. Паралелно со тоа се создавале и извесни услови, наспротив на желбите на режимските луге, да започнува и позасилено да се афирмира македонското национално творештво во областа на културата и уметноста воопшто.

- Доста видна улога на планот на денационализаторската политика спрема македонскиот народ играле и средствата на научната политика на буржоаскиот режим на стара Југославија. Имено, Филозофскиот факултет, Скопското научно друштво и другите научно-културни институции и друштва требало да бидат расадници во ширењето на српската национална мисла во Македонија бидејки нивната првостепено поставена цел и задачи биле да оформуваат високошколски наставен кадар кој би бил успешно подготвен да ја распространува српската национална просвета меѓу младото македонско поколение по училиштата и вон нив односно"научно" да ја обработуваат историјата, етнографијата и културното наследство на Македонија во интерес на националистичката теза на големосрпската буржоазија и Караѓорѓевичката династија. Така,наместо науката да биде ориентирана

биде ориентирана кон едно објективно истражување и проучување, таа била насочувана кон исполнување на определена идеолошко-политичка тенденција - да влијае позитивно во спроведувањето на денационализаторската политика спрема македонскиот народ. Таа навистина играла таква улога, што впрочем истото го истакнавме во третата глава на овој труд.

Но , тука треба исто така да го истакнеме и фактот што на Филозофскиот факултет и на Скопското научно друштво работеле односно членувале професори и научни работници кои дале свои значаен позитивен прилог не само во упатувањето на студентите во собирањето и истражувањето на фактографски материјал од историјата, етнографијата , фолклорот, културното наследство и географијата на Македонија, ами и во создавање на извесна научна и методолошка основа за обработување на прашања од споменатите области. Имено ; во периодот меѓу двете светски војни не само што биле исфрлени неколку генерации на високообразовани кадри туку и оквалификуван и извесен научен подмладок.

- Денационализаторскиот карктер на културно-просветната политика на кралството СХС односно Југославија спрема македонскиот народ доаѓало до виден израз и преку остварувањето на улогата на јавниот информативно-политички печат како и воопшто издавачката дејност чиј предмет на третирање била историското минато и културното наследство на Македонија и нејзината тогашна политичка стварност.

Спомнатиов печат пред се бил ставен во служба на владечакиот режим, кој паралелно со водењето на буржоаската политика во целата земја, во Македонија ја прокламирал и спроведувал политиката на денационализација на македонскиот народ која истотака била нејзин составен дел и нејзина основна карактеристика. И не случајно весниците и списанијата , не само што се печателе на српски јазик, ами и сите редакции на тие јавни гласила настојувале што повеќе да го изразуваат српскиот национализам воопшто.

Според степенот на учеството во изразувањето на големосрпската националистичка идеологија јавните гласила од периодот меѓу двете светски војни што се печателе во Вардарска Македонија можеме да ги поделеиме главно во две категории. Во првата спагаат оние весници и списанија кои паралелно со општо-просветно-информативната функција вршеле и значајна денационализаторска мисија, а во втората, оние кои пред се и скоро изрично вршеле само националистичка мисија. Весниците и списанијата од последната категорија имале главно елементи од чисто националистичко-пропаганден карактер.

Јавно-информативниот печат што излегувал во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни имал и други специфични карактеристика. Секако, какко втора можеме да ја сметаме онаа што некои од тие весници излегувале уште во периодот на турското владеење во Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век. На тој начин тие одржувале извесен континуитет на политикта на Кралството Србија со буржоаската поли

тика на стара Југославија спрема македонскиот народ бидејки и во двата случаеви тие играле улога на денационализаторски фактор спрема Македонците.

Иако трета специфична карактеристика на јавно информативниот политички печат во Вардарска Македонија било тоа што скоро ниеден весник што излегувал во периодот мегу двете светски војни не се задржувал повеке од 5 години. Тоа покажува дека тие немале подршка од населението во "Јужна Србија" бидејки биле главно органи на тогашните граѓанско-политички партии односно режимските странки, иако како истакнавме во третата глава на овој труд редакциите на тие весници редовно ги декларирале дека не припагаат на ниедна политичка партија. Во суштина, секогаш оние јавни гласила што не биле забранети од владеачкиот режим, ги изразувале интересите на буржоазијата, што, пак, впрочем е и општа карактеристика на целокупниот јавен информативно-политички печат во стара Југославија.

Според последната карактеристика јасно произлегува дека во стара Југославија, а со тоа и во "Јужна Србија" не постоела слобода на печатот. Имено, иако со законскиот акт од 6. август 1926 година и неговите измени и дополненија од 1929 година било декларирано дека печатот е слободен, тој во суштина не бил таков. Тоа пред се се гледа и од фактот што сите прогресивни весници што објективно ја информирале јавност за тогашните актуелни прашања, а особено оние низ чии страници се афимирала македонската реч и македонската национална само-

битност биле не само цензуирани ами и веднаш забранети. Таков бил случај со скоро сите прогресивни весници што излегувале во Вардараска Македонија .

- Црквата во стара Југославија имала повластена положба. Таквата положба особено видливо била изразена на Српската православна црква во Македонија . Таа, имено, покрај вршењето на верската улога и другиот вид дејност на планот на заштитата на државните и класно-буржоаските интереси, во Македонија имала и специфична улога на планот на остварувањето на денационализаторските и стратешките цели на општата политика на кралството СХС односно Југославија спрема македонскиот народ. Таквата улога се изразувала преку нејзината национално-патриотска и културно-просветна мисија во интерес на српската кауза. Тоа може да се потврди пред се со фактот што на најважните црковни функции биле поставувани Срби, кои на тој план се истакнале уште во минатото. Тоа биле главно митрополитите, епископите, потоа протојереите и намесниците и председателите на црковните судови односно епархиските совети па и поголемиот дел од парохиското свештенство во градските цркви.

Нема сомнение дека црквата со ваквата своја положба во Македонија имала улога на еден вид специфичен орган со елементи на државен фактор. Тоа е последица пред се и на фактот што Српската православна играла скоро иста денационализаторска улога (имала) и во периодот од крајот на XIX и почетокот на XX век, како едно од најважните средства во политиката на кралството Србија спрема македонскиот народ и Македонија.

- Преку формирањето и дејноста на извесни културно-просветни друштва , установи и организации се изразувале и други цели на владеачките кругови на стара Југославија. Тоа се пред се стратешките. Имено, Вардараска Македонија преставувала значајна стратешка важност за безбедноста на Кралството СХС односно Југославија . Нејзините владеачки кругови , поучени од искуството на настаните во 1915 година, кога дошло до таканаречената Валандовска афера, односно кога дошло до судрувањето помегу комитските чети на Тодор Александровата и Протугеровата "автономистичка" ВМРО и српските воени и жандармериски единици од Гевгелиско-валандовското подрачје на територијата помегу Валандово и Селото Удово, Валандовско како и од долгугодишните уфрлувања на комитски чети од Бугарија во Македонија, па и воопшто од сознанието дека Македонија не е права српска земја и дека Моравско-Вардарската долина е рбетна оска на Југославија, настојувале за време на целиот период мегу двете светски војни на секој начин да ги сузбиваат сите ~~ахххххх~~ вакви и слични акции со кои се загрозувала безбедноста на "Јужна Србија" од гледиштето на српската кауза па и воопшто.

Нема сомненение ~~хд~~ека на овој план со своите акции и методи дале свој прилог и културно-просветните ~~хххххх~~ органи и институции. Таквата национално-патриотска задача овие органи ја спроведувале како самостојно така и по налог и согласност на Министерството на внатершните работи, особено преку

одделението за јавна безбедност. Имено, преку овој орган , Министерството на просветата, обласните инспектори и околиските надзорници па и околиските началници често пати спроведувале такви културно-просветни акции и методи со кои се настојувало покрај реализацијата на целите на денационализаторската политика да се заштитуваат и државните интереси на Кралството СХС односно Југославија која не само што била главно творевина на српската монархија и буржоазија туку последната со опортунистичките елемнти на хрватската и словеначката буржоазија имала хегемонистичка положба. Инаку, општо познато е дека , скоро за време на целиот период мегу двете светски војни во Македонија, поради спроведувањето на политиката на економско ограбување, стопанска дискриминација и национално-политичко потиснување од страна на владеачкиот режим на стара Југославија, како и поради политиката на двоен терор што настанал по навлегувањето на вооружени чети од Бугарија, политичките прилики биле воопшто несредени и несносни.

Остварувањето на стратегиските цели односно давањето прилог во "консолидацијата" на политичките прилики во "Јужна Србија" а со тоа и заштита и одбрана на државните интереси на Кралството СХС, се вршело преку носителите и спроводниците на културно-просветната политика спрема македонскиот народ, која како рековме имала пред се денационализаторски карактер. Тоа значи дека овие две цели - стратегиските и денационализаторските се мегусебно обусловени и поврзани. Мегутоа, често пати биле превземани и мерки кои имале претежно стратешко значење, како например дејноста на организацијата Народна одбрана, здруженијата на четниците, поставувањето на резервни офицери за учители во Вардарска Македонија и слично.

- Иако во 1913, односно 1919 година македонскиот народ бил поделен, а со тоа и обезбедени далеку подобри услови за одвивање на денационализаторската политика спрема македонскиот народ отколку за време на постоењето на Отоманската империја во крајот на XIX-от и почетокот на XX-от век, сите денационализаторски мерки и потфати како на кралството на ~~СИИ~~ СХС, односно Југославија така и на Грција и Бугарија, останале само во сферата на обид, бидејќи македонскиот народ во периодот помеѓу двете светски војни не само што не бил денационализиран и асимилиран како и во периодот во втората половина на XIX-ти и почетокот на XX-от век, туку насебе си обезбедувал и пат кон понатамошна национално созревање. Имено, место борбата против дотогашниот отоманско-апсолутистичкиот режим, македонскиот народ ја започнал борбата против други сили и фактори кои исто така имале антимакедонски карактер, и тоа скоро одма непосредно, па дури и уште пред престанокот на воените операции на македонското боиште.

Со појавувањето и развивањето на овој отпор започнал всушност да се раѓа ~~изникнато~~ новото македонско борбено движење кое било вперено не само против оние сили и фактори кои му овозможувале санкционирање на делбата на Македонија, туку и директно против оние кои ја воделе политиката на национално-обезличување на Македонија и македонскиот народ. Оваа борба против политиката на балканските монархии и буржоазии, која македонскиот народ ја водел целиот период помеѓу двете светски војни, вистина не секогаш со ист интензитет и степен на

организираност, претставувала многу значаен фактор во завршниот процес на обособувањето на македонската нација.

Споменатата борба на македонскиот народ била обусловена од истите или сличните фактори и причини како и кај сите оние нации кои се наоѓале во услови на политика на национална негација и обесправеност. Во услови на таквата политика македонскиот народ имено не можел да го развива слободно своето материјално и духовно богатство, односно, тој не можел оптимално да ги развива своите творечки национални /материјални и духовни/ снаги. Накратко речено, македонскиот народ не можел да го задоволи, во услови на водењето на таква политика, својот објективен национален интерес кој претставувал животно судбински фактор, односно суштински елемент за слободниот развиток на македонската нација.

Објективниот национален интерес на македонскиот народ, како и кај сите други нации во класична смисла на зборот, се изразувал низ развитокот на неговото движење на економски, политички и културен план. Нас овдека не интересира само последното прашање. Имено, на културен план националниот интерес на македонскиот народ се изразувал низ неговите стремежи да го својот народен јазик подигне на степен на литературен како и тоа да си овозможи услови за негување на својата национална култура воопшто, односно да може слободно да ја развива својата македонска култура.

Општо познато е дека јазикот како и културата во поширока и потесна смисла на зборот, претставуваат еден од елементите на нацијата, иако тие не се општествено-историски и социјални-економски основи на нацијата. Јазикот е појава на секоја национална култура, на секој народ, било он голем или мал. Тој што дејствува во националниот живот на развитокот на културата,но истовремено неја неа и ја изразува. Македонскиот народ имал со векови свој жив народен и говорен јазик како и своја народна, односно национална македонска култура како еден дел од општочовечката култура. Меѓутоа, тој јазик поради одредени општествено-историски и политички односи кои биле наметнати над македонскиот народ не можел така лесно како кај другите народи да се оформи во литературен јазик, како што не можел и слободно да ја негува својата самобитна македонска култура. Затоа и борбата за зачувувањето на својот мајчин јазик како и борбата за неговото подигање на степен на литературен јазик и воопшто во негувањето на своето културно наследство претставувало составен дел на неговата општа борба за национално ослободување.

Спрема тоа, борбата која македонскиот народ ја започнал и развивал против денационализаторската и асимилаторската политика не само на југословенската буржоазија, туку и против бугарската и грчката во периодот помеѓу двете светски војни како на економски и политички план, така и на културен план во својата суштина претставувала борба за остварување правото

на национално самоопределување.

- Отпорот против денационализаторската улога на културно-просветната политика на стара Југославија се изразувал ~~и~~ низ најразновидни форми и средства.

Највидни изрази тој отпор се манифестирал во училиштата. Во многубројните документи - извештаи, циркуларни писма и друг вид материјали од информативно-политичка природа што потекнуваат ~~од органи~~ како од просветните органи така и од претставниците на воените органи, црквата и особено од органите на безбедноста, често е истакнувано како голем дел од месните учители во Македонија наставата ја изведувале на македонски јазик или на македонско наречје, односно на домашен јазик како најчесто стои во нив. Оваа појава е особено карактеристична во втората половина на 30-тите години кога започнала позасилената и далеку поорганизираната акција на национално-културната афирмација на македонската самобитност.

Извесни форми на отпор се јавувале и во врска со бојкотирањето на разни училишни и други видови свечености што ги организирале училишните, црковните или државните власти. Во текот на споменатите години се почеста била и појавата на преземање на раководствата на поодделни културно-просветни организации и друштва од страна на прогресивните лица, односно од симпатизерите и членовите на КПЈ. Преку таква една форма во многу пати се успевало да се измени карактерот на содржината на нивната дејност или пак споменатите друштва и организации биле ориентирани да служат во интерес на прогресивното

и работничкото движење.

Во текот на 30-тите години се појавиле и извесни форми на отпор против денационализаторската улога на јавно-информативниот печат. Имено, тогаш започнале да се појавуваат повеќе прогресивни весници со статии и друг вид прилози во кои се осудувала не само денационализаторската улога на печатот што бил во служба на владеачкиот режим, туку и се критикувала целокупната денационализаторска и терористичка политика на владеачките кругови спрема македонскиот народ. Појавата на тие прогресивни весници претставувало и една форма преку која се изразувала и манифестирала македонската национална самобитност бидејќи покрај другото во нив се објавени статии и друг вид прилози на македонски јазик.

Македонското национално прогресивно движење и во овој период како и во поранешниот ги црпел своите сили од својот национален, економско-социјален и културен потенцијал. Тоа се развивало низ тешките судари со многубројните внатрешни и надворешни антимакедонски снаги и фактори. Притоа, не само што не бил признаван, туку и привремено поразуван или пак поради споменатиот притисок паѓал и сам во извесни девијации им илузии, а ги менувал и непосредните облици на изразување. Меѓутоа, ова движење секогаш самиот на себе си отворувал пат за понатамошен развиток и никогаш не сосема престанувал нити пак бил уништуван. Сето тоа покажува дека ни една политичка сила не можела сама од себе

да го повторно роди и заснова македонското национално ослободително движење бидејќи тоа било условувано од самиот процес на понатамошното созревање на македонската нација,т.е. од ја јакнење на нејзините национални сили како и од неговиот активен настап на политичката позорница како осамостоена национална компактна и мобилна сила.

- Нема сомнение дека процесот на историското вообличување на македонската нација на македонската етничка територија во периодот меѓу двете светски војни, а посебно во текот на 30-тите години на XX-от век навлегол во својата завршна фаза. Имено, македонскиот народ ја носел со себе македонската национална свест уште од порано, но во овој период таа била подигната како општа народна идеа. Носител на тој завршен процес на националното ~~ослободување обосо~~ обособување на македонскиот народ не била македонската буржоазија бидејќи таа капитулирала пред хегемонистичките тенденции и акции на буржоазиите на трите владеачки држави во Македонија, ами друга општествено-политичка сила, работничката класа на македонскиот народ. Нејзините интереси и тенденции биле идентични со интересите и тенденциите на целиот македонски народ. Со тоа она не само што се појавило, туку и постепено се издигнувала како хегемон во борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот народ.

- Македонското национално прашање се наметнувало, вистина доста споро, но постепено и сигурно со силата на

своето постоење и присуство во политичкиот живот на земјите кои ја поделиле Македонија помеѓу себе, а посебно помеѓу прогресивните политички сили. Бидејќи македонското национално ослободително движење во текот на 30-тите години на XX-от век постанувал се посилен и поорганизиран како политичко движење, тоа и се посилно влијаело на револуционерната работничко и прогресивно движење во Југославија, Бугарија и Грција, да зазимаат и градат такви односи и ставови спрема македонското прашање со кои се повеќе се приближувале на линијата на марксистичката револуционерна теорија и практика. Меѓутоа, не треба да се апсолутизира ставот да само во колку јакнело македонското национално ослободително движење во толку и авангардите на работничката класа на Југославија, Бугарија и Грција ги менувале своите ставови во позитивна смисла, бидејќи не може да се порекне фактот дека сите три комунистички партии во текот на целиот период меѓу двете светски војни и сами еволуирале во однос на македонското национално прашање како во теоретски така и во практично-политички поглед сошто објективно допринесувале кон понатамошното јакнење на борбата на македонскиот народ за остварување правото на националното самоопределување. Нивната еволуција е особено евидентна во текот на 30-тите години на XX-от век, иако таа кај сите три комунистички партии немала ист степен на револуционерност, односно не била доследно револуционерна. Впрочем, општо познато е дека ни една политичка партија или воопшто политичко движење не зазема "правилен", револуционерен став

по некое актуелно прашање па дури ни тогаш кога за него се декларираат се "најправилни", револуционерни тези, туку дури тогаш кога после тоа и заедно со тоа се разработи и таква тактика со која почнува да се мобилизираат масите на тоа кон остварувањето на таа програма и истовремено да се вовлекуваат во практична борба за остварување на поставените цели.

- Комунистичката партија на Југославија стварно зазела револуционерен став по македонското прашање дури тогаш кога застанала на чело на национално-ослободителното движење на македонскиот народ и истовремено постанала негова идејно-политичка окосница и идејно-водечка сила. Таков "правилен" став завзела таа дури во револуционерните битки пред Втората светска војна, кои пак имал големо значење за остварување на националната и социјалната слобода на македонскиот народ за време на народно-ослободителната борба и револуцијата на народите на Југославија.

Спрема тоа Комунистичката партија на Југославија го третирала македонското национално прашање како [illegible] составен дел на социјалистичката револуција. Накратко речено, Комунистичката партија на Југославија на него му придавала доследно революционерно значење што се гледа од нејзиното доследно и активно припремање на широките народни маси за изведување на социјалистичката револуција, односно кога КПЈ застанала на чело на вооружената борба на сите народи на Југославија вклучувајќи ја тука борбата на македонскиот народ, против

фашистичките окупатори и домашните издајници. Во рамките на таа општа борба на сите народи на Југославија, македонскиот народ успеал да ја оствари својата национална и социјална слобода, [illegible]

~~ИХРХХХХХХХХХХД~~

# Р Е Г И С Т Е Р

## на користените изворни материјали и литература

страна : 262 - 280

1) За удружението и [illegible]
2) За [illegible] фир. на Св. Сава.
3. Список - [illegible]
4. Централни [illegible]
5. " Нови [illegible]
6. За учес. литерари [illegible]
7. За [illegible] странска
8. [illegible]
9. [illegible]
10. Фонд М. [illegible]
11. Фир 80
12. [illegible]
13. Изведување само до 4 [illegible]
14. [illegible]
15. Некои [illegible]
16) За [illegible]
17. [illegible]